БОРИС ШУМИНОСКИ

ЧУВАЈ ГО ЗБОРОТ

Скопје 2015

БОРИС ШУМИНОСКИ

ЧУВАЈ ГО ЗБОРОТ

Скопје, 2015

БИБЛИОТЕКА *АУРА*

Борис Шуминоски
ЧУВАЈ ГО ЗБОРОТ

Издавач
КНИГОИЗДАТЕЛСТВО „ФЕНИКС“
Скопје, ул. „Костурски херои“бр.35
Тел./факс 3246-193; 3246-216; 238-036

За издавачот:
Проф. д-р Христо Петревски, директор

Уредник:
Ана Петреска

Лектор:
Татјана Станковска

Дизајн на корица:
Јован Мазгански

Печати:
Печатница „ИРИС“

Скопје, 2015

Исписов, продукт на мојот восхит и немир,
им го посветувам на
мајка ми Таса и татко ми Дојчин,
зашто во приказните од книгиве
се содржани и нивните приказни,
како и на Блаже Конески, кој ми го позајми
насловот:

„Чувај го зборот добро врзан
како необучен коњ
што знае
да каса, да клоца, да мава
Чувај го!
Зашто
ако го пуштиш така
разоглавен по чаирине,
којзнае која луда глава
ќе посака
да го јава“.

Мајка ми пак, велеше:
„Навечер затвори ја вратата, наутро – устата“!

З Б О Р О Т

Големата креација започнува со Зборот. Тој е и Божја идеја и Божје дело, истовремено. Создавањето на Светот!

Пристапот „за да фати приказната за првичноста на зборот“ (Матеја Матевски), без оглед на различниот, индивидуален светоглед, низ времето прерасна во моќна метафора.

На почетокот – Блаже преку песна со „тих реч“ реши да нѝ каже. И мајка ми преку искуствениот императив: „Навечер затвори ја вратата, наутро – устата“! Секој по свое.

Зборот е темел и граѓа на величествениот свет на Поетиката. Тој е модар како бесконечноста и прозрачен како детска душа, кога има нешто големо и важно и мудро да каже; напати, дури и на она што секој го таи и од самиот себе, ќе му стане тесно и ќе посака да излезе, можеби му треба смерна молитва, тивка исповед, опрост, милосрсдие Божјо и човечко. После тој свет чин ќе се почувствува преродeн, нов, чист, ангел набесен. Тогаш зборот е здраво семе на плодна почва, ќе про’рти за род и пород, во „век и векови.“

Затоа: Чувај го зборот! Скап е.

Ако му дозволиш тој да загосподари со тебе, знае да биде голем натрапник, и да, тогаш ќе стане огледало на глупоста и скаредните науми. Секој збор што се истрчал пред мислата, неповратно отишол во ветрот, може со ветрот и да се врати со боклук што го насобрал низ стрништа, низ сметиштата, низ долиштата. И тогаш никој не ќе знае како да се одбрани од тој нечист напир што боцка в очи, ти го смаглува видот, ти го скусува воздухот; како ли да ја примириш нескротливата матна вода, што пред хукот и букот носи дрвја и камења, тишки и лишки.

Превентивно: Тогаш молчи. Поумно е.

Упати му благ збор на првиот сончев зрак, на полниот месечев лик, на снеможениот човек, на расплаканото гладно дете, на трепетот на ѕвездите, на светулките над новото жито и црвените булки, на разиграните речни брзаци, на морињата и океаните, на светилниците кои со своето далечно кандилце демнат да не го загрешиш вистинскиот пат...

Чувај го зборот – љубов да речеш: среќа да пожелиш, прстен да дадеш, песна да извиеш, слободарски и свадбарски бајрак да кренеш.

Љубов да речеш!

мојата активност-
импулс за книгата

НАМЕСТО ПРЕДГОВОР

Прилозиве поместени овде се објавувани во гласилото на Сојузот на пензионерите на Македонија, „Пензионер плус“. Првичната цел на овие текстови беше да ѝ понудат на пензионерската популација автори и дела од национален интерес. Се сметаше на два ефекта: одлагање на стареењето и држење на умот во кондиција, од една, и запознавање со историјата на јазикот и со делата создавани на тој јазик - најцврстиот бедем на браникот на националниот идентитет, од друга страна. Некои од овие текстови беа претставени и во живо како основа на моите предавања во Клубот на љубители на книгата во општина Кисела Вода, а по осамостојувањето на општина Аеродром - во нејзиниот Клуб; во Здружението на интелектуалците на општина Центар, како и на Универзитетот „Трето доба“. Тие средби ќе ми останат во трајно сеќавање по убавите чувства што ги споделувавме со присутните.

Бидејќи по својата суштина секој весник има краток живот, книжевните портрети ќе ги спакуваме во книга - да ги сочува, таа памети вечно. Уште повеќе, колку што ми е мене познато, во ваков мал формат нема авторски портрети кои ги содржат најбитните елементи од нивната био-библиографија: генералната анализа на творечкиот процес, клучот за влез во секој од тие светови одделно и препорака на едно дело од различен жанр. Ако ги согледаме од тој аспект овие книжевни портрети би можеле да прераснат во практична потреба. Имено, на секој средношколец или студент во една селектирана, промислена и компримирана варијанта, би му биле од полза. Добра пригода е дедовците и бабите да им ја подарат на своите внуци.

Мојот пристап не е утилитаристички (афирмација на корисноста на целите во напредокот, не обsирајќи се на другите вредности, постапка што може да го контаминира тој неприкосновен, слободен творечки простор) Напротив, моите прикази инсистираат низ естетичкото, да се препорача етичкото, хуманото, слободарското...

Се разбира, овде не се исцрпува читањето. Тоа треба да трае цел живот. Особено и поради богатата нова книжевна продукција во која настануваат дела, кои по творечките резултати во сите жанрови, се на достојно рамниште со дела од други култури со традиција. Се надевам дека мојата национална гордост не ме прави пристрасен. Мене ми е искрено жал што поради уредувачката политика на весникот, кој примарно ги покрива активностите на пензионерите, не можев да опфатам и една плејада помлади творци со високо реноме: Венко Андоновски, да речеме, Горан Стефановски, Дејан Дуковски, Јордан Плевнеш, Блаже Миневски, Томислав Османли, Гоце Смилевски, Никола Маџиров… Нека ми биде простено, што не ги споменав сите кои тоа го заслужуваат.

Во приложениве текстови тежнеев да не се изневерам ни себе, ни авторите, ни читателите, без кои книгата или не се родила или е мртвороденче. Низ напорот да го препознам универзалното кај авторите и делата што беа предмет на анализа, да раскажам и своја приказна која наоѓа одглас во нашево време. Нив ќе ги прифати или отфрли неприкосновениот суд на читателите, јас нема да ги бранам.

Наместо тоа, во изворна форма, ќе пренесам една преписка меѓу мене и еден реномиран и високо рангиран автор, академик. Таа преписка не е тука да биде мој адвокат, туку размена на некои гледишта кои пошироко ќе се обидам да ги елаборирам во поговорот, зашто тие биле во обајцата одделно, уште пред да се сретнат овде.

Авторот

*Интервју со Борис Шуминоски**

ПРИБЕЖИШТЕ ВО ДУХОВНОСТА

Меѓу пензионерите од ЗП. Кисела Вода, Вие сте особено познат по својата активност во Клубот на љубители на книгата. Но, како ќе ѝ се претставите на нашата јавност? Кој е, всушност, Борис Шуминоски?

Прашањево е, се чини, едноставно, се разбира, доколку одговорот што се очекува е наведување на личните податоци. Но јас го разбирам малку покомплексно! Секој одговорен човек често се преиспитува себе си: строго, без самосжалување за некои промашувања, без суета и горделивост. Во таа смисла, бидејќи, како што е одамна познато, до себе најтешко се доаѓа, искрено речено, сè уште имам дилеми како да одговорам. Но, ако е неопходно да се задоволи основното љубопитство, еве: Беше сум се родил во еден типичен, врел, августовски ден, само два дена пред Богородица (26. 08.1942, Луково, Струшко) Дедо ми, радосен со првата рожба на негова единствена ќерка, отрчал кај матичарот да ме заведе во книгите. „Денот“ (празникот), рекол му го донесе името, ќе си го викаме Борис." – „Какво е тоа име, бугарско“, се спротивставил матичарот, србоман, „ќе си му дадеме наше“ - и, без да чека согласност, ме завел како Боривоје?!! Македонска трагедија! Кога ми беше побаран првиот извод за добивање диплома за завршено средно училиште си го научив името,

кое потоа по сила на закон влезе во сите документи за идната наобразба, работа и идентификација. Лично никогаш не го прифатив.

Спомнавте дека на времето сте пишувале. Повеќе шанси гледавте во Скопје?

Не само тоа. Селото го зафати миграцијата, се ширеше како зараза, тоа стареше и немаше со кого да ги споделуваш своите соништа. Изборот беше мал, всушност, немаше избор: или да се глувари во кафеаната кај Максима или да се стане пијаница. Не, благодарам! Моите планови немаа никакви шанси. Затоа го зедов само најосновното, (чисти кошули, документите за идентитет и образование) и дојдов во главниот град, кој тогаш поради последиците од неодамнешната трагедија изгледаше тажно. Како да не беше тоа градот што го знаев… Скопје не беше гостољубиво кон дојденците кои сакаа да останат и се бранеше. За да најдеш работа беше потребно да имаш регулирано жителство, а за да станеш жител требаше да си вработен. Маѓепсан круг! Тоа промени многу нешта: сонував еден сон а влегов во друг филм. Луѓето од МНТ се снајдоа во тој лавиринт и оттогаш Театарот стана мој нов живот - и нова љубов. Ме освои веднаш и без остаток. Му враќав со предана работа и самоизградување. Иако од мене тоа никој не го бараше, ги исчитав и проанализирав делата на врвните театарски творци, кои со својата ингениозност, посветеност и искуство, дадоа огромен теоретски и практичен придонес за подемот на театарската уметност: Станиславски, Меерхолд, Брехт, Гротовски, Ефрос... Освен тоа имав ретка среќа да соработувам со различни естетики и сензибилитети: од Ставрев до Унковски, од Милчин до Георгиевски, од Ќостаров до Османли... многумина млади со нова енергија, како и драгите гости: Маџели, Стрниско, Дунаев, Портнов, Свибен, Штефанчиќ, Савин... А кој да ги доброи, а да не згреши, сите актери со раскошен талент? Меѓу нив се чувствуваш како да си завршил една респектабилна театарска академија, зар не? И многу читав, чесен збор! Речиси сите релевантни домашни и странски автори ги имав како свои лични пријатели.

Пензионирањето е голема пресвртница во животот и на многумина им создава проблеми во приспособувањето. Какво е Вашето искуство?

Точно. Но, за да се избегне таа замка, полезно е да се продолжи со убавите навики практикувани од љубов. Јас, на пример, рано ги засакав приказните, потоа книгите, ја молев мајка ми да ми пее, цртав кај ќе најдев празен простор... Така се раѓаше љубовта кон уметностите, без да знам. Се населиле кришум во мене, И останаа. Тие ме возбудуваа(т) и исполнуваа(т). И кога ми беше тешко барав прибежиште во духовноста, која секогаш несебично ми помагаше како добра, нежна мајка. По пензионирањето, единствената разлика се состои во тоа што не одам на работа, сѐ друго си остана исто. И, станав зависник од компјутерот.

Како потекна идејата, како созреваше иницијативата за формирање Клуб на љубители на книгата и какви придобивки очекувавте?

Потенцијално сите идеи се кај човекот и само демнат момент кога некој импулс ќе ги исфрли на површина. Со моите пријатели, кога се шетавме покрај Вардар, разговаравме за книги, анализиравме, споревме, ама мирно, толерантно и со почит кон различното мислење и естетски критериуми. Се чувствувавме лошо кога ќе чуевме бучни и острастени расправии, во кои отсуствуваа трпеливост и елементарни аргументи, а надвикувањето се трудеше да се промовира како факт. Еден убав ден некој праша: како би било да формираме некое друштво, клуб, што ли? – да се собираме макар по еднаш месечно и да разговараме за книгите, поезијата. Да им дадеме шанса на луѓето да дебатираат на теми за нешто убаво. Скепсата не беше мала - тешко е да се поверува дека можеш некого во поодминати години да го заинтересираш за книга, ако на време не стекнал таков навик. Тогаш нашиот напор би бил копање дупка во вода! Но, решивме да ризикуваме.

И успеавте! Како?

Па, моравме прво, да направиме добар избор на автори кои тематски би биле блиски до она што може да го привлече вниманието на еден ваков аудиториум. Второ, да се размисли кој автор од кого би можел најпопуларно да биде претставен за да ги освои посетителите: да почнат да размислуваат дека им нудиме нешто убаво со кое корисно ќе го исполнат слободното време и ќе се опуштат. Ми се чини дека на првата средба луѓето дојдоа да видат што чудо ќе е тоа. Првиот презентер, д-р Васил Тоциноски, внимателно беше ислушан, потоа следеа мошне интересни прашања во врска со темата. Ние бевме пресреќни, ликувавме во себе. Нема дупка во вода, си реков, лековит бунар ќе излезе! И би така. Ги поканувам сомничавите да нѐ посетат и ќе видат како се топи мразот во пристарите очи и како светнуваат со некој непознат сјај!

Го презентиравте Прличев и Чинго, со многу возбуда и пиетет. Освен тоа рецитирате и поезија.

Јас тоа го правам со истиот жар и кога ги презентирав Прличев и Чинго, два носечки столба на македонската книжевност, како и кога говорам поезија поврзана со некои значајни поводи од нашата историја, пригодно патриотска, и, неминовно, љубовна. Не знам колку сум успешен, но ме охрабрува вниманието и начинот на кој слушателите ја доживуваат, нешто што ги надмина моите очекувања.

Што мислите, со што уште би требало да се баваат нашите пензионери за поздраво, поинтересно и посреќно да ги минуваат пензионерските денови?

Некој игра шах, некој се метка во градината, ако ја има, поткаструва, чисти, окопува, друг се бави со внуците, трет пазари секојдневно оти така се доживува покорисен, некој пак, одгледува пчели…Сето тоа е и добро и здраво. Важно е да не се мрзелува и да се одбег-

нуваат стресни ситуации: секогаш и секаде, ако сакаме уште малку (ако е подолго, дотолку подобро!) да му се порадуваме на изгревот на новиот ден.

Пензионерите се категорија граѓани со многу ниски лични примања. Што можат да сторат да си ја подобрат состојбата?

Пензионерскиот стандард е толку низок што луѓето се принудени на математички акробации: префрлање од шупливо во празно за да го истераат некако месецот со сите комунални давачки, лекови, помош на своите невработени деца итн. А има и случаи кога некои пензионери, од разни причини, се принудени своите последни денови да ги поминат во Дом за стари, а од друга страна да не можат да си го платат надоместокот. Не гледам, во услови на светска рецесија и домашно стопанство кое одвај живурка, дека нешто значително може да се подобри. Па сепак, луѓето од Здружението на пензионерите, кои сме ги избрале да ги штитат нашите интереси, треба перманентно да изнаоѓаат начини да помогнат, во тесна соработка со соодветните институции. Ние сме скромни луѓе и имаме достатно слух за тешкотиите со кои се соочува нашево општество. Но тоа, никако не значи дека треба да бидеме маргинализирани.

Мендо Димовски

---

* *НАМЕСТО БИОГРАФИЈА*

Интервју со БОРИС ШУМИНОСКИ,
претседател на Клубот на љубители
на книгата, Аеродром, Скопје

ОДЛАГАЊЕ НА СТАРЕЕЊЕТО

Се пензиониравте од работно место во драмската уметност и Вам, и од тој аспект, Ви е блиска пишаната реч. Претставите ни ја годишната активност на Клубот!

Литерарурата ми е како посестрима и по вокација и по образование. Клубот ми помогна да го одржам континуитетот со таа обврска. Тој во нашата општина Аеродром, веќе три години многу успешно и плодотворно работи. Не е тешко да се претпостави неговата активност: да ги претстави и проанализира најдобрите дела и автори од националната литература, кои по своите естетски, етички, историски, социјални компоненти се најблиски до нашата традиција, да ги афирмира тие вредности затоа што на нацијата ѝ даваат духовен имунитет.

Веројатно Клубот, покрај магистралната определба, има и конкретен годишен план и програма?

Се разбира, потребна е напорна и посветена работа да се чујат повеќе идеи, да се направи добра селекција и од нив ќе произлезе квалитетна програма, која само треба успешно да се реализира. За 2010 година планот во целина го остваривме. На средбите во Клубот, кога е можно, присуствува и авторот чии дела се обработуваат. Каниме познати промотори и добри познавачи за секоја тема, со цел да се пробуди љубопитсвото на членовите да го засакаат зададениот автор и понешто да прочитаат, да проанализираат, да прашаат. Воспоставена е и соработка со младите генерации од Меѓународната гимназија НОВА. Ние мислиме дека ползата е двонасочна. Со тоа се согласуваат и професорите и нивните озарени рени ученици. Се случи да се спријателиме и да си недостигаме. Писателите кои ги претставуваме стануваат наши пријатели и привлекуваат нови членови. Тие, без исклучок, се фасцинирани од нашата искрена посветеност, покрај живите автори да ги оживуваме и починатите преку нови читатели. Соодветен простор одвојуваме и за творци, кои најдобрите дела ги создале како пензионери. Горди сме што Клубот се афирмира како *сериозна духовна работилница*.

За работата во претходниот период беше известувано во „Пензионер плус“, кажете ни за работата од времето откако Вие го водите Клубот?

Во втората половина од 2010, најнапред, ја претставивме лирската поема „Предвесница“ од Михаил Ренџов, носител на наградата „Григор Прличев“ за 2009 година. Во присуство на поетот, воведот беше мој, кој инспирира жива дискусија. Во октомври во нашата средина му посветивме внимание на уште еден поет: Илхами Емин**,** преку неговиот двојазичен избор „Ѓулкарпа“, со воведна реч на д-р Кирил Темков. Потоа зборуваше авторот кој ја одушеви публиката со својата искреност и топла човечност, како и со дел од приказната за неговите етнички корени и за особеностите на Турците Јуруци. Во ноември го запознавме Мариово преку романот „Крпен живот“ од роднокрајниот писател Стале Попов. Опсежениот вовед беше на Марица Серафимовска, а почесен гостин д-р Георги Сталев Попов,

универзитетски професор, книжевник, преведувач итн, но овој пат како син на Стале Попов. Тој откри некои, досега непознати, факти од животот, творечкиот и работниот век на својот татко. Последната средба во 2010 година имаше поетско - забавен карактер како што личи спроти Новата година.

На почетокот сме на 2011 година. Како е конципирана програмата на Клубот за годинава?

До почетокот на летните одмори, кога правиме двомесечна пауза, програмата е дефинирана. Таа е репрезентативна и разновидна и тематски и жанровски. Стартот на оваа година (26.01.2011) го означивме со поетскиот профил на академик Анте Поповски и капиталната поема „Света песна“. Потоа ќе се бавиме со драмското творештво на Горан Стефановски, со поетското и раскажувачко дело на Влада Урошевиќ, со Јагода Михајловска - Георгиевска, со поетиката на Гане Тодоровски. Имињата на авторите и нивниот уметнички резултат јасно сведочат дека во жижата на нашиот интерес се вистинските каријатиди на македонската книжевност на кои се потпира нашиот неспорен идентитет. Уште во февруари ќе биде доосмислена програмата за втората половина од годинава. Останува напорот квалитетно да се изорганизира и успешно да се модерира. Потешкиот дел.

На крајот и прашањето: според Ваше мислење, дали и колку Клубот придонесува за поттикнување на литературното творештво кај пензионерите?

Ние искрено се залагаме да разбудаме таква страст. Нашите гости, авторите, нѐ охрабруваат во таа насока. Еве, за илустрација, што сугерирав во новогодишната порака на поетско-забавната вечер: „Годините, како мали отсечки од бескрајното време, доаѓаат и си одат, врват низ нашите животи и оставаат траен белег врз вкупниот наш хабитус: физички и духовен. Тие си ја вршат работата што им е зададена. Но, каде сме ние во таа приказна?

Преземаме ли нешто да влеземе во битка со времето, да откинеме макар мал дел од минливоста и да го продолжиме на некој начин нашето траење? Што правиме за да нѐ има и кога ќе нѐ нема? Општо место е дека светов е шарен и дека сите луѓе не се исти. Но општо место е, исто така, дека секој човек има своја лична дарба за нешто. Задачата на секого одделно е: да се стреми да ја досегне својата највисока точка, да го најде својот зенит. Затоа, ајде да направиме усилба да отвориме поширок простор за љубовта, копнежот, смеата, радоста, убавината, градењето и создавањето, секој со својата лична дарба. Овие човечки категории немаат ограничен рок на траење. Ајде духовно да го одложиме стареењето!“

Илија Глигоров

.

Скопје, понеделник,
12. 8. 2013 година

Почитуван писателе,*
Пријателе,

Се дрзнав да Ве деранжирам среде ова пеколно лето и да го прекинам тоа малку време што Ви останува за краток одмор.

Најнапред, сакам да Ви ја честитам наградата „Роман на годината“ на „Утрински весник“ за „Птиците од ланските гнезда“, да Ви заблагодарам за убавите моменти што ги поминав со неа во близок, пријателски разговор. Со тоа, јас лично, ја акцептирав во нејзината целина и поврзаност оската на Вашата татковинска тема, отворена со блескавиот роман „Кон другата земја“, волшебниот, иновативен и неповторлив „Времето на ирвасите“ и, засега последниот од тој циклус, „Птиците“...

Тоа е огромна работа, собрана на околу 1500 страници. Тоа е толку напорна работа, дури и ако условно, за момент, го запоставиме творечкиот чин во сите негови фази, за кој не постои објективна мерка на напорот, значи и без него, само да се истипка на компјутер е работа од која не можеш човечки да се исправиш. А кај нас не се чита. Попусто Ангел од Ангелци ги троши последните пари да купи некоја книга ако не може на друг начин да дојде до неа, да ја прати во Македонија оти „таму има голема потреба од книги“...

Пред некоја година, отворив еден фолдер, именуван „Темелници.“ Сакав да ги систематизирам моите импресии од тоа што сум го читал од националната литература, која ја читав своевремено, повторно ја препрочитував и дополнував со нови дела, наспроти

раширената пракса никој да не ја чита „оти била безвредна“. (За таквата перцепција на домашното творешво огромен е придонесот и на самите автори, кои освен за своите дела – какви и да се, за другите немаат убав збор. Поразително!) Мојот став по тоа прашање е сосема поинаков. До денес, од кодифицирањето на современиот јазик и првите книжевни обиди, за шеесетина години, во таа мала отсечка од космичкото време, без претходни искуства успеавме со дела од поезијата најнапред, па расказот и конечно романот и драмските текстови, да се приближиме кон развиените култури. Не треба да се залажуваме дека сме го изоделе целиот пат, уште сосем не го ни познаваме оти не сме имале континуитет.

Да не должам. Потоа дојдов на идеја нешто од тоа и да објавам во „Пензионер плус“, гласилото на бившите луѓе, како што некои нѐ викаат нас, пензионерите. Рубриката има индикативен наднаслов: „прочитав за вас“ и во неа препорачувам еден автор со книга од неговиот опус, која според моите критериуми би требало да го привлече вниманието на читателите. Наднасловот, треба да сугерира порака: прочитајте и вие! Во препораката на една книга напишав: „Јас знам дека нема полош крадец на време од лоша книга, затоа препорачувам само книги со потврдени вредности од кои има полза, без ризик од кражба на нашето скапо време“. Од друга страна, убеден сум дека идентитетот едно од најсилните упоришта го има во јазикот, „нашата целокупна татковина“(Конески) и делата на тој јазик. И богами, се наредија доста во таа листа: од Петре до Чинго, од Блаже до Гане, од Шопов до Радован, од Ренџов до Солев, итн. Бајаги...

Речиси, нема книга од Вашето творештво, од првата до последнава, вклучувајќи ги и минијатурите на интернет, што не сум ја прочитал, освен драмите кои, пак, сум ги гледал. Одамна се мачам како да Ве вклучам во таа дружина на темелниците, каде несомнено припаѓате. (Ова по малку може да звучи арогантно: како од мене да зависи Вашата верификација во вредностите на ова поднебје. Ве уверувам дека не си давам такво значење, но, прво пред себе, не сакам да бидам недоследен – та некој неправедно да остане надвор од изборов!) Вашите книги се уникатни. Сижето - „робува-

њето на сижето“ (Ваши зборови) или го нема во онаа школска смисла или тешко се реконструира. Ако се симплифицира – може да се банализира до бесмисла. А материјата е богата, слоевита, многузначна – за секоја книга солидно да се проанализира треба, безмалку, нова книга, (претерувам?!) според оригинално третираната тема, идејата, експресијата со сите експлицитни, но уште повеќе засолнати значења во сенката на зборот, во пресвртите... Прашањето се сведува: може ли океанот да се собере во морето. А ако на располагање имате само осумдесет реда, околу 900 - 1000 збора - како?

Текстов што Ви го праќам во атач е објавен во последниот број на „Пензионер“... Им го пратив порано за да го планираат во работна верзија со надеж дека пред да се склопи ќе ги направиме евентуалните измени. Но тоа не излезе сосем така па се поткрадоа извесни грешки, има мала неусогласеност на внатрешниот говор, кој мене многу ми помага, ако го доловам на време, (Буњин според сведочењето на Паустовски, не можел ни ред да напише пред да го пронајде во себе основниот тон) и некои неизвршени замени на по некој збор, оти секој има своја специфична тежина и носивост и може да е подобар или полош избор.

Се надевам дека текстов ќе заинтересира, ако не голем, да не лицитирам со бројот на идните читатели на Вашите книги, што ми беше првична намера и, ако добро сум го открил, да им го понудам клучот за влез во Вашиот универзум.

Сакам да го видите, зашто, колку што ми е познато, уште никој се нема огласено. А пак мене ми е особено задоволство да не се потпирам на туѓи просудувања, си го замам она право што му припаѓа на читателот: сам да градам и разградувам, да доградувам на лично задоволство или прикратеност. Тоа е моето креативно читање кое започнува откако ќе ја затворам задната корица. Умниот Адриќ напредниот читател го смета за коавтор: книгата ќе ти даде онолку колку што ти ќе вложиш и колку што можеш да земеш. Реченицава не е дозборна, но духот и смислата се коректни.

Многу работи останаа неречени или недоречени. Од биографијата спомнати се само студиите во Белград, повеќе од причина

што тој свет беше и уште долго ќе биде пред нас во културата. Сите вредни европски и светски дела ги запознавме првин на тој јазик. Некои сè уште не се приопштени кај нас. Но јас, со право или не, мислам дека биографијата на еден автор е неговата библиографија,

Вам лично, на Вашите драги луѓе Ви посакувам здравје, убав одмор и пак: ....„на работа, на труд“, како што велеше Рацин.

Се надевам дека ќе следат неколку реда одговор.

Со почит, Борис Шуминоски

П.с: Иако ние брзо го прескокнавме формалниот јаз во комуникацијата и зборуваме на „ти“, овде Ви се обраќам поинаку, оти писмената комуникација, пак, има свој бон-тон и јас го почитувам.

*Моето пропратно писмо до академик Митко Маџунков во врска со прилогот по повод романот на годината, „Птиците од ланските гнезда“

Драг Борко,

Твоето писмо не ме изненади толку колку што ме израдува. Не ме изненади (иако, се разбира, не го очекував), затоа што човек сака да се случуваат такви нормални работи, како што е едно пријателско писмо во моментот кога ќе објави нова книга (а згора на тоа уште и наградена), и јас изгледа сѐ уште се откажувам од таа привилегија да (сметам дека) живеам во нормално време, време кое тече „во согласност со нашето чувство за време“ (Набоков за Толстој), а не како кај некои откачени писатели како Маџунков, во согласност со нашето чувство за не-време.

Како што гледаш, јас ти се обраќам на ти, па сакам и ти мене така да ми се обраќаш, зашто твојата искрено искажана почит кон мене како автор не е поголема од мојата почит спрема тебе како читател и пријател. Подобро, според советот на Чехов, да ги оставиме настрана и епитетите; тие се за оние што не веруваат во магиското устројство на јазикот, па затоа ги украсуваат и елките од шумата, дури и кога не е Божик. Ти и самиот се согласуваш, заедно со Андриќ но и со Стендал пред него, а и со многумина други како нив, дека читателот и никој друг освен читателот ја одбележува онаа обично невидлива, но единствена територија каде што мртвите светови од хартија оживуваат во нечиј дух. Откако ќе го заврши своето „дело“ (каков голем збор за нешто толку проблематично), и писателот станува само читател, и тоа обично лош, од оние што, како што ти со право велиш, „за другите немаат убав збор“, но затоа за себе мислат премногу убаво. Но писателот што се чита себе самиот е налик на говедо што прежива, зашто никаква саморецепција не може да ја создаде онаа допирна точка поради која се

пишуваат книгите – а тоа е тие да се родат во светот и за светот. Притоа, не е доволно тие да оживеат со самотијата на нечиј дух (иако е и тоа важно, како што е важно и сѐ друго што ја сосредоточува животворната енергија) туку е добро кога некој како тебе ќе се израдува на тоа „копнеано новороденче“ и ќе им го покаже, како што правеле првобитните луѓе, и на сите други, а најпрвин на небото. Затоа сметам дека оваа твоја мисија, колку и да изгледа метафорична како заложбите на Ангел од Ангелци, е поважна одошто изгледа на прв поглед.

Ти велиш, кај нас не се чита. Тоа можеби е точно, а можеби не е точно. Кој може да знае колкумина секојдневно плачат и се смеат над нечии книги, и заспиваат со нив како со „верни друшки“? Она што мене повеќе ме загрижува е токму отсуството на рецепција. Ние сме нихилистички свет кој не верува во себе и во својата судбина. Не е во прашање бројот. Во вкупното „класично“ време на Атина, кога е создадена основата на европската култура, живеел помал број луѓе одошто во денешна Македонија. Некои од најважните меѓу нив, како Сократ или Езоп, воопшто не пишувале книги. Но тогашниот свет знаел дека на нивната агора се случува нешто важно, од што зависи цивилизацијата и опстанокот на светот: дека таму некои луѓе ја учат неуката младеж да стане слободна и да размислува со своја глава, без оглед на сите последици. За да опстане нешто големо, како Сократ, треба да се случи нешто уште поголемо, како Платон, кој ќе ја вгради својата личност во личноста на својот учител, за обајцата да преживеат како нешто ново, што се вика Платон но секогаш го подразбира и Сократ. За да не се заборави нешто важно во текот на некоја прошетка, нужно е еден Гете да има свој Екерман покрај себе, кој нема само да го слуша и да му се восхитува на говорникот, туку ќе ја надрасне својата самобендисаност, својата јаловост и својата мрза, ќе седне и ќе напише неколку реченици за она што го чул. Културата не зависи од тоа, но од тоа зависи цивилизацијата. Зашто, да се даде глас и да се фиксира она што е флуидно и безлично, потребно е средиште. А за да се има средиште, нужно е да постојат координати, да се знае важноста на нештата. Јас некаде го споменувам оној наш страшен

витализам кој и во сферата на духот се сведува на: „Зошто ти, а не јас?“ Тоа е семето што се фрла во една духовна пустелија, од која подоцна не може да израсне ништо освен трње. Да се остане без средиште значи да се остане без онаа (само навидум легендарна) потпирна точка без која, не Земјата, туку не може да се мрдне ниту еден поголем камен. Тоа значи да се остане без иднина и без опстанок. Зошто ги споменувам тие големи нешта во врска со еден ваков повод, како што е твоето огласување? Затоа што него го доживувам како задуманост над овие тешки и мачни ситуации за кои зборувам.

Така е, ти си прав, и мене така ми се чини, дека, во врска со книгата, „уште никој се нема огласено“; јас знам само за два текста што сѐ уште не се објавени. Можеби толку заслужуваме. Последното е цитат. Кога Црњански се врати од егзил, му беа објавени избрани дела, во голем тираж. Книгите слабо врвеле, а Црњански не дозволувал да се дава рабат за нив, сметајќи го тоа како лично понижување. Од немајкаде, издавачот ги сместил книгите во некој магазин покрај Сајмиштето кого оттогаш го викале: „Магацинот на Црњански“. А кога тоа му го пренеле на Андриќ, тој рекол: „Можеби толку заслужуваме“. Можеби. Но што треба да се случи за да излезат тие книги од магацинот? Во случајот со Црњански, се случи тоа што барем неколку илјади луѓе во Белград, кои можеби не ги купија скапите комплети, сепак знаеја кој е Црњански, и што барем сто од нив негуваа култ кон Црњански, а неколку од нив беа кадарни да напишат и врвни студии за неговото дело. Доколку постои духовно средиште, и само ако сме свесни за него, има можност тоа подоцна да се шири во концентрични кругови. А што се случи со Маџунков откако од еден доброволен егзил се врати во друг доброволен егзил? Се случи Македонија. Се случи, „зошто тој, а не јас“. Се случи, „зошто да биде вака, кога може и онака“? Се случи „нели му е доста, да не сака и повеќе“. Тоа не се работи поради кои некој како мене ќе се жали и треба да се жали. Во „Птиците“... јас зборувам за писателите од Југославија и Белград организирани како „трилинзи“. Овде станува збор за двојки. Напиши за мене, па и јас ќе напишам за тебе. Сврши ми работа, па и јас ќе ти свршам. Ќе

ти дадам награда, ама награди ме и ти мене. Се случи, значи, меркантилниот дух на Македонија, најсилниот аргумент против нас самите, што отсекогаш бил на масата како туѓ адут, а сега стана и нашата најјака карта. Има во некоја моја драма еден дијалот кој тече отприлика вака: „Сврши ми една работичка“ – „А, ако е „работичка“ бегај од мене, ќе побараш некого да ти вработам“. Работите се, како што гледаш, сериозно за смеа.

Се разбира, книжевната сцена е окупирана од чиновници и провокатори, и таа не треба да се меша со нејзините вистински актери, што остануваат скриени и невидливи. По таа сцена се движат и личности кои точно знаат за што станува збор. Но не го кажуваат тоа. Зошто? Затоа што си ја подзаборавиле улогата. Затоа што е ова Македонија. Тука се плаќа порез за секој кажан збор. Но додека сите молчат, сепак некој треба нешто и да каже. Затоа ова твое огласување и твојата загриженост за нашата култура ги доживувам како вџасеност пред напирот на онаа негативна селекција што се заканува и на светската култура, а нас може да нѐ избрише како цунами. Тоа е најблагата оцена за состојбите во нашата култура. Во тоа, се разбира, не се вбројува мојот приватен ангажман во полза на својата штета. Мене никој не може да ме спречи сам да организирам свои приватни манифестации, промоции, гостувања или да нарачам некоја критика. Работата е во тоа што мене ми се чини дека е тоа многу гнасно. Уште кога бев почетник во литературата, за мене пишуваа познати имиња од кои некои, како личности, никогаш и не ги ни запознав. Да бидам искрен, веќе одамна не размислувам има ли смисла она што го работам, барем не додека не го сработам. А што се однесува до читателите, додека има такви како тебе, има и надеж. Затоа твоето писмо толку ме израдува.

Го споменавме еднаш Чехов, да го споменеме уште еднаш. Ти знаеш дека главната пресвртница во неговиот живот и во неговото творештво е едно писмо од Григоревич, во кое стариот раскажувач му ја префрлува на младиот почетник небрежноста спрема самиот себе и сопственото дело. Главната поента е во тоа што, според сопственото признание, Чехов дотогаш воопшто не знаел дека е тој

голем талент, ниту пак тоа некој му го рекол. Од тоа писмо роден е еден од најголемите писатели на светот. Тоа е класичен пример како се создава духовното средиште. Твоето писмо нема амбиции да ја одигра таа улога, но покажува на кој начин, камче по камче, се ѕида големата градба на секоја култура, голема како руската или мала како нашата.

Сè најдобро за тебе и за твоето семејство.
Срдечен поздрав, Твој
Митко Маџунков
Дојран, 16 август 2013 г.

РИЗНИЦА НА ЗБОРОТ

С В Е Т А П Е С Н А

„Што има повозвишено и посвето од тоа својот разум и својата душа да ги опиташ во јазикот на својот народ“... Поетот

Можеби така му било пишано, можеби уште пред да се роди бил во дослух со Бога, па го придобил, го измолил, го убедил: со прималниот крик да се објави во Лазарополе, оти е крајолик што Бог можеби си го наменил себе си, од времето кога и самиот се создавал. И би така. На **03. 06. 1931** година, при крајот на раскошната пролет со чудесни звуци и пев, како што прилега за иден поет, дочекан е царски како прва рожба на таткото Аврам и мајката Невенка. На нункото му се допаднало името Анте, бездруго некаде, по белосветските печалбарски или трговски патишта, го чул и му останало во умот, во срцето. Никој не го оспорил, кој би ризикувал на кумот да му го расипе атерот. Неговиот подоцнежен другар по родољубие и човекољубие, Гане, белки на шака почна да го чита наопаку и чудна и чудесна смисла откри: Етна, вулкан, провикна, па возбуден и нему му го откри откритието. Белег на провидението.

Остроумен, љубопитен и склон кон ука, **Анте Поповски** средното училиште го започна во Битола, а го заврши во Скопје. На Универзитетот за лекар изучи, го привлекуваше наумот да им

помага на луѓето, да им ја олеснува болештината. Во Дебар некое време ја практикуваше струката. Но пилето песнопојно кое тревожно му преташе во срцето, го вознемируваше катаден и на друг пат го кандисуваше. Со песна ќе ја лечам човечката душа, од некаде глас во себе начу. Гласот ја имаше неговата боја. И решението беше негово. Љубувањето со поезијата го одбра како предизвик и како лична судбина. Ерупцијата на вулканот наместо смртоносна лава – лековита, света песна исфрли од утробата. Блесна со „Одблесоци“(1955). Потоа се редеа: „Вардар,“ „Самуил,“„Непокор,“„Камена,“ „Тајнопис,“ „Љубопис,“ „Родопис,“ „Сина песна,“ „Ненасловена,“ „Провиденија,“ „Света песна,“ поема.

Високо место во неговата оставнина заземаат и многуте публицистички, есеистички и преводни трудови. Севкупното негово дело достојно е вреднувано, соодветно наградувано, препејувано, славено. Член е на МАНУ и на Светската академија за поезија на УНЕСКО.

Татковинската тема е централна во поетскиот опус на Поповски. Ова парче митска замја, како што претпочиташе да ја нарекува Македонија, заради вековната прокоба беше и остана негов вечен непребол: ... „нема таква птица која пропеала во туѓа татковина / и нема нивна песна која не е / гласно продолжение на песната / која претходно веќе ја чуле во родниот крај!“

Нејзе ѝ ја посвети сета своја дарба. И сонот, и несоницата, и надежта. И копнежот никогаш недокопнеан: да ја види еднаш стамена и исправена, горда, „стокмена како милоина“, по мерката на Гане. И по сопствената. Тие секогаш еднаков аршин имаа за татковината. Навечер тајум, среде ливаѓето во Лазарополе, во тишината што ги надминува границите на поимањето, со поглед патник низ соѕвездијата небесни, го наслушнуваше говорот, тајниот говор на sвездите и чу: смерно, во блажена молитва нејзиното име го славеа. „Еве ја таа земја од дволичен камен и сонце/ Децата уште назаодени каде откопуваат черепи / по градините“... „Еве ја таа земја од заморено дишење и од молк / Низ која времето одминува и пак се враќа / Со неа да го сподели лажното траење/. О, еве ја таа проста земја од грч и од чекање / Што ги научи и sвездите да

шепотат на македонски / А никој не ја знае“. Не ја разбираше бесчувствителноста на развиениот свет за траумите на малите народи. Напати, Болен Дојчин на Конески, пред очи ми искрснува како лик со образот на Анте. Како од него да истекува истата болка: „Кога ми закрепна гласот за најдлабок збор, / раката за најтежок меч, / ногата за најверен од / тогаш се сломив“... И тој, кога се понадева дека татковината ќе се придигне, ќе прооди и ќе си го врви сопствениот пат, падна тешко болен. Но се случи подвиг рамен на божја чудесија: ѝ подвали на смртта, ѝ се откина од прегратката и си зеде време да го напише своето капитално, поетско дело – грандиозната поема „Света песна“. Во предговорот ќе запише: „Еве ја мојата Света песна, мојата Cantica sacra. Ја откривав кога мојот живот го демнеа големи опасности и неизвесности, кога се насетуваше крајот...Cantica sacra, исцелителу“! Не можеше да отпатува а да го нема најважниот одговор: како ќе се однесува македонскиот јазик во подолгите и лирски, и епски уметнички творби. „Што има повозвишено и посвето од тоа својот разум и својата душа да ги опиташ во јазикот на својот народ“, се прашуваше пламнат од возбуда пред она што му претстоеше, а времето веќе му беше премерено. Кога заврши бликаше од среќа, оти Јазикот триумфално ги совлада сите 40 пеења со над 22 илјади стихови. „Тие се самостојни тематски кругови, кои се стремев да живеат и во целината на зафатот“, ќе приобјасни. И сега јас се прашувам себе си: дали само мојот восхит и мојата растреперена душа ја издигаат оваа поема до ранг на поетска Библија?! О, каков страшен товар, доброволно нагрбен на нејаките плеќи на поетот, каква мака. И каква мапа на збрчканото лице на творецот, мапа на севкупното човечко страдање, на потрагата по тајната над тајните: вечната борба меѓу животот и смртта, меѓу песната и лелекот, меѓу добрината и злоста, меѓу недобројните противречности и искушенија што едни со други потајно се демнат и се потсилуваат. Се доближи најблиску колку што на човека му е достапно до Божјата промисла, низ тајнописот на ветрот во песокот на пустината, во карпите, во земјата, во воѓето, на небото наменето да им биде татковина на сите, на гробиштата околу кои остарениот Адам огнови вечно распалува за да им е

светло на мртвите, на својот Авел, првата братоубиствена жртва од постанокот, љубејќи ја и опевајќи ја Ева како прамајка на сите потомства, зашто и тажна по загубениот син: ...„со глас кој ги надвика времињата, извика: „И покрај сè, и наспроти смртта – животот нека продолжи!“

Нејзиниот крик како непрекинат одsyн низ вековите го најави идното воскресесение, победата над смртта.

Исцрпен, но задоволен, како човек кој завршил добра работа, тивко замина на починок, на 1. октомври 2003 година. Се упокои веќе неговата телесност, но јаnsи сè уште го подјадуваат. Неговиот дух останува да лебди над нас.

ШОПОВ - НАШИОТ ЛИРСКИ КЛАСИК

Ако носиш нешто неизречено,
нешто што те притиска и пече,
закопај го во длабока тишина ,
тишината сама ќе го рече.

Лирскиот медаљон „Во тишината“ е најанализирана, најпромислувана и најтолкувана песна во вкупниот творечки опус на Шопов. Тишината, од практичен, поетски аспект, тешко може да се објасни наспроти зборот како најважна алатка во материјализацијата на песната. Грижата за зборот кај Шопов е врвна. Во секоја песна внимателно е набаруван, прочистуван од некои наталожени значења за да се стаса до празначењето како негов најчист облик. Но во тишината бивствуваат недопрените предели на мислата што семантиката не успеала да ја соопшти во нејзината есенцијална сушност. Таа е самото битие на поетот. Затоа тишината зазема толку високо место. Таа го идентификува и неименливото: како присена, како одѕун, како далечен, непознат збор. Се има чувство на претоварен коњ што не може да го отфрли претоварот. А можеби сепак, тоа е „сѐ уште непронајдениот збор“ за кој „телото мое те моли.“

Од истата песна се гледа дека ги претпочита класичните строфи: катрени со вкрстени рими и беспрекорна ритмика: звучат совршено, како симфонија. Подоцна ќе го практикува и слободниот

стих, не робувајќи ѝ на формата, ако на песната ѝ станува неудобно, со еднаква грижа за музиката на певот.

Академик Ацо Шопов е роден во Штип, 1923 година, каде по војната матурира, а во Скопје ќе заврши Филозофски факултет, отсек чиста филисофија.

Почина во Скопје 1982 година.

Тој е проминентен поет, преведувач, издавач. Меѓу првите по основањето, на 18. 08. 1967 година е избран за член на МАНУ, а две години подоцна за дописен член на Српската академија на науките и уменостите; на ДПМ, на нашиот ПЕН центар. Долги години е директор на издавачката куќа „Македонска книга.“ Бил амбасадор СФРЈ во Сенегал.

Во поезијата стартува со социјално – патриотски и револуционерни песни, природно: на 17 години стапува во напредното младинско движење, а две години подоцна и во НОВ, во Третата македонска ударна бригада. Тие драматични настани се основниот импулс на неговата прва поетска фаза. Втората ја обележува македонската интимна лирика, со пресвртната збирка „Стихови за маката и радоста“ (1952) и раните почетоци на македонската Модерна, при што е еден од најистакнатите нејзини претставници. Неговото творештво се состои од 12 наслови: „Песни,“ „Пруга на младоста,“ (заедно со С. Јаневски) „На Грамос,“ „Со наши раце,“ „Слеј се со тишината,“„Ветерот носи убаво време,“ „Небиднина“, „Јус–универзум,“ (сатирични песни) „Гледач во пепелта,“ „Песна за црната жена“ и „Дрво на ридот“. Приредени се и многубројни избори на македонски и други јазици. Неговата поезија е објавена и во колекцијата на УНЕСКО

Преку неговата преведувачка дејност нашиот читател е привилегиран да запознае многу релевантни светски автори: Багрицки, Жупанчич, Змај, Крилов, Ростан, Корнеј, Витез, Крлежа, Тадијановиќ, Сарајлиќ, Сенгор, Шекспир (за „Хамлет“ ја доби националната награда за препев), како и неговите „Сонети“.

Погоре беа посочени трите поетски фази. (Според Старделов). Сите поделби, типизации, припадност на одреден книжевен правец, секогаш носат високо ниво на ризик од грешки, поради

условноста и нејзиното недоволно земање предвид. Не може, на пример, во антологиската лирска песна „Очи“ од воената фаза, да не се препознаат елементите од најзрелата, трета фаза, која сосем сигурно го наредува авторот во најавтентичните поетски пројави кај нас и пошироко. Од друга страна, интимистичката песна ја афирмира индивидуата, а не е лишена од пошироки, универзални значења. Неговата лиричност во ниеден период не е компромитирана. Немало и нема дилеми за неговиот култен однос кон Зборот, Љубовта и Тишината. Тие се оската околу која ротира неговата Поетска галаксија.

За Шопов е пишувано многу, но не во хорско созвучје. Анализиран е неговиот творечки резултат внимателно, со пиетет и компетентно. Критички забелешки се појавија во интимистичката фаза. Инаку, само за по една песна се испишувани многу страници, научни, дипломски, магистерски и докторски трудови. Таквиот однос ѝ прилега на поезијата која е најискрен супстрат на литературното творештво. Дотолку е потешка мојата задача, од мој агол, да ги придобијам читателите за ацошоповскиот поетопис. Можеби ќе припомогне исказот на угледниот Роналд Батллер: ***„Нема ниту конечна, ниту дефинитивна, ниту само една точна интерпретација - секој читател има право на свое, индивидуално читање и толкување на поезијата“.*** Тоа е тој неприкосновен простор кој му припаѓа на читателот: да не го изневери поетот, а да ја препознае и личната приказна.

Многумина својата перцепција за Шопов ја градат, воглавно, на песната “Очи“ и на уште понекоја од социо-патриотскиот период. Не е голем бројот на оние кои ја знаат севкупната вредност на поетов. Нема двојба дека Шопов е нашиот лирски класик. Ако навлезеш во неговиот универзум, ќе те запрепасти тој волшебен, навидум едноставен, но толку длабок поетопис. Напорна е врвицата до полната смисла на тоа писмо, сочинето од ред зборови, одбрани, светнати, ред тишина, ред љубов: збор на раѓање, на лелекање. Ти останува да се слееш, да се израмниш со тишината за да ја разбереш таа убавина, тоа диво на крвта завивање, да му се придружиш на поетот во молитвата по сѐ уште непронајдениот

збор, модар јаглен му гори во утробата, небото го лула, земјата ја врти, да изгориш во неговиот оган, да се стопиш, да влезеш во небиднината за да ја осмислиш биднината, да бидеш подобар од црвеното срце на лебот, да ја исчитуваш твојата и судбината на твојот народ од земјата олелија како гледач во пепелта, а ветерот талкач кого место не го фаќа, растура и преуредува, ама носи убаво време, нежно облетува околу дрвото на ридот, оти е дрво на животот, како што селаните во Сенегал во долг синџир се редат да го опколат баобабот, во молитва за спас од сушата, а кога ќе прокапе - една жена од радост излудена танцува во ноќта, на дождот, сама и гола, со тело како црна маслинка и со звук на там-тамите, да се вљубиш во неа без предрасуди: звукот на там-тамите на нејзините претци можеби е и твојот праговор.

Ако наслутиш макар дел од тие згуснати и комплексни значења, ќе се почувствуваш темелно прочистено, катарзично.

Шопов поживеа само 59 години. Тој е аксиом кој покажува дека на животот не му се мерка годините, туку она што им се остава на поколенијата во наследство. Според таа мерка тој им припаѓа на долговечните, на вечните.

ПОТРАГА ПО ЗБОРОТ И ОТКРИВАЊЕ НА ПЕСНАТА

Како да се раскаже топла човечка приказна за личност каква што е **академик Блаже Конески** која, речиси, немала свој приватен живот? Неговата биографија е едноставна. **Меѓу датумот на раѓање: 19. 12. 1921 година во Небрегово, Прилепско, и смртта на 07. 12. 1993 година во Скопје,** нема ништо друго освен непрекината, напорна работа. Завршил Филозофски факултет на универзитетите во Белград и Софија. Со невиден занес и самопрегор ѝ пристапува на професорската задача на Филозофскиот факултет во Скопје. Втемелувач е на Македонистиката на Универзитетот, а бил и негов ректор. За академик Блаже Конески без дилема може да се каже дека целиот живот му го посвети на својот народ, неуморно чинејќи го она што го разбрал како лична мисија во епохата во која тој вековно угнетуван народ видел малку скржава светлина на крајот од тунелот која имала потреба да се сочува, да не згасне, да стане факел што ќе свети низ времето, засекогаш. „Беше заден час“. Работата го промовира во корифеј, но не мина без опструкции. Додека тој ја бараше смислата и во Сизифовата работа некои го залостија каменот од спротивната страна... „Кајшто мислата е оптужена, а чувството изложено на потсмев – верувај ѝ

на својата болка“. Овие стихови на Вистан Хју Одн ми звучат како сочувство со Конески поради подлоста на разни бездарници.

Но, татковината чекаше. Таа маченица после десет века се напрегаше како феникс да се придигне од пепелта со поубаво лице што ќе го сакаат сите. Образованието на мајчин јазик беше попотребно од лебот што се делеше на купон, неопходни беа училишта, учебници, државни институции. Сè, како на почетокот на Големата креација. Нели, на почетокот беше зборот. Педесетина години порано визионерот Мисирков ги трасира магистралните правци што водеа до посакуваниот резултат. Додека Кепески ја напиша првата граматика за тековните потреби, Конески пристапи кон подготовки за кодифицирање на македонскиот литературен јазик. Започна од темел: утврдувањето на фонемите и морфемите, па грижливо собирање на лексички материјал како основа за јазик со високи стандарди и со претензии рамноправно да се нареди меѓу модерните светски јазици и да ја потврди силата и носивоста на сложени уметнички дела. Тоа беше единствениот, вистински начин да се приближиме кон развиениот културен свет. Со Крум Тошев го составија првиот „Македонски правопис со правописен речник.“ Го напиша трудот „За македонскиот литературен јазик“, ги состави: „Граматиката на македонскиот литературен јазик,“(два дела), „Речникот на македонскиот јазик“, (три дела), „Историја на македонскиот јазик“ и уште многу трудови од таа област, со особена нагласка на јазикот во народното творештво од кое беше фасциниран и на кое укажуваше како на непресушен извор за перманентно лексичко збогатување. Тоа е таа далекусежна визија за раскошната градба на „целокупната татковина“, како што многу суптилно го дефинираше јазикот. Еминентните светски слависти го нарекуваат великан и гениј, не сфаќајќи го нашиот дребникав менталитет кој не негува свест и чувство за достојна почит кон оние кои оставиле траен знак на нашиот опстанок. Се однесуваме како тие да се раѓаат катаден. О, заблуди! Тие се реткост дури и во големите народи и култури. Му благодариме на светот, кој препознавајќи го грандиозното дело како цивилизациски придонес, го награди: со „Хердеровата награда,“ „Његошевата,“ „АВНОЈ,“ „Златен венец на СВП,“ „Скендер Кулено-

виќ," „Награда на Сојузот на писателите на СССР"... Беше член и прв претседател на МАНУ; на академиите во Загреб, Белград, Сараево, Чикаго, Лоѓ, а почесен доктор на науки на чикашкиот, краковскиот и скопскиот универзитет. Го интересираа капитални прашања и одговори. „Космосот, нанапиша во „Таблица первја", се крепи на дуализмот и од него зема внатрешна сила. Ден и ноќ. Лето и зима. Добро и зло. Вечна борба без крајна победа и краен пораз. Поради законот на местото, оптимизмот е подобар избор од песимизмот. Сè е загубено без верата дека човештината сепак може да си создава поширок простор".

Неговата поезијата од почеток беше авангардна, го обележа минатиот век. Тој знаеше дека суштината на поезијата се овоплотува во јазикот и неговиот естетски дизајн, а суштината на јазикот произлегува од суштината на народот и неговата историска судбина, од традицијата и просторот. Јазикот и поезијата што ја создаваше нераскинсливо сраснаа, меѓусебно се доградува, а тој се грижеше за нивната взаимна функционалност. Затоа се родија прекрасни творби: „Земјата и љубовта," „Везилка," „Песни," „Стерна", „Ракување," „Записи," „Стари и нови песни," „Места и мигови." „Чешмите," „Послание," „Средба во рајот," „Златоврв," „Сеизмограф," „Црква," „Небеска река." „Црн овен," како и расказите „Лозје" и прозата „Дневник по многу години".

Конески е еден од ретките, кој се трудеше да го симне мистичниот вел на создавањето, преку својот опит да го објасни раѓањето на песната. Мотивите ги откриваше во секојдневието и во народната традиција со будното око и срце.

„Зар чудно е тогаш"... без ризик од претерување, човек да се запраша: дали е привид или вистина дека во „Тешкото" ја собра целата македонска историја, а не ја наруши лиричноста, не ја обремени со декларативност? Има ли срце што не затреперува кога ја чита и слуша!... Или пак „Везилка" со... „.две шарки твои, црвена и црна", втиснати во генетскиот код на народот од векутума; преку Болен Дојчин: „Јас копнеам гроб темен и студен / нема крај без мојот подвиг суден... Непозната жено единствена на светот / сестро и мајко моја...збери ги моите мувлосани коски, не грози се,/ состави

ме, /повиј ме во триста лакти платно, / речи ми тих реч, / исправи ме, /научи ме пак да одам, мајко, /дај ми в рака меч -/ да убијам црна Арапина./ Да умрам“. И може сѐ така редум да се набројува од „Стерната“ до „Губењето на силата“… до „Чувај го зборот“. Во неговиот пев секој ја пронаоѓа својата мака, или радосен трепет, сеедно дали од тоа ќе се роди песна или само воздишка. Со неисцрпната творечка енергија, народните мотиви ги крена на повисоко значенско рамниште, им даде посебна уметничка и естетска димензија, та така „простата и строга македонска песна“ се здоби со униврзални вредности. Горди сме што таа волшебна поезија преку препевите на бројни светски јазици стана своина на бележити земји и народи.

Од многуте наслови одберете нешто за своја душа. Ќе се вчудовидите колку многу нѐ познавал и колку мигови од нашиот живот има во неговата поезија, оти секогаш беше со нас, и таму, во вечноста пак ќе е со нас: кроток, радосен, тажен, блажен, со скрама во душата, но и со ангелот под малтерот на Света Софија: „Ти којшто толку време мина /под малтерот на ѕидот мрачен, / пак слободен си в простор зрачен/... Но таа лика што се крие / под малтерот на мојте гради / …не, нема мајстор да ја спаси, / со мојот живот ќе се згаси“.

Искрено верувам дека ние и оние по нас, побожно, со дланка ќе го завардуваме од странични удари на див ветер - тоа кандилце да пламти вечно со вечен пламен!

ОБЛЕКА НА ДУШАТА

„Господе, не оставај го никогаш човека сам за да има кого да праша во задниот час: дали живеев“? Отец Иринеј

Романот **„Облека на душата“од Бошко Смаќоски (Модрич, Струшко, 18. 9. 1938 – Скопје, 1998)** претставува една мозаичка, потресна приказна од средината на 17. век. Мотото е чиста есенција. Секој човек, како и да го минал векот, еднаш ќе се најде пред најважното прашање: дали живеев? По што ќе биде запаметен мојот живот? Оставив ли зад себе барем малку добрина или ќе ме паметат само како грешник?

Приказната е лоцирана во Прелог, Поречка нахија, измешана со турска војска и чауши, аги, бегови, даночници, управители, муфтии и оџи, бранители на „најдобрата и најчиста вера“– муслиманската. Поблиску до нив се мештаните потурчени, кои го замениле Христоса со Мухамеда, што од страв, што од стрв за привилегии. На спротивната страна се христијаните кои останале на своите огништа и во својата „облека на душата“, во својата исконска вера и верба дека ропството кога - тогаш ќе заврши, но без таа „облека“ ништо не си!

Семејството на Дабижив Степаноич е стожер на приказната. Иако, Дабижив не е син на Перун Планина од Прелог, туку неговата

втора жена го донесла од Распат по смртта на својот прв маж, му го дала името и презимето од првиот, а велела дека е зачнат во грешна врска со Перун, за да може да му го препише имотот на детето. Била убава и нејзината измислица изнедрила грди приказни. Набргу умира и Перун, таа останува само со синот. А тој на седумнаесет години ќе ја задави кога ќе ги види нејзините усни на челото на Курт Доган, стар и грд, стопан на Распат, кој им помогнал во преносот на имотот. Воислава го бацила в чело како брат што се бацува. За синот бакнежот бил предавство на честа и не можел да прости. Кога ќе се озакони љубовта на Дабижив и Стана, им се раѓаат децата: Никола, Перун, Костадин, Калина, Трифун, Лазар, а по Лазара – Станислава, „а да ја крстиме Воислава“ ќе се присети жена му. „На некое од внучињата, ако сакаат нека ѝ го обноват името!...Не можам, жено! За децава можеби ќе биде убава приказна, светица можат да ја прогласат. А можеби и беше, грешен јас“, ќе воздивне Дабижив.

Дедото Никола, таткото на сопругата на Дабижив, место и сон не го фаќа од некој ѓавол што го мами да се потурчи. „Селиштено Мраморица, двапати поголемо од Прелог наш, цело ќе ми го дадат, најмногу земја во Поречијава ќе имаме.“ „Кога мислиш да се потурчиш“? – на Николица ќе ѝ се замати умот, ќе се заниша, ама се додржува на нозе. „На сам ден Божик“! На тој свет ден Николица и Стана ќе пробаат, пред да тргнат в црква, да го вразумат, никој со ништо не може да го помрдне - и го оставаат. Сепак, на колена ќе стигне до црквата и ќе влезе токму на време да изусти: „навистина се роди“! И ќе умри. Дури тогаш Дабижив му го простува ѓаволското искушение, особено ако: ...„во последен момент се отрезнал, со доброволна смрт си го уцврстил останувањето во верата.“ ...„таквата приказна се слуша со скрстени раце и гола глава!“

Потоа Дабижив седум години ќе талка на север како војнух, позадина на аскерот, во обид да се мине Сава и да се освои Панонија. И по толку години војските поразени се враќаат преку Босна и Косово, назад во Македонија. Во Прелог најнапред го среќава Радуле, сега Рамче, син на баџанакот, пораснал, не го познава. Дабижив забележува дека на внукот му недостига левата дланка.

Радуле го фаќа погледот и како некого да прекорува, вели: „И тетка ако му ја отсечеше дланката, Никола сега ќе беше овде, а не во Стамбол“.

Стана беше решена да ја ризикува дланката, да си го сочува детето. Но кога го погледна во левата рака сфати дека не може да го остави без обете. Никола беше левучар, со десната не можеше ни да се прекрсти. Со судни маки одвај го научија барем да се крсти. Остави првороденчето да го одведат во Стамбол. Потоа три недели ни в уста нешто ќе стави, ни од уста ќе извади. Така умира.

Откако Дабижив малку ќе се соземе, ќе ги прибере децата заедно со бабата Николица во својот дом. Секое дете одделно има лична судбина и горчлива приказна. Лазар им е гордост: ајдук, кој има симпатии и меѓу непријателите, оти беше ајдук што се бори, не ајдук што сака да се збогати: „Добриот непријател е како сонцено Алахово. Ти го осветлува патот, ако си слеп – ти нема спас“, ќе рече Демир–паша, битолскиот валија, и ќе приреч: ...„ајдукот Лазар е името на стравот што не го познвавме досега, тој нема намера само да се бори туку и да победи.“

Ќерката Станислава, веќе мажена жена, една проклета ноќ е силувана од Сулејман Челеби. Таа не може да живее со понижувањето и срамот, ќе скокне во бездна. Ќе ја најдат спружена, со очи вперени во небото и запрашани: Боже, зар не гледаш? Лазар ќе му ја локне крвта и покрај лудата понуда да се откупи: „Имам многу, барај колку сакаш“! „Немаш многу, Челеби, и ти имаш само еден живот“. Го закопале длабоко во дворот рамно со земјата, без никаков белег.

И тогаш, Лазар не се видел со татка си. Старецот отишол в шума да се самоубие од жал за ќерката. Ќе го премисли Бојко Маркоич.

Преубавата, млада и бесна вдовица на Дилавер–ага, Емине смртно ќе се вљуби во синот на Дабижив, Перун. Ноќи и ноќи ќе поминат во сладострастие и веќе не може без него. И тој е маѓосан од убоста нејзина, но не прифаќа да ја ожени, не затоа што веќе е женет, туку зашто не сака да си ја смени верата. „Тогаш јас ќе станам христијанка и ќе се венчам со тебе в црква“. Пред црквата ја

убиваат Турците, не можеле да поднесат таква навреда на верата! Погребана е до гробот на Стана, по христијанскиот ред. Перун умрира неколку месеци подоцна.

Овде не е крајот на судбините, кои Бошко Смаќоски ги раскажува низ еден згуснат израз, без патетика, иако настаните влечат во таа насока.

Неговиот творечки опус го сочинуваат: четири книги поезија за деца и млади, една книга раскази за деца и млади, четири романи за млади, една книга гатанки, а за возрасни: шест поетски книги, две збирки раскази и романите: „Корениште," „Облека за душата," (1986), „Преку две реки, преку три планини," „Полна месечина," „Животот занает најтежок,"„Димензиите на крстот," Освен тоа, автор е на повеќе радиодрами, радиокомедии, радиоигри за деца и телевизиски драми. Добитник е на наградите: „РТВ Скопје," „Стале Попов," „Кочо Рацин," „Ванчо Николески," „Гораново пролеќе."

Приказните за ропствата и непокорот треба постојано да се прераскажуваат, никако не смеат да се заборават. Тие секогаш драматично предупредуваат!

А К Т Е Р О Т



Современиот македонски поет и раскажувач **Братислав Ташковски (Скопје, 1960)** иако не е пензионер, се најде на страниците на Весникот од едноставна причина: напиша несекојдневен,документаристички роман посветен на актерот **Ристо Шишков,** со што „македонската книжевност пополнува една празна графа за важни луѓе од нашето минато“. (Венко Андоновски)

Промоцијата на романот, како што прилега за актер, се одржа на големата сцена во МНТ, со перформанс на студентите на ЕСРА по драмскиот текст „Уа“ на Ташковски на истата тема, а продолжи со инспиративните искази на промоторите: Венко Андоновски, Бранко Ставрев, Јордан Плевнеш и авторот. Салата беше преполна со почитувачи на Актерот, возбудени и внимателни, тивки, со понекоја воздишка. Присутните се однесуваа како Тој и сега да е на сцена и игра нова насловна улога, оти никогаш и никого не оставаше рамнодушен, како да велеше: чуму игра ако гледачите не се со тебе, тогаш оди играј мижитатара со децата на улица.

Животот на актерот Беломорски е реконструиран врз основа на двете досиеја, продукт на долгогодишното следење и кодошење од едночудо службени душкала и ликови од серијалот „пријателски врски“(!), нераскинливо е поврзан со подлата работа на високиот

чиновник на некогашната УДБА, Алексо Патраков - Вампирот. А Вампирот скапува на смртна постела, го грицка ракот, само што не му ја предал грешната душа на ѓаволот. Во едно згуснато време во кое според традиционалното верување човекот претсмртно го изодува сиот свој живот, низ реминисценции и напнати разговори со неговата соработничка Благородна, на која, патем, ѝ го убил мажот. Потоа му станала љубовница и верна сенка во сè што преземал во службата. А во службата врвот го достигнува кога добива доверлива задача да го следи безмерно талентираниот актер и убав маж, чиста негова спротивност, токму за лечење комплекси. Настрана што сон на секој таков чиновник е „крупна sверка“ за која треба да се подготви дебело досие што води директно во смрт.

Шишков е роден во Егејска Македонија, **(23. 03. 1940 година.**) Овој податок е целата негова политика. Во личната карта му беше запишано родното место: Мрсна, Република Грција. ***„Што сум, значи, јас, Грк“?*** – прашуваше гневно.

Семејството Шишкови 1945 година како бегалци од Егејска Македонија, преку Бугарија, стаса во Струмица пред Граѓанската војна. Ристо таму изучи основно училиште, а гимназијата ја заврши во Штип, како одличен ученик. Според Бранко Ставрев, пријател и соработник отсекогаш, во чија режија одигра најголем број улоги од домашната и светската драматургија, - сонувал да стане атомски физичар. И бездруго ќе станел оти имаше силен ум. Но, заврши Театарска академија во Белград (1962). Една година работи во Југословенско драмско позориште, а од 1964 е првенец на МНТ. Одигра над 40 главни театарски улоги, повеќе домашни телевизиски филмови и серии, над десетина филмови во нашата сиромашна продукција. Беше гневен што носечките филмски улоги им беа доделувани на актери од други средини, иако овде имаше адекватен избор. Да нема недоразбирања: здраво е културите да се мешаат, но тој принцип белки треба да е двонасочен, а не беше.

На 23. и 24. април 1979 година за време на снимањето на филмот „Води“ во Ташмарунита и Струга се случува испровоцирана кавга со дел од актерската екипа од српска и хрватска националност, по која му е стокмено тешко обвинение за „предизвикување

национална, расна и верска омра за, раздор и нетрпеливост, навреда на претседателот на СФРЈ, другарот Тито“. Осуден е...

„Државната репресија – една година пред смртта на Маршалот, кога звукот на уривањето на старата држава веќе се слушал – можеби и можела да се очекува. Но тоа се претворило во пир. Не се казнувал нечиј чин, туку з б о р о т“… (М. Маџунков) Сепак, најлошото допрва следи. Забраните, со политичка одлука, беа драстични: да се исклучи од филмот „Води“, снимениот материјал да се пресними со друг актер, да нема пристап на ТВ програмите, да не се прикажуваат претходните остварувања, да се спречи неговото враќање во театарот... Дури и кога вистинските пријатели полека го вратија, не му беше полесно: другите забрани сè уште важеа. И тогаш, и денес немам одговор: што ум ќе да беше тој што смисли таков апсурд: пред премиера доаѓаше ТВ екипа да сними „некое парче“ од претставата и кус разговор со режисерот. Камерманот мораше да внимава да не му влезе во кадар главниот актер, ако тоа баше Шишков. Цензура? Не, тоа беше интернација од она што беше негова примарна љубов и смисла на животот. И најтешка казна. Го погодија в срце.

Почина 1986 година. Не му беше оставен избор. А толку го сакаше животот колку своето актерство, колку децата и својата Македонија.

Актерот Ристо Шишков - Беломорски, ми се чини, покрај краткиот фитил на провокациите, некоја испиена мастика или вињак после работа, што не би требало да се смета како порок, оти луѓето од уметничкиот свет живеат интензивно и под стрес; верувам дека и она што подоцна ќе му донесе толку лични, семејни и професионални трауми, на почетокот го разбирал како театар во алтер-

нативен простор. Последиците од таквиот идеализам ќе ги сфати предоцна, откако ќе загуби сè: спокојството, семејството, пријателите, последното засолниште – неговата сцена, неговата глума, аплаузот како највисока награда, која никој не можеше да му ја одземе, кога веќе не му ги доделија оние што супериорно ги заслужи. Неговото последно учество на Стерииното позорје со „Кенгурски скок“, е одлична потврда. Чали, алиас Никодин од Македонија, Шишков го толкуваше маестрално и беше најавен како сигурен добитник на „Статуетката“. Во последен момент некој замеша прсти. Крајот е класика. Убиство или самоубиство, сеедно.

Во драмата „Зајдисонце“ на Исак Бабељ, во режија на Бранко Ставрев, Актерот ја толкуваше улогата на Мендељ Крик, во која за помалку од два часа остаре пред очите на гледачите. Рабинот во синагогата во проповедот додава: „Исус Навин беше голем безумник...И Мендељ Крик, членот на нашата синагога, не беше поумен... Цел живот сакаше да се топли на сонцето онаму каде што го затекна пладне“. Реплики кои буквално се однесуваа на Шишков, кој копнееше по највисоката точка на сводот небесен, зенитот.

Папратот расте начичкан, стебленце до стебленце, сонцето не може да sирне до земјата и да ја стопли. Тоа е омиленото коначиште на змиите. ***На дабот, пак, му треба широчина, да се разграни и разлисти за да биде свежест и починка за секој добронамерник.***

Ама го привлекува и вниманието на дрвокрадците, кои ќе се намерачат да го кутнат.

ТАЖНИ СВЕЧЕНОСТИ

„Многу е депресивно да се живее во време кога е полесно да се разбие атом околку една предрасуда“
Алберт Анштајн

Современиот македонски раскажувач **Васе Манчев (с. Робово, Струмичко, 20. 02. 1949 година),** осведочен мајстор на краткиот расказ, депонира во нашата книжевна ризница сериозен уметнички влог. Суверено владее со долгите реченици со што постигнува широк опфат на надворешната слика и нејзината детализација и грижливо осветлување на внатрешното устројство на ликот „со сите надежи и страдежи“. Свесно користи и зборови од родниот крај. Тој знае дека јазикот онтолошки е отворен систем кој постојано се шири и доградува. Секако, препорачливо е локализмите да го следат духот на јазичната норма за да ги прифати праксата. Користи и еден малку практикуван опит: доколку по звучна асоцијација се сретнат „два созвучни збора“ (Б. Конески) блиски до смислата на исказот, стапуваат во римувана спрега и му даваат додатна лиричност на внатрешниот говор.

Книгата „Тажни свечености“ всушност е тематски избор од четирите збирки: „Суша и душа,“ „Подгорен корен,“ „Клето лето,“ „Чинки.

Коректно ли е употребен контрастниот епитет тажни пред именката свечености? Расказот „Свадба“, поедноставено прераскажан, ќе даде консеквентен одговор. Женидбата е пресвртен настан во животот. Долго се печали и штеди да се направи тој ден, таа семејна свеченост за паметење. Се канат блиските роднини, пријатели, каде и да се. Од градот е поканет гостин: учен, познат, достоинствен. Доаѓа облечен во бело од глава до петици. Го ставаат на чело на трпезата. Зад него како ангел чувар стои убаво девојче. Сите нешто го прашуваат, му кажуваат кој по која линија и во какво сродство е со него. Тој учтиво ниша со главата, речиси ништо не разбира, но се труди да не стрчи. Го нудат да се послужи, да касне, да се напие, да се свесели. Ќе штрбне малку од понуденото и се загледува во натисканиот народ, кој веќе влегува во еуфорија. Се растегнува оро, тој се фаќа, но не го погаѓа ритамот, непознат му е. Пробаат да му помогнат, без успех. Се привршуваат свадбените ритуали, радоста кулминира. Конечно се оди по невестата. Тој останува с а м, заборавен, непотребен.

Сите раскази ги содржат двете компоненти со кои вешто се варираат спротивносте. Убавото петле со три жолти фуфули, на пример, е среќно додека си претка во буништето и повремено покпува некоја млада кокошка за да снесе оплодено јајце од кое ќе се испили нов живот. Стопанот, пак, се намерачил да го жртвува за оризникот за „Неделниот ручек“, (одличен, награден расказ.)

„Бунар“, е огледало од кое бега осамената жена, која со нескриен трепет и надеж го чека својот маж од печалба, а при секое наведнување над бунарот да зафати вода се среќава со своето сѐ понабрчкано лице во водениот одраз, како самата смрт да ѝ се потсмева. Козата, единственото суштество со кое ја дели осамата, ја добива природната слобода пред „срамниот грч по силен прч“, да се изнаљубува во коријата а кога ќе си врати дома ја гледа стопанката в очи како човек што ја сожалува. „Бате“, пак, е чекан како Господ, да си дојде и да го прекрои страдниот живот: со пари, со куќа најубава, со невеста најлична. А се враќа во долго излижано палто, под кое страдното, крастосано, исушено тело е изнавиткано со партали: да остане исправено барем тогаш. (Вечното просту-

мење на нашиот митски Болен Дојчин, наспроти сè: со подвиг или со пораз, сеедно: некој со Црна Арапина на врвот од мечот, некој часкум ќе испари како капка роса.) Со опустошена душа пред штироста на животот; физички распаднат, во окото нема населено ништо, празнотијата го освоила сиот простор и време и тој снеможен се мушнува во нејзините прегратки – конечно да се израминат...

Сепак, главниот акцент во приказов е ставен на расказот „Старата гитара на Андре Навара“. Тој е прекрасна реплика да се предочи една глупава предрасуда. Имено, стереотип е перцепцијата на уметниците од сите гранки, без исклучок: разгалени, со полни џебови, а вечно незадоволни, суетни и пијани!

Андре Навара, еден од најмаркантните уметници инструменталисти на минатиот век, кои неправедно ги нарекуваме: репродуктивци: што подразбира „сол е сол и фа е фа“, траењето е нотно запишано и репродуктивецот треба сал да не ја изневери партитурата. Тоа е елементарното ниво. Малкумина знаат како тоа мртво писмо што го владеат само стручните луѓе, оживува во духот на уметникот: да стане волшепство што понесува и замајува, ја брише границата меѓу композиторот, изведувачот и слушателите. Во тајните долапи на душата им клечи стравот пред секој настап, како да е прв: ќе ги понесе ли инспирацијата што ќе ја оневозможи тишината „да стане глувост рамна на смрт, или болен пораз“!

Навара треба да настапи на големата културна свеченост, „Охридско лето“. Додека го возат од аеродромот кон Охрид го здогледува Езерото, возбудено крикнува и бара да се застане. „Се загледуваше во бистрата зеленикава вода...од чии вдлабнатинки како од таинствени грла на невидливи езерски русалки, извираше возвишена музика, најубавата, што било кога под вишното сонце, ја слушнал... му заигра зелен извор под грлото... со неодмерена животна жед: што повеќе звучна убавина да впие во својата душевна безграничност... Патем раскажуваше... дека благодарение на прошетката покрај божественото езеро на несфатлив начин најдлабоко се нурнал во својата психа и речиси ја допрел нејзината најголема тајна.

Со таа опиеност вечерта ќе настапи на свеченоста во „Света Софија“ пред „насмеани луѓе, озарени со звучна пресреќа“. „Свирам под силен впечаток од волшебната музика на овдешното божевно поднебје“, признава. Но, додека се одмора на канабето под високото полуосветлено кубе, ќе го притисне страшна, тешка тишина. Молкот ќе му ги згрчи прстите, срцето одвај отчукува. Зачекорува по камениот под, плеска со раце да намами звук. Го носат во хотелската соба, одбива лекарска помош, моли да го остават. Ги отвора прозорците, вдишува длабоко, се вsира во растреперената ноќ над градот и во одразот во езерското огледало, ветрето ја раздвижува сликата, Орфеј се огласува. Нежно, како што в прегратка се зема убава жена, го зема инструментот. Жиците ќе затреперат, се раѓа тон. Каква среќа! Но сред тој заносен миг гостите од соседната соба силно удираат по sидот: „какво е ова вежбање среде ноќ“! Магијата исчезнува, се враќа болот. Ах, колку се ранливи тие луѓе!

Кон споменатите збирки претставени со овој избор треба да се додадат уште: „Насушна сушност,“ „Залудни раскази,“ „Измислена душа,“ „Сиреч,“ „Волшебно време.“ Во другите форми, сумарно: два романа, четири книги драмски текстови, една поема и една поетска збирка. Член е на ДПМ (1980), на Македонскиот ПЕН центар. Награди: „Рациново признание“ и „Стале Попов.“

Книгата „Тажни свечености“ предупредува дека ништо не е толку едноставно како што се чини; шокира со трагичните, смешни, зачудни, необични, искривени слики низ дискурсот на една реска гротеска. Тие раскази мајсторски се раскажани и заслужуваат продлабочено читање и мечтаење.

Интервју со д-р Васил Тоциновски

СИМБИОЗА НА РЕДОК ЧОВЕК, ТВОРЕЦ И НАУЧНИК

Д-р Васил Тоциновски е редовен професор, раководител на Катедрата за македонски јазик на Универзитетот во Риека. Одбивам да верувам дека има читател кој нема увид барем во дел од неговиот разнороден творечки и научно - истражувачки опус. Сепак, професоре, речете нешто за себе, направете еден личен кроки портрет за нашите читатели!

Судбината посакала да се родам во знакот на двоен лав, далечната 1946 година, во питомото гевгелиско село Стојаково. Мојот дедо во тоа скудно повоено време дошол во Велес и со себе, на сигурно, ја прибрал ќерката Спасија, која наскоро требало да се породи. Три месеци потоа се вратил војникот Стојче и со себе го повел, сега веќе семејството: жената и тримесечниот син назад. Простете, ако звучи самобендисано, што постојано ја истакнувам гордоста оти сум дел од традицијата и континуитетот на овој древен град, стожерник на нашето македонствување. По осмолетката во „Св. Кирил и Методиј“, гимназија завршив во „Кочо Рацин“. Тоа е времето на моето вистинско созревање и профилирање. Со Рациновата стипендија

полесно ги минав студентските денови и во 1969 година дипломирав на групата Историја на книжевностите на народите на СФРЈ на Филозофскиот факултет на Универзитетот во Скопје.

Првите работни обврски. Какво влијание имаа на Вашите подоцнежни творечки пориви?

Веднаш по дипломирањето, есента се вработив во Телевизија Скопје каде минав цели две децении. Од новинар приправник, до коментатор и уредник, па главен и одговорен уредник на Втората програма и на Секторот за училишна, образовна и научна програма. Да споменам дека во некогашната Македонска телевизија тогаш работеа над стотина писатели. Тоа беше една убава средина во која секој вреден и надарен поединец добиваше шанса да се реализира. Тие години со своите први книги се посведочив и како писател. Во 1989 година заминав на работа во универзитетските те институции кои ми овозможија целосно да ѝ се посветам на науката. Сите животни и творечки врвици основното место и значење ги имаат во континуитетот. Имав среќа и можност да си ги остварам соништата од таа област.

Колку време посветивте на Вашата младешка љубов, литературното творештво. Има ли некоја посебна тематска оска или тоа е светот на младите и возрасните со дневните животни преокупации?

Постои златно правило оти еден живот како возвратна мера бара друг живот. Или едноставно речено за животот на литературата мора да го дарувате сопствениот, еднаш и кратко даден, човечки живот. Импровизации и интриги нема, тие брзо се препознаваат и обезвреднуваат, ве снемува во темнината и правот. Се радувам што ме служи здравјето и со подеднаква страст и љубов можам и натаму да ѝ се предавам и на, како што велите, мојата младешка љубов. Книжевноста постојано извира и го одразува самиот живот, но да не заборавиме оти притоа таа секогаш била и останала нешто

повеќе од самиот живот. Тоа ќе рече оти творецот создава во своето време и опкружување. Активно присутен и вграден во катадневието. Во неговите радости и болки, победи и поразии, копнежи и соништа. Не признавам автор сам за себе, затворен во сопствениот кабинет, со своите идеи и идеали. Тој можеби има мајсторство и знаење, но нема душа. А без неа нема ни свет, ни човек, ни живот. Тоа ти е како со условната поделба, да речеме, на литература за деца и млади и на онаа за возрасни. Единствената назнака на секое книжевно дело е само неговата естетска вредност. И секако, откривањето и препознавањето на универзалните човечки димензии во него.

Кога ја погледнав Вашита хронологија педантно срочена во книгата „Мост од ѕуница“, се штрекнав. Има ли овој човек време, си реков, покрај работата, што може да си го посвети себеси, на семејството, на блиските. Навистина, како стоите со времето?

Народната мудрост поучува оти нема ништо што човек не може да создаде и совлада. Потребна е само бескрајна позитивна енергија. За мене семејството е и благослов и богатство. По природа сум динамичен и љубопитен човек. Мислам оти имам добри работни навики кои се трудам да ги исполнам чесно и до крај. Но, и тоа не е доволно да се биде свој на своето. Секогаш мислам со сопствена глава, расудувам и така постапувам, независно дали тоа некому му се допаѓа или не, зашто битно е јас да верувам и да бидам сигурен во себе. Е, тука е споменатото време. Секој минат миг станува конечно минато, кое никогаш не се враќа. Затоа се самоорганизирам на начин што подобро и покорисно да го исползувам даденото време. Запишаниот месечен план точно одредува што треба да се сработи, да се исполни, мислејќи на иднината, без која нѐ нема; да се бележат новите идеи. Така взаимно со времето работиме и дејствуваме, мислам оти досега добро ни оди, да сме живи и здрави!

Пописот на сè она што сте го сработиле во изминативе децении на полето на книжевната историја и есеистика импресионира. Како се дефинирате себеси: како литерат или како научен истражувач?

Припаѓам на онаа помалубројна група трудбеници кои во себе ги обединуваат писателот и научникот. Мислам оти тоа е условно совршена комбинација, ништо необична. Во таа взаимност никој никому ништо не му одзема, не го омаловажува, напротив тие меѓусебно се дополнуваат, дообјаснуваат и доречуваат. И она што особено сакам да го потенцирам е нивното облагородување. Како вредносен пример, со висок респект би го спомнал мојот професор, академик Гане Тодоровски. Како би се дефинирал себеси! Едноставно како неуморен истражувач, вљубеник и во едното и во другото, како едно цело и неделиво. Богатство е кога имате две нешта. Како што сум богат човек со своите Стојаково и Велес, исто така сум среќен како писател и како истражувач, научник. Тие се и прекрасен простор за одредени бегства. Ви здодеало од научните факти и аргументи, од строгоста на историјата, па посакувате да им се препуштите на своите соништа и копнежи. Имате ли побезбеден небосклон од песната, расказот или романот. Тие се ваше слатко ропство. Птица сте во бескрајни небесни синевини. Кога ќе посакате повтор можете да им се вратите на истражувањата и науката оти тие се смисла и логика на егзистенцијата.

Наведете некои од своите најзначајни трудови, кои поради своите културно-историски и други вредности Ве прават посебно горд!

Тешко е, но ќе се обидам да одвојам понешто. Тука е секако монографијата „Зборот куршум и динамит“ за Атанас Раздолов, (1990) инаку моја докторска дисертација, која во 1991 година ми ја донесе високата државна награда за наука „Гоце Делчев“. Трудот „Жаров бунтар и буревесник“ за Михаил Сматракалев (1994) по која дојдоа десетина книги во кои првично се раздиплија многу вистини

и тајни за блескотното поглавје во македонската литература: Македонскиот литературен кружок во Софија (1938-1941). Интимно сум приврзан кон личноста и делото на Антон Попов, како со него да сум го минал сиот живот. За него пишувам со посебна почит и љубов. Да признам: мои омилени книги се романите за деца и млади „Мегдан за игра“ и „Ден потоа“. Минатата година првично на хрватски јазик се појави збирката раскази „Сушачко попладне“ која ја доби наградата за најдобра прозна книга за 2010 година на Хрватското книжевно друштво. Ја изделувам затоа што во неа откривам една своја нова поетика, што за среќа, ја препозна и книжевната критика. За мене е голема радост што книгите со книжевно-историски студии „Возбуда по зборот“, монографијата „Род и пород, како и „Време минато и сегашно“ имаа повеќе од по дваесет афирмативни рецензии, кои за секој автор се голема сатисфакција.

Зошто токму тие? Кажите ни берем некоја од поважните причини!

Зошто ги одвоив токму нив! Се обидувам во секоја нова книга, во секој нов научен труд, да се прошират и да се збогатат енергиите и хоризонтите. Јас умеам да се дарувам и тоа ми причинува радост. Притоа никогаш не калкулирам колку ќе ми биде возвратено. Оставам компентентните, стручната јавност и читателите да го вреднуваат мојот труд...

Голема работа е да умеете да се радувате на малите, секојдневни нешта.

СКОПСКИ РАСКАЗИ

Неодамна во прилогот за мајсторите на македонскиот расказ, меѓу останатите, беше наведено и името на академик **Влада Урошевиќ.** Од мноштвото одлични раскажувачи одлуката токму тој да биде посебно претставен, се потпира на најмалку три неспорни значајки: Прво, најбројниот дел од посочените веќе беа порано претставени преку друг жанр: поезија, роман или драма. Второ, Урошевиќ е еден од ретките урбани автори кај нас. Конечно, неговиот раскажувачки интерес, главно, е насочен кон фаснтастичното и надреалното. Во книгата „Скопски раскази“, обработува теми од Скопје, градот во кој израснал и во кој го премерува својот дел од космичкото време, градот што сега го нема таков каков што сме го знаеле, еден друг град, како што вели самиот. Раскошниот талент доаѓа до израз преку вчудувачката леснотија со која филигрански прецизните описи и енергијата што градот ја впил во себе од луѓето и настаните низ времето, ги доведува во аналогна врска со влијанието на далечни енергии, или енергијата што тој ја еманира кон простори со кои не се допира. Како иницијација постои реален факт: зачуден предмет, сабја, накит, реквизит, искината завеса во Театарот зад која сè уште се засолнува Музата, итн. Сето тоа согледано низ диоптријата на Урошевиќ, на крилјата на фантастичното поприма очудувачки значења. Тоа е некој вид паралелен тек на настаните овде со времиња и настани во предели дални, докажувајќи го

законот на геометријата: ја открива точката на пресекот во бесконечноста, во несвесното, во феноменот déjà vu, во глобалната митологија и историја на цивилизациите. Творбите, чиј предзнак е фикцијата, се сметаат за успешни ако им се верува. Во клучот е тајната. А клучот се открива преку творечко читање, кое започнува дури по склопувањето на кориците.

Од неговата био-библиографија ќе го наведам само она што го детрминира творечкиот процес и резултат. Тој е поет, раскажувач, есеист, литературен и ликовен критичар, антологичар, преведувач. **Роден е во Скопје, во Дебар Маало, на 17.10.1934 година.**

Неговото творештво, жанровски разнородно и богато, опфаќа поезија: „Еден друг град," „Невиделица," „Летен дожд," „Ѕвездена терезија," „Нуркачко ѕвоно," „Хипнополис," „Ризиците на занаетот," „Мане, текел, фарес," збирките раскази: „Знаци," „Ноќниот пајтон," „Лов на еднорози," романите: „Вкусот на праските," „Мојата роднина Емилија," „Дворскиот поет во апарат за летање," „Дива лига," „Невестата на змејот".

Ако ги земеме превид и критичко – есеистичките текстови, особено оние што го третираат фантастичното, ќе добиеме целосна претстава за значајниот печат на нашата културна мапа. За нас е важен и фактот дека, иако негов мајчин јазик е српскиот, тој го одбра македонскиот како јазик на својот книжевен израз. На македонскиот читател му ги направи достапни големите француски поети: де Нервал, Бодлер, Лотреамон, Рембо, Аполинер, Сандрар, Бретон, Мишо, Боске, преку една грижлива, креативна постапка на препевот, во кој може дури да се начуе оригиналниот глас на певот.

Француската влада високо го цени неговиот придонес во афирмацијата на нејзините духовни добра и го прогласува за витез на Редот на уметноста и културата.

За време на фашистичкото сојузништво бугарската власт го протерува татко му, доцент на Филозофскиот факултет, и семејството во Србија. Но, 1947 година таткото е поканет од првата македонска влада да се врати на работа на новоформираниот Филозофски факултет. Семејството се враќа. Влада се запишува во македонска гимназија и бргу одново го совладува подзаборавениот

македонски јазик и оттогаш тој јазик, сиве децении наназад, е средство за секојдневна и, што е уште поважно, за книжевна и културна комуникација со светот. Така, на најдобар начин, со пиетет, го афирмира македонскиот јазик и ја потврдува неговата творбена валидност во сложени уметнички дела создавани кај нас, но и преку препевите од други и на други јазици: француски, српско-хрватски, фламански… Во 1957 година дипломира на Филозофскиот факултет на групата историја на книжевностите на СФРЈ. Во средината на педесетите години се навестува како поет, а првата збирка поезија се појавува 1959 година. Потоа тој процес од година во година се интензивира и резултира со делата цитирани погоре, како и блескавите критичко есеистички трудови, кои, за жал, ќе останат неспомнати, поради скудноста на просторов.

По катастрофалниот земјотрес и, во драматичните околности, останува присебен и се труди да биде од полза. Воспоставува соработка со редакцијата за култура и уметност на ТВ Скопје: крстосува низ ранетиот град и снима прилози преку кои југословенската и светската јавност ги согледа штетите во културата и културното наследство како последица на разурнувањата.

Подоцна, со задоволство прифати и реализира слободни студии на Сорбона како стипендист на француската влада, 1967/68 година. Не ја запостави ни научно-истражувачката работа, која е негов постојан интерес. Хабилитира на Филозофскиот факултет со тезата:„Некои одлики на книжевната фантастика“, (1981). Избран е за доцент на Катедрата по општа и компаративна книжевност (1982). Докторира со тезата: „Фантастика и научна фантастика – сличности, разлики и области на интерференција“ (1987).

Носител е на престижни домашни и странски награди за книжевните дострели, како и за препевите и антологиите. Дописен член е на меѓународната „Академија Маларме“ во Париз и редовен член на Европската поетска академија со седиште во Луксембург. Член на МАНУ, на македонскиот ПЕН центар, на ДПМ од 1961 година.

Книгата „Скопски раскази“, содржи черитиринаесет раскази и

три издвоени текстови именувани како разгледници. Во една, со наслов „Сентиментална прошетка“, од август 1963., пишува: „Еден град е урнат, но тој останува да трае во нашето сеќавање. Не е ли тоа, сепак, (и со помош на Пруст и без него) еден исто толку полноважен вид на траење? Ние сепак ги имаме тие улици по кои се шетавме, тие залези зад веќе исчезнатите куќи. Никој не може да ни го одземе тој имагинарен албум на миговите сврзани со одредени агли и премини. Зашто ние остануваме“.

Читателот кој ќе им посвети дел од своето скапо време и личната енергија на расказиве, не ќе зажали.

Патот до вредноста е долг. „Среќата е патување, а не дестинација“, според Џојс. Треба да си подготвен да го изодиш тој пат за да ја почувствуваш среќата.

Т А Н Е

„О, пријатели, нема пријатели“! Аристотел

Современиот македондонски раскажувач, **Владимир Костов (Битола, 1932 година)** со првиот роман „Лица со маски“ се појави 1967 година. Познавачите препознаа дарба, оформен книжевен израз, низ една иронична диоптрија, без идеологизација. Наредните години, ќе прејави исклучителна творечка продуктивност: објавува по еден два, дури и три наслови годишно, настанати можеби порано, или пишувани подоцна со забрзан ритам на креативна работа.

Професорот Костов, кој на Педагошката академија во Битола предаваше македонски јазик, важеше за интелекуалец со широк дијапазон: ја проучил античката философија, како прамајка од која се изродиле посебните науки; па современите филозофски, социолошки, психолошки, антрополошки и други проблесоци на човечката продуктивна мисла. Познава различни митологии, народни традиции, обичаи, соништа, ги дешифрира нивнините пораки, оти владее со нивната знаковност. А книжевните дела, од античките до Европските и светските, му се неодминлива лектира Тоа најдобро може да се согледа преку интертекстуалноста вкомпонирана во авторовиот

книжевен израз во нераскинливо единство.

Битола и нејзините жители, се неговата главна тематска преокупација. Жанровски е разновиден: единаесет книги со новели и раскази, десет книги за деца и млади, осумнаесет романи: „Лица со маски,“ „Свадбата на Мара,“ „Нов ум,“ „Учителот,“ „Каде си тргнал, сине,“ (роман за млади), „Црквичето Четириесет маченици во Битола,“ „Вујко,“ „Клетва,“ „Последното целивание,“ „Грешка,“ „Тој ми кажа“ (роман за млади), „Битолски триод,“ „Сениште во град Битола,“ „Солза за Мите“ (за млади) „Битолска хроника,“ (два кратки романа) „Тане,“ „Дива мисла.“

Наградите дојдоа сами по себе: „4. Ноември“ на градот Битола, „11. Октомври,“ „1.Мај,“ „Рациново признание,“„Ванчо Николески“

Во романов, меѓу чии корици внимателно ќе влезиме, ќе го запознаеме насловниот лик, ќе се обидиме да ја разбереме неговата „бестселер идеја“, зачната во стариот крај, „родена не од алчност, а од гордост“, ќе го начуеме говорот на чавките кои шеснаесет години му се најблиски соседи, вревата на Њујорк, ќе влеземе во домови на наши иселеници, ќе sирнеме во американски семејства, ќе запознаеме луѓе од други култури со чудни нарави, забегани, амбициозни, бездарници, луѓе умни, несреќни, хуманисти, лажен сјај, привид, жени аздисани во блуд, на кои љубовта како највозвишено чувство им е непозната...

Тане е често македонско име, деминутив од Танас, а официјалното име му е Атанас што значи Бесмртен. „Посмртче, тоа сум јас: дете родено од мајка која умира при породувањето“. Израснува убав и интелигентен младич, кој за две години, земајќи по два класа во една, завршил гимназија со одличен успех. Чувствителен, со книжевна дарба, малку срамежлив и со комплекс на инфериорност што не е изворен туку наметнат „ le fils d'un servante“ (син на слугата) поради работата на татко му како служител во гимназијата. Девојките го чувале во окото и во сонот, но тој не влегувал во подолги врски. Убавиците со повисок социјален статус го посакувале не како личност, туку како мажјак. Нора, на пример, „свесна за својот престиж, се држеше не гордо и надмено, туку супериорно и господствено... со една женственост рано пројавена и манифес-

тирана не толку преку лицето колку преку телото, со совршени форми и извајана линија...Заинтересирана за спротивниот пол, сметајќи дека сите видови наслада ѝ припаѓаат според статусот. Интелигентна, образована и начитана стоеше далеку над генерациското просек“. Тане ќе ѝ го привлече вниманието на едно литературно читање на кое тој го чита својот состав. Ќе му пристапи и ќе поведе разговор за литературата во која добро е упатена. Заедно ќе излезат од гимназијата. Со неа покрај себе, тој е многу збунет. „Си запознал многу жени“?- го прашува. Како да ѝ одговори? Но таа не чека одговор, само сака да го фасцинира со себе. Да го заведе: „Ти, како иден писател, треба да запознаеш многу жени... Сè во литературата се врти околу жените. Мажите, наполеоните, тие маршираат низ историјата... Не девојки, а жени... Литературата инспирирана од девојки е слаба литература, романтична, сентиментална... Преку нив (жените) се спознаваат вселенските работи. Тогаш она што се прави со нив станува највисок чин на креацијата“. На Широк Сокак не сака да се шета. А кога ќе стигнат до куќата на Мадам во која се собира битолската елита, го прашува: „Ќе влеземе? Во куќата... имам на располагање соба со кревет“. Без да го дочека одговорот ќе го внесе во собата, ќе ја заклучи вратата. И ќе почне да се соблекува, без збор, без бакнеж, без предигра. Целата таа „пантомима“ ќе го онеми и маѓепса.

На крајот ќе го пофали: „На љубовното поприште си како Наполеон на бојното поле“. „Утре во истото време на истово место!“- ќе му рече и ќе го пушти да си оди. Тане дури тогаш ќе сфати дека не само што е понижен, злоупотребен во нејзиниот блуд, туку станува и зависен, поробен. И откако ќе се омажи за дваесет години постар доктор, важи она: „утре во истото време“... Со парите што му ги нуди сака да го дотолчи. Неговиот свет дефинитивно се руши. Решава да отиде во Америка, да спечали многу пари, да ѝ ги фрли пред нос, да се откупи, да се израмни. Во Њујорк 16 години ќе работи како кранист, ќе спие во кабината, ќе чита, ќе прави белешки за својот роман, а парите ќе ги гнети во патната торба.

Триумфално ќе се врати во Битола, но Нора е Нора, вели: „Недостига еден долар, не можеш да платиш“! Конечно сфаќа: тоа

е оној долар што секогаш ќе недостига за да се освои и одбрани достоинството. Тој не ги сака тие пари, но не знае како да се ослободи од нив. По совет на Фити, кој уште пред да замине Тане во Америка бил упатен за целта на тој пат, сега ќе го посоветува парите да им ги препише на Баирските Цигани, бидејќи единствено тие, го уверува Фити, ќе ги потрошат како луѓе, во име на животот.

Тане го фаќа ноќниот воз за Скопје, утредента да ги прелета воѓето до Њујорк, до својата милолика Џени! Ја отвора папката со белешките и секоја прочитана страница ја фрла надвор, да ја одвее ветрот заедно со минатото.

Настаните кои овде се бегло опишани се иницијалниот мотив за отворање на големата тема: - каде оди човештвото: без систем на реални вредности, загубена смисла за хуман живот, деградирање на љубовта во неморал и отуѓеност, погазени пријателства... А главните ликови штотуку зачекориле во животот.

Толку многу прашања ќе останат недопрени, макар елементарно.

Романов е налик на рудник: колку подлабоко се копа толку поголемо богатство се открива.

ЈАДИЦА

„Војната е кукавичко бегање од проблемите на мирот“ Томас Ман

„Романот на годината“ од изданијата во 2013 година, - **„Јадица“ -** (**Владимир Плавевски, Скопје, 1948)** третира теми поврзани со ерозијата на моралот во доцните предвоени, ропски; и раните повоени години на фонот на новата идеолошко – политичка матрица во глобалното европско и светско прегрупирање во зони на спротивставени интереси на големите моќници. Насловот има барем две значења: едното практично – јадицата, дел од риболовниот прибор на љубителите на тоа хоби, и второто, симболично: јадица за крупни риби од општественото миље, со посебен мамец.

Сижето, носител на фабулата, е поврзано со едно бебе завиткано во пелени ифрлено во ѓубрето, зафатено од оган, покрај една бандера во Ново Маало. Тоа станува раскажувач на својот живот и на луѓето со кои му се вкрстувале животните патишта.

Наративната постапка е реалистичка, со мали отклони: интроспекциите на минатите событија се пренесени дозборно, и исказите пред информаторите на Удба. И документаристичките пасажи се авторова фикција за потребите на автентичноста. Романот е поделен на три дела: Копиле, Домец во Асамати и Мијач на мртовци,

плус пролог и епилог. Во рамките на деловите, приказните се насловени како да се автономни целини. Тие се згуснато раскажани, со самодисциплина во изразот, завршени на рез, со природна поента. Таквата експресија е ослободена од слики со пренатрупани детали, лесно се чита и се памети.

Д-р Владимир Плавевски, оториноларинголог, иако по струка, би се рекло, не е близок до книжевните предизвици, благодарение на својата дарба и рано пројавената вокација кон уметничкиот израз, преку уметничката фотографија: (23 самостојни изложби); според биографската белешка: „Последниве две децении активно се занимава и со литература“. Покрај повеќе драмски текстови, напишал сценарија за ТВ серии, ТВ филмови, досега објавил: четири книги раскази, една поема, и романите: „Цена од Ново Маало,“ „Последниот сплавар“ и наградениот „Јадица“. Член е на ДПМ од 2000 година.

Во романот нема војна. Заправо ја има само толку колку што можат да ја почувствуваат децата затворени во Домот за деца без родители. „Еден врнежлив ден, грозоморно се огласија сирени. Нѐ стуткаа во подрумот на домот...Од надвор до нас допираа застрашувачки експлозии. Милосрдната сестра Емилија со солзи во очите, низ плач кажа оти кралството капитулирало. Јадевме само чај и сув мувлосан леб. Во една студена зима, повторно нѐ напикаа во подрумот. Напаѓале партизани да нѐ ослободат“. Очигледно е дека сите големи страдањата се директна или индиректна рефлексија на војната, како и неспособноста разумно да се разрешат проблемите на мирот. Во тоа е големата поента.

Прологот е информативниот разговор во Удба: се отвора досие. „Ќе снимаш што ќе ти кажувам? Може. ....се сеќавам на некои настани во подробности.... сѐ до моментот кога ми ја избришаа иднината“.

Почетокот е радикално директен: „Јас сум копиле. Дете без родители. Сум бил фрлен на буниште како најобично ѓубре“. Рано ранина некоја жена го чула плачот. Заедно со уште една го нашле во сметот до една бандера во Ново Маало: расплакано, мрсулаво, изгладнетото, избербатено. Јавиле во жандармерија, оттаму е пре-

фрлено в болница. Штом закрепнало го однесле во Бановинскиот дом за бебиња, каде го крстиле Најден, а по денот (петок) му го прилепиле и презимето Петковиќ. Кога ќе порасне пребарува по разноразни архиви, но не успева да ја им ја издемне трагата на своите „катиљ родители“.

Во Домот се води сметка децата да бидат чисти, уредни, сити, (којзнае што би било без УНРА), имаат право на излез во надворешниот свет, иако без чувство на припадност кон него поради оградите во душата од кои нема бегство. Најден се здружил со постарите домци: Момир, Мачорот и Трпе. Отпрвин не го сакале, но како добар потрчко: „ купи ми боза, купи ми цигари, кажи ѝ на девојката“.. станал член на големата четворка, *заштитен.*

Неделите ги викале „Ат пазар“. Измиени, зачешлани, со уредни нокти и чиста облека, построени ги чекале „купувачите“, како што ги нарекувале оние кои барале посвоеник. Една дождлива недела Најден ќе се разнежи од топлиот поглед на една убава жена. Маѓосан од тој поглед во кафените очи, ја прашува: „Како се викаш“? На жената ќе ѝ се стркала солза, тој го брише дождот од своето лице како да ги брише нејзините солзи. „Се вика Зага - се огласил мажот. А јас се викам Марко, сине“. „Како се викаш ти, сине“? - прашува жената. „Се вика Најден Петковски“, ќе викне Тураби. „Отсега ќе се вика Најден Дреноски“, ќе рече идниот татко.

Оттогаш започнува еден краток период во кој е пресреќен, прифатен со многу родителска љубов од предобрите Зага и Марко. Оди на првиот одмор во кампот на Удба во Асамати. Првпат е среќен. Но. не трае долго.

Среде одморот, Марко тајно мора да префрли преку граница оружје и војници, помош за ДАГ. Во 1948 година, по Резолуцијата на ИБ, од секого се бара да се изјасни: за Тито или за Сталин. Марко одбива: „Не учествувам во тоа. Јас сум за Македонија“. „Главучот“ од Водно, другарот Цеко, ќе го наклевети: зборувал против Тито. Марко мора да бега преку Езерото, но ќе си вети дека ќе се врати да ги израмнни сметките. Цеко одамна ја мерка убавата жена и ќе му ја земе, убедувајќи ја дека сопругот од Грција пребегал во Ташкент и таму починал. Кочоперен, ќе оди во Белград на

повисока функција, заедно со бремената Зага. Најден не се вклопува во таа слика. Ќе го остават кај стрикото на Цеко, Неофит. Цеко од Белград се јавува во скопското Погребално претпријатие: да му дадат некаква работа на Најден. Го примаат за мијач на мртовци. При првиот контакт со мртовецот, кого ќе го препознае, ќе се онесвести. Докторите во болницата ги преземаат сите достапни процедури, не можат да постават дијагноза. Го клукаат со таблети од кои долго спие. Еден доктор предлага да му го отворат черепот, сигурно има тумор, прогнозира. Младата докторка Магдалена, специјалист за „нерви и душа“, ги анализира околностите во кои се онесвестувал и ќе заклучи дека тој има неспецифична падавица: секогаш паѓа кога ќе го препоанае мртовецот. Го назначуваат за гробар, работник за закачување „Жални вести“ по бандерите. Состојбата од ден - до ден драматично се влошува. Стигнува до лудница: го третираат со електрошокови. Пекол

Во Белград се живее на висока нога, но по падот на Ранковиќ, сите кои соработувале со кумот на Маршалот, експресно се пензонирани. И Цеко. Тој ќе се „самоубие“ на риболов; куршумот сред чело е Марков подарок, за возврат што му го растурил животот и семејството. Зага ќе се отруе со пилули. Најден ќе се самозапали во својата плитара*: „Ме најдоа во оган, ќе завршам во оган“. Досието број 111248 се затвора !*

Пораката му ја отстапувам на Етиен Гилсон: „**Вистината не е лична работа. Она што е лично е нејзиното откривање.“**

ОНА ШТО БЕШЕ НЕБО



Истакнатиот македонски раскажувач, есеист, револуционер и дипломат, **Владо Малески, роден е во Струга на 05. 09. 1919. година каде и почина на 23. 09. 1984 година.** Во Скадар завршил основно образование, гимназија во Битола. Студиите на Правниот факултет во Белград ги прекинува поради Војната. Учесник е во НОБ на Македонија.

Поосле ослободувањето сесрдно ја помага изградбата на институциите неопходни за растежот на младата држава, пред сè од областа на културата и информирањето. Раководи со националната информативна куќа, РТВ Скопје, свесен за нејзиниот придонес во афирмацијата на татковината што се роди како замаец по десетвековното „кој стасал – тој грабнал“. Ги уредува списанијата „Нов ден,“ „Современост“ и „Разгледи“, промотори и критички толкувачи првенствено на книжевните, но и на другите уметнички дела од областа на музиката, сликарството, театарот...

Акредитиран е за амбасадор во Либан, Етиопија и Полска. Член е на претседателството на СРМ. Автор е на текстот на химната „Денес над Македонија“ и сценариото за првиот македонски игран филм, „Фросина“.

Неговиот книжевен опус е драгоцен по креативната енергија и по начинот на кој ги третира темите, по стремежот да го осовреме-

нува книжевниот израз.
Активата ги опфаќа книгите: „Ѓурѓина алова“ (раскази), „Бранувања“ (раскази), „Она што беше небо“ (роман), „Војната, луѓе, војната“ (роман), „Разбој“ (роман), „Разгледи“ (статии, коментари, полемики), „Кажувања“ (раскази), „Записи на Езерко Дримски“ (роман), „Јазли“ (роман), постхумно. Неговата книжевна дарба беше препозната уште од стартот. Во 1946 год. стана член на ДПМ. Не изостанаа и наградите.

Во втората половина на педесеттите години се појави романот „Она што беше небо“ (1958). Го привлече вниманието на стручната и читателската јавност, пред сѐ по една поинаква творечка постапка, во која експериментира со реализмот низ една нова експресија. Има во таа творба од сѐ по нешто, во полна хармонија: дневничка документарност, импресија, надреалност, безмилосно соочување со себе во психолошките лавиринти на несвесното и архетипското; бавното наслутување на вистината, една чудесна лирска нарација изградена со вешт микс на трагиката на моментумот, необичните слики и богатата јазична фактура. Низ истата призма се согледува и околината, чии слики не се амбиентален опис, туку своето основно, а уште повеќе симболичко значење го добиват преку духовното око на ликот којшто тогаш е централен. Секој лик е посебен, без оглед колкав простор му е отстапен. Ги обединува трагиката, а интимата ги прави она што се – луѓе: со лични тајни и соништа за некое подобро време. Тие се инспирирани од тековните настани, но нивната цел е иднината за која се борат.

Можеби тоа е зародишот на длабинското психололошкао скенирање на човекот во македонскиот роман.

Раскажувачкиот тек е сложен, но не и херметичен.

Секое поглавие започнува со кус извадок од дневникот на командантот на Бригадата, Петар Брајовиќ Ѓуро. Во него концизно се наведени податоците за патот, борбените дејства, загубите на непријателот, како и сопствените загуби за време на Февруарскиот (Богомилски) поход 1944 година. Авторот не гради широка, епска приказна. Тој истрајува на зацртаниот концепт: за време на исцрпувачкиот марш, секој борец ненаспан, премрзнат и гладенн го

изодува сиот свој живот во едно згуснато време како пред смрт и подвлекува црта под него, го салдира за сопствен отчет. Така се откриваат себе си, со сите недоумици и противречности, непомирливи со штироста на нивниот живот, строги кон личната тромавост. Некои ликови според творечките потреби се појарко осветлени од другите, некои се само кроки исцртани, ама функционални. Такви се, на пример, Трпе, Бошко, Девојката од корзо што излегла, Русанка...Затоа пак, командантот, Денко, Игно Подземски, Наум Фурнаџиев се полнокрвни ликови....

Бригадата трга на големиот, пресуден мараш. Игно останува дома, така решил Денко. Игно е вознемирен, си мисли: сѐ би дал да може да им се придружи на борците. Непријателот одлучил да го исползува неговото останување за свои тактички потреби. Со наизменични ветувања и застрашувања му заповедале да пренесе едно доверливо писмо на местото кадешто се наоѓал вториот дел од нивната борбена единица. Ако ја исполни задачата, со несебично залагање пред надлежните, ќе може мирно и удобно да си го живее животецот, го наговарале. Тој прифаќа речиси со радост, но не веднаш, оти можел да предизвика сомнеж, да го следат и да му ја откријат намерата. Всушност, добил шанса каква што можел само да сонува: незабележано, легално да влезе на територијата на борбените дејства, да ја издемне Бригадата и да ѝ се придружи. Срцето му бие како збудалено. Кога се сретнал со своите, зборувал испрекинато како да тревливи, им ги раскажал сите подробности: што сѐ морал да направи за да ги стаса и да се бори со нив. Тие сомничаво вртеле со глава, некои го прогласиле за предавник. На синот Денко му било најтешко: неговиот татко - предавник. Игно би плачел, ако не го крепела нереализираната мечта: барем еднаш во животот да остави трага по која ќе биде запаметен не како кукавица туку по храброст. Командата темелнно го проверува пред да му поверува. Таа верба не ни можела да биде безусловна: го исправаат пред сложен, деликатен испит, со кој ќе се исклучи и најмала недоверба. Имено, речиси невозможно е да се замисли посериозна задача: ноќе, безбедно да ја извлече Бригадата и да ја одведе на најповолната позиција. Игно го познава теренот и без колебање се согла-

сил. На општо одушевување и на Командата и на борците, тој беспрекорно ја исполнува обврската. Среќен е, како никогаш порано. Ах, само да сака Денко да му поверува ќе скока до небо, но тој е тврдокорен, бескомпромисен. Знае дека до слободата се доаѓа со силна верба, без страв и срамни компромиси со кого и да е, дури и со самата смрт.

Наум Фурнаџиев е најмлад и себе си се дефинира како Денкова сенка, оти сите важни одлуки во неговиот живот ги носат други, Денко најмногу. Тој е највпечатлив лик: неговите трауми имаат врска со луѓето, но двојно повеќе со Бога. Особено трогателни се поглавијата за пресвртните, пубертетски години во Битолската богословија, во која учел по желба на мајка му. Само тој си знае како се справувал, ако се справувал , со сѐ што ќе му се испречи на патот меѓу намерата да стане поп посветен на Бога со непоматена вера, и тропотот на хормоните низ неговите вени и искушенијата пред кои тие го исправаат. Затоа кога ќе сфати дека ќе го изневери Бога и не ќе му служи како што беше се подготвувал од мал, ќе побегне кај му очи гледаат, само што подалеку од лицемерната вера, зашто за вистинска не е кадарен. Неговото вклучување во единиците на Бригадата, преку Денко, е избор како последна надеж да го заборави своето минато и на својот живот да му открие нов мотив и содржина за кои вреди да се помачи да живее.

Недвојбено, „Она што беше небо“ е иновативен роман кој ќе влијае и на подоцнежниот развој на македонскиот роман кај други автори.

Треба да се прочита и да се впише во него и сопствената смисла. Зашто, за среќа, никој, дури ни самиот автор, не е господар на конечната смисла на едно дело.

ВЕЧНИОТ ТРАГАЧ ПО СМИСЛАТА

Тивко, без врева го пречекори прагот и се најде од другата страна на животот. Така го разбираше тој миг: „смртта е спокоен чекор во блага ведра полноќ“! Само се пресели, но не умре. Оној којшто толку многу му дал на животот, не смее да умри, просто не е фер да не биде во него севремено со целата своја сушност. И се рече како што обично се вели: ненадоместлива загуба. Она што е општо место за изјавите во вакви околности, овојпат е чиста есенција. Допрва ќе станеме свесни што значи неговото отсуство. Тој секако ќе е во нас, како зрак светлина - патоказ, како предупреда! Но веќе не ќе го земе одново перото в рака со кое по секоја употреба се раѓаа нови, раскошни и возбудливи остварувања. Исклучително широкиот дијапазон на поетски и научно – истражувачки интереси го обележа како творец од несекојдневен формат. Неговиот делник како да траеше подолго: стасуваше на предавањата на Факултет, потоа да отиде во Клубот на писателите или во Букет, да се сретне и да се напие чашка со тајфата која му беше сродна по дух и боемство, да прошета по падините на Водно, крај Вардар или до Нерези, а ноќта да бдее над книгите во потрага по дотогаш недопрена вистина и да разреши некоја контроверза, или да го смислува вистинскиот збор

на кој со чудесно мајсторство и дарба, со ковење и прековување, му даваше свежо значење и нов лирски глас на стихот кој штотуку се раѓаше. Не знам кога и колку спиеше, но несоницата и немирот, секако, му биле верни друшки. Можеме ли често, другаде, да си спомнемеза таква енергија? Во последно интервју, 12. 02. 2010 година, изјави: „За два месеца ќе почнам да ја подгазувам 82.-та, најверојатно. Јас сум животно остарен, но творечки подмладен. Минатата година објавив 11 наслови.“ Го кажа тоа искрено, без лажна скромност, но и без фалба, само како факт, како творец кој е самосвесен за својот потфат.

Погодувате, бездруго: станува збор за **Драгутин Гане Тодоровски.** Кога човек се напрега да го пронајде најпогодниот атрибут што треба да ги содржи точните квалификативи на личноста на која се однесува, а таа личност е необично комплексна, ризикува да згреши, да не го препознае вистинскиот збор и да не ја погоди целта. Ми се стори, најпосле, дека синтагмата големиот творец, упатува на вечниот трагач по смислата. Да ја открие и да ја рече. Премолкот му беше непознат. Паушалноста не ја сакаше, затоа да приведиме факти, кои, со својата строга и непоткуплива непристрасност, кажуваат: **роден е на 11. мај 1929 год. Во Скопје, каде што и живееше до последниот издив на 22. мај 2010 година.** Заврши Филозофски факултет на Универзитетот „Свети Кирил и Методиј“, кадешто и докторираше со престижниот славистички труд „Веда Словена и нејзините мистификатори“. На Филолошкиот факултет помина подолг период од работниот век. Беше вљубеник во нашиот преродбенички 19. век. Нему му посвети многубројни трудови. Затоа овде ќе наведам еден блескав исказ на академик Луан Старова, кој не е само пригоден, туку длабоко промислен и визионерски прецизен: „Гане е верниот и достоен потомок на претскажаното Прличево племе кое требаше еден ден да стаса и на вистинскиот јазик, на мајчиниот јазик, да ја искаже поетиката на идентитетот и вистината на својот народ.“ Од секој јавно искажан збор, од секој стих, есеј, толкување, зрачи човекољубие, неговото искрено родољубие, задуманоста над тегобната судбина на таковината, но и вербата дека конечно ќе го нападиме проклетството:

„Родино... да те стокмиме како милоина / и како наш протеј да те осмислиме“. Кај Гане ништо не зависеше од туѓите очекувања или противења: секогаш го слушаше својот внатрешен глас, своето убедување и својата совест. Затоа никогаш не беше двосмислен, не оставаше недоумици. Ако за илустрација го приведиме само поетскиот дел на неговиот опус, кој сам по себе е импресивен, ќе најдеме недвосмислена потврда уште од првата стхозбирка „Во утрините“, како и во оние што следеа: „Тревожни звуци,“ „Спокоен чекор,“ „Божилак,“ „Апотеоза на делникот,“„Горчливи голтки непремолк,“„Снеубавен ден,“ „Скопјани,“ „Неволици, неверици, несоници,“ „Недостижна,“ „Осамен патник.“

Огромниот придонес, пак, не само во нашата книжевно – историска, есеистичка, публицистичка и преведувачка дејност ја допотполнува сликата за неговата вонвременска димензија. Богатата оставнина од овие категории творештво вклучува 28 критичко – есеистички остварувања, толкувања за основоположниците на македонската литература, студии, над стотина преводи, неколку антологии од поезиите на поширокиот славистички круг, како и антологии на поезиите на балканските народи. Беше, значи, многустрано надарен, упорен до тврдоглавост, страствен и чесен, боем и мајтапчија, веселник. Шармантен полемичар кому само аргументите му беа од помош, го презираше грдиот навик на етикетирање без основа. Многумина го почитуваа, малкумина го оспоруваа. Таков е животот, шарен. Оние кои објективно го следеа неговиот творечки учинок не можеа да ја одминат верификацијата на врвните резултати на тој изоден пат. Носител е на најзначајните државни, градски, еснафски награди....Тој список е долг и ќе нѐ лиши од многу простор ако поименично ги наведуваме.

Практика на рубрикава е да предложи едно дело на авторот што го претставува. Овде, бидејќи станува збор за поетски книги, ги наведовме насловите и може читателот потамина да го земе она што најнапред ќе му падне в раце и нема да згреши. Но, ако некој сака поцелосен пресек, ги препорачувам „Горди акорди,“ брилијантна книга издадена по повод 80-годишниот јубилеј. Таа претставува репрезентативен авторов избор од севкупното негово поет-

ско творештво и е од непроценлива вредност. А секоја вредна книга е привилегија што ни овозможува да sирнеме во непозната галаксија.

Откријте ја својата песна меѓу многуте Ганеви, научете ја наизуст, изговорете ја понекогаш макар во себе. Ќе му оддадете достојна почит на творецот. Јас, на пример, секогаш кога одново надвиснува зла коб над мојава татковина, во себе си го шепотам „Македонски монолог“: ....„И требаат тони грижи на појќе поколенија / за да се истријат тие петна / на срам од себе си / од себепремолчување. ...**Самите се нарековме тоа што сме, / самите в часот зол и ќе се преброиме - / но, пуста таго ле, смев до смев па грев до грев:/ одвеќе стоиме! / И ако така уште постоиме, не ќе постоиме!** “

Трипати чукам во дрво!

ВТОРИОТ ХОМЕР



Кога Димитар Миладинов во 1848 година учителствува во Охрид, ученик му е идниот славен поет, овенчан со ловоров венец и титулиран како **Втор Хомер –Григор Прличев. Роден е во Охрид 1830 година.** Триесегодишниот студент по медицина на Универзитетот во Атина, на анонимниот конкурс за поема, 1860 година, убедливо ќе победи со поемата **„О, Арматолоз“ („Сердарот“**), највредното дело на преродбеничкиот 19. век. Напишана е на беспрекорен грчки јазик, јазикот на кој се образувал и кого го владеел совршено. Бил негов вљубеник поради античката литература. Откако велеучените членови на конкурсната комисија увиделе дека, имено, не станува збор за Грк, како што верувале за лауреатот, туку дека наградата отишла во погрешни раце, не го овенчале на собирот со ловоровиот венец. По три дена го повикале в канцеларија и лукаво му предложиле да одбере дали сака да студира на Оксфорд или во Берлин на државен трошок. Славодобитникот учтиво ама резолутно ќе одговори дека мора да се врати во Охрид. „Нуждата велика е да идам дома“. Во „Автобиографијата“ ќе ги дообјасни асимилаторските намери на, навидум, штедрата понуда*: „Узнав оти целта им беше да ме посветат на грчка служба“.* Ќе му го предадат венецот, и половината од парич-

ниот износ, оти втората половина, ако победи, со посебно писмо ја завештал за некој најсиромашен студент, кого ќе го препорача Комисијата. Изборот паднал на некој богослов. Иако и самиот живеел во постојана беда, ќе рече: „Добро е што не се запознавме со тој богослов. Ќе се среќававме овде секој ден и ќе се сраму-вавме еден од друг“.

За смртта на Миладиновци, со искрено жалење, ќе биде информиран од еден ѓакон на руската црква. Тоа длабоко ќе го трогне. Во „Автобиографијата“ пишува: ... „Моето срце го колнеше грчкото духовенство. Си ги прибрав рабоќето. Поемата „Скендер-бег“ му ја оставив на г-дин Сапунџиев, го помолив да ѝ ја предаде на комисијата не подоцна од 13 февруари и тргнав со тврдо реше-ние да одмаздам или да гинам за Миладиновци“.

Враќањето во Охрид е почеток на една тешка голгота на великот поет. Најнапред, година дена учителствува во Тирана оти е без скршен грош. Се враќа во Охрид и....кој да ги доброи сите места кои мора да ги менува прогонуван од грчкиот фанариот, Мелетија. Тогаш сфаќа дека ***„духовното ропство под Грците може да има попогубни и потрајни последици од турското ропство, кое иако е долготрајно, по својата природа е времено“.*** Енергично се бори во охридските храмови богослужбата да се врши на црковно - словенски јазик. Наставата во училиштата исто така. Таа акција почнува да заживува, наспроти неговиот панславистички сон: да создаде сесловенски јазик, еден вид сло-венски есперанто, кој не ги дава очекуваните резултати. Ќе го тес-тира со превод на своите дела, на Хомеровата Илијада. Очаен е! „Јас на грчки пеев како лебед, на словенски не можам ни како буф“.

„Автобиографијата“ е слика не само на неговиот личен и семе-ен живот, туку и на страдањата на македонскиот народ. Секако, негова најтемна епизода е патот долг 65 километри од Охрид до дебарските зандани, окован и плукан, наклеветен пред турските власти од Мелетија. Само со несебичната помош на многумина чесни сограѓани, кои со прилози за поткуп, ќе го спасат Вториот Хомер од долгогодишна робија. Каква иронија!

Починал на 6. 02 1893 година во Охрид. Таму е и погребан.

„Сердарот“ е епска поема од 912 стихови, со вкрстени рими. Непарните стихови се петнаесетерци, парните осмерци. Во парните му останува верен на народниот верс. Мотивот е позајмен од најдолгата епска народна песна „Кузман Капидан“, 1142 стиха. За разлика од песната каде јунакот победува и преживува, во поемата Кузман загинува, …„творечка измена, заради посилен поетски ефект“.(Саздов) Неговата мажественост, храброст, чест, љубов и другите доблести ги дознаваме преку сеќавањата и оплакувањата на мајката Неда, кажувањето на Албанците кои го донесле мртвото тело, тажењата на народот, на свршеницата Марија.

Поемата се отвора ефектно, со словенска антитеза. „Пискотници се слушаат од Галичник во Река, / што тешка несреќа ги збра / и мажите, и жените, та гласи тажна ека / и навева сал коб и зла“? Се редат претпоставки, а по нив негација и на крај одговорот: „Та Кузман, јунак славен, падна убиен од Гега, / тој сердар прочут падна в бој,/ и ќе ги гази пљакашот планините ни сега,/ а да ги брани нема кој!“. Истовремено: „Во пролетна вечер задумано почива една / жена седејќи на прагот. Со раце на колена, пушката светната ледна / таа ја милува благо... Годините не ја намалиле онаа убост;/ На лице свежест се гледа,/ младешката сочност не ја сменила грубост./ Таа е кутрата Неда, несреќната, достојна мајка на Кузман“.

Импресивен опис на мајката, која чекајќи го синот, не може да ги растера сликите од ноќешниот сон. Куќата сал на една средишна греда се крепи... „ама што потпитара јако“ ...„најпосле паѓа, а купишта прашни / станаа гробови неми“. Во тој кобен час, четворица Албанци го носат мртвото тело на јунакот. Најстариот, со длабока почит, ќе раскаже за херојската погибија на Кузман: „И везден ти да плачеш, има зошто. Биди силна! / Ти изгуби о, мајко, џин / народните колена ќе пеат со уста милна / за делата на твојот син“! Така ќе рече и ќе даде беса дека никогаш Гега нема да ја вознемири нејзината куќа: „А рајата има и ќе даде“.... Неда ко лавица ќе згрми: „Зар повтор за злосторства ужасни, мисли сте полни...Но други борци ќе воскресне Река и водач / нивни ќе излезам в гора“....

И покрај болката за загубата, херојското во народот не умира. Подготвени се да ја бранат својата чест, живот и имот...Со својата

полнокрвност и пластичност се издвојува ликот на Неда, чиј прототип е мајката на поетот. Впечатливи се и ликовите на Марија, свршеницата на Кузман, која ќе се посипе со пепел, нагрубувајќи ја убоста своја, оти веќе друг нема да ја допре, ќе реди, ќе шета со поматен ум.

И Албанците се осликани рељефно.

Не е упатно да се прераскажува ова прекрасно дело. Грев е да не се прочита: не само еднаш, не два пати... Да се препрочитува често!

Великанот Конески ќе рече: „Прличевата поема се поврзува со такви дела на југословенската книжевност на 19. век какви се „Горски венец“ и „Смртта на Смаил-ага Ченгиќ“. За нас, таа е повеќе од тоа, се дрзнувам да доречам.

ПОКАЗАТЕЛ НА УМСТВЕНИОТ РАЗВИТОК

Стоипедесегодишнината од првата објава на **„Зборникот на народни песни“ на Браќата Миладиновци**, е убав повод да си припомниме за значењето на тоа грандиозно дело на славните Стружани за нашата национална Преродба. Од осумте деца на Ристе и Султана Миладинови, тројца ѝ се посветија на Преродбата. Најстариот **Димитар (1810)**, основно училиште заврши во Струга, гимназија во Јанина. Потоа работи како учител во Охрид, каде што се среќава со реномираниот руски славист Виктор Иванович Григорович. Средбата пресудно ќе влијае на него: отпрво сам, потоа заедно со Константина да започнат една одговорна работа: собирање народни умотворби од кои ќе се роди „Зборникот“. Средниот брат**, Наум**, на Духовната академија „Халки“ во Цариград дипломира музика и граматика. Го напиша првиот учебник по музика кај нас, а некои од песните ги мелаграфира со нотен запис, што е прв таков потфат.

Димитар, поради својата прословенска ориентација, се судира со гркоманите во Битола, а по една жестока расправија со митрополитот Венедикт, ја напушта Македонија и заминува за Сремски Карловци, Нови Сад и Белград, каде е опиен од идеите на Панславизмот и Илирското движење. Кон крајот на 1856 година доаѓа во Струга и го испраќа Константина во Москва да студира Словенска филологија на Императорскиот Универзитет.

Константин (1830), после основното училиште во родниот град и гимназијата во Јанина, од 1849 година студира на Универзитетот во Атина. Во 1852 година дипломира Грчка филологија. По враќањето, учителствува во Магарево, Битолско, а наставата ја изведува на народен јазик. Во 1856 година заминува во Москва. Таму, покрај студиите, започнува интензивна активност на систематизација на песните што ги донесол со себе, како и оние што му ги дал Жинзифов. Притоа, со префинет усет и знаење, ги идентификува творбите кои не произлегуваат од макакедонскиот народен дух, туку навлегле под влијание на соседните култури. Нив ги изостава.

Членува во напредните славјански друштва. Собраната граѓа им ја доверува на читање на своите пријатели. Соработува во „Братски труд“, чиј уредник е Рајко Жинзифов, како и во „Дунавски лебед“. Од сите добива морална поткрепа, но за жал, во Москва не се создаваат услови за печатење на Зборникот. Може само да се нагаѓа какви сѐ заткулисни игри се играле за да се оневозможи тој чин. Иако во 1857. веќе има доволно материјали, поради „опстојателствата“ не може да ги напечати. Неговиот пријател А. В. Рачински, во московскиот весник „Ден“ број 21, ќе напише: „Зборуваат дека во последно време Константин станал раздазлив.... Најглавниот предмет на неговата жалост беше невниманието на руските учени, со исклучок на Бессонов и Белјаев, кон неговиот „Зборник од м а к е д о н с к и п е с н и“, навистина одлични“.

Кога сфаќа дека во Москва трудот не ќе го види соцето, ќе отпатува во Загреб, па во Виена на средба со бискупот Јосип Јурај Штросмајер, познат мецена на јужнословенските култури. Штросмајер прифаќа да го финансира печатењето. На соработниците им

остава да ги договорат подготовките, евентуалните забелешки и редакцијата. Освен песни било дговорено да бидат застапени и приказни, поговорки, гатанки, обичаи и народни верувања, како и 11 песни со нотни записи. Најпосле, по многу перипетии на 24. јуни 1861 година во Загреб ќе се појави „Зборникот на бугарски народни песни“ собрани од Браќата Миладиновци. Книгата содржи над 660 умотворби, претежно песни класифицирани според мотивите: самовилски, црковни, јуначки, овчарски, ајдучки, смешни, љубовни, свадбени, лазарски, жетварски... Вклучени се и 76 бугарски песни, дадени од Чолаков. Недостигаат единаесетте нотни записи.

Главното прашање е: зошто „Зборникот“ беше објавен под насловот што е наведен? Професорот д-р Х. Поленаковиќ тврди: „Нам ни е позната изјавата на Константин Миладинов, дадена во писмото од 8.1.1859, упатено од Москва до Г. С. Раковски во Одеса, за тоа какви народни песни има: м а к е д о н с к и, познато ни е како тие песни ги нарече интимниот пријател на Миладиновци, А. В. Рачински, м а к е д о н с к и, познато ни е како Зборникот го нарече Жинзифов во својата биографија на Миладиновци: „Со овој, во многу односи прекрасен зборник од м а к е д о н с к и п е с н и двајцата Миладиновци си издигнале најубав паметник“. Има неколку, (случајно ли?) необични совпаѓања. Во времето на подготовките за печат, во Загреб доаѓа бугарскиот фолклорист Васил Чолаков. Проф. Поленаковиќ имал можност да запознае и да искористи неколку писма од Чолаков упатени „до десната рака на Штросмајер, д-р Фрањо Рачки“. Меѓу другото, во писмото на Чолаков од 12. април 1892 година, стои: ...„като дојдох преминатата година в Загреб, покојниот мој друг Константин Миладинов ме умоли да му дам сто песни од в’сточните страни на Б’лгарија, за да може да даде название на својата сбирка „Б’лгарски народни песни“. Факсимил од писмото на Чолаков се наоѓа во ЈАЗУ. Во истиот правец упатува и посветата во „Зборникот“, која укажува дека „таа е напишана во канцеларијата на Штросмајер, (хрватскиот текст од Посветата се наоѓа во Архивата на Штросмајер), а Константин ја превел на македонски и ја потпишал“. Патем, умотворбите запишани од

Браќата потекнуваат од Струга, Охрид, Битола, Кукуш. Ниту една од Бугарија.

Сепак, излезе тоа капитално дело, тој бисер на македонската духовност, за која во предговорот Константин ќе напише: „Народните песни се показаљка на степенот од умственото развитие од народот и огледало на неговиот живот. Народот в песни изливат чувствата си, в них увековечвит животот му и давнешните му подвиги, в них находвит душевна храна и развлечение; затова в жаљба и в радост, на свадба и хоро, на жетва и грозјебрање, на везање и предење, по поле и по гори, штедро изливат песните како од богат извор; затова можит да се речит, че народот је секогашен и велик певец“..

Немаше среќа да му се изнарадува на своето прво духовно чедо. На пат кон Струга дознава дека Димитар, наклеветен од грчкото духовенство кај турските власти, чмае во Цариградските зандани Константин веднаш оди таму со надеж и верба дека ќе го избави брата си, но го апсат и него и истата 1862 година обајцата умираат под неразјаснети околности, веројатно отруени.

„Т’гата за југ“ – остана неоттагувана. Покрај сѐ, што со право нѐ прави гневни – за утеха остана засекогаш „З б о р н и к о т“, капиталното дело кое го трасира патот на современата поезија, почнувајќи со самиот Константин, преку Неделковски, Рацин...

До денешни дни, песните во него се огледало на народниот гениј и природно извориште на лирскиот поетопис; скапоцен рудник во чии наслојки постојано се открива и ќе се открива богат лексички материјал кој непрекинато ќе го збогатува јазикот.

ЗОРА ЗАД АГОЛОТ

„Само општество што ги исцрпело силите за развиток, може да си вообрази дека е идеално за човекот“. Солев

Секој што си зел обврска да влијае со својот јавен збор свесен е за ризикот што го демне ако не успее да стекне макар минимална доверба кај целната група. Во тој случај сее глуво семе. Деновиве препрочитав неколку раскази и два романа од творечкиот опус на Димитар Солев, Вообичаено се определувам за еден наслов и него внимателно го читам, обмислувам, анализирам...Со особено задоволство.

Овој случај бара извесно појаснување. Имено, **Дмитар Солев (Скопје, 24. 05. 1930)** во нашата литература зачекори во педесеттите години. А тогаш сите ние сè уште бевме на почетокот: и авторите и читателите. Во сферата на расказот, ако условно ги прифатиме народните приказни како претходно искуство, во романескната проза, пак, освен двата романа: на Јаневски за колективизацијата и Стале Попов, кој се засолна во „пусто турско“– немавме ништо друго. Јазикот, сè уште беше во фаза на доградба на стандардите и нивното тестирање во поетиката. Во тие услови, под влијание главно на европските, но и светските тенденции, се пробива една нова книжевна постапка – модернизмот. На Солев му беше близок тој сензибилитет и се

определи да се опита во него. Не само заради правецот, колку и за стремежот да се востанови плурализам во уметничкиот израз, што требаше да биде значаен исчекор во збогатувањето на творечките можности и освојувањето на креативната слобода.

Се разбира, се разви жива и противречна дебата на сите општествени и културни нивоа. Првата збирка раскази „Окопнати снегови“ (1956) и првиот роман „Под усвитеност“ (1957) ја острастија дебатата: еден дел се опираше на пренатрупаната реченица со метафори, интроспекции, со што се отежнувала комуникацијата. Помладите пак, без двоумење го пригрнаа новиот правец. Солев беше најгласен во одбрана не толку на своите творби, колку во одбрана на принципите. Објавуваше прилози во книжевната периодика, кои подоцна ги собра и објави во книгата „Quo Vadis Skiptor“?

Солев не беше тврдоглав: оној кој се застапуваше за рушење на догмите не смееше да стане догматик. Ги следеше критиките за објавените дела колку и да беа жестоки:..„бледа копија... експериментирање со западно-европските струења“ и слично. Одговараше аргументирано, дури лудо храбро за она време: „Социјалистичкото општество кое досега го имаме изградено, не е воопшто некое чудо од совршенство за да не можат да настанат извесни засечки меѓу него и неговите членови. Само општество што ги исцрпело силите за развиток, може да си вообрази дека е идеално за човекот“. Тој знаеше, ако детето го направило првиот чекор – ќе научи да оди. Модернизмот ќе придобива сè повеќе следбеници. Истовремено, реализмот ќе мора суштински да се прилагодува. Солев не гледаше во него рудиментирана форма на одумирање, туку книжевна постапка на која ѝ треба осовременување. Тоа и се случи. И самиот созреваше и преку помирлива симбиоза меѓу двата обрасци ги создаде своите најуспешни дела.

Детството од повеќе причини има големо, ако не и пресудно значење во формирањето на личноста. Родно место на човекот е местото кајшто го поминал детството. Тој период остава трајни траги на младото суштество: детските игри, училишните денови, маалските лудории, првите симпатии и љубувања…Со време каде и да го одвее животот, сеедно, макар во сонот ќе се враќа каде што

се откинал од папочната врвца. Солев е роден Скопјанец. Овој податок е пресуден за тематските преокупации. Авторот не може да ја опсервира урбаната средина и да остане без уметничка реакција.

Во Скопје стекнува средно образование како и диплома на Филозофскиот факултет. Откако ја осознава својата книжевна дарба ѝ се посветува со страст како раскажувач, романсиер, драмски автор, есеист, критичар, преведувач, иако обавува и значајни општествени работи: директор на РТС, на НУБ „Св. Климент Охридски“, како и уредник на списанијата „Млада литература“ и „Разгледи“. Член е на ДПМ од 1956 година, негов претседател; член на Македонскиот ПЕН центар. Творечката актива, пак, се состои од десетина книги раскази, драмски, радио и ТВ текстови, есеи, критики, како и романите; „Под усвитеност“, „Кратката пролет на Моно Самоников“, „Дрен“, „Дублер“ и „Зора зад аголот“.

Добитник е на наградите: „11. Октомври“, „13. Ноември“, „Рациново признание“, „Книга на годината“ за 1990 година.

Почина 2003 година.

Скопје, како што препоставивме, беше тематската оска и јадро во неговото творештво. Сижеата ги земаше од реалниот живот и создаваше уметничка креација. Таков е случајот со првите два романа, а „Дрен“ е чисто биографски роман, посветен на револуционерот Васил Антевски Дрен. Релацијата факти – фикција функционираше добро. И „Зора зад аголот“ е позната скопска предвоена, воена и повоена кафеана. Таа е поприште на настаните. По национализацијата Коле Колиштрк, сопсвеникот, веќе не работи во неа. Нараторот, неговиот син Цабланко, живее на катот, поточно по цел ден е на балконот со леандри зад кои се затскрива ама има увид во меаната, во гулабарникот во дворот, дури и подалеку. Неговиот перископ направен од мукава и искршени парчиња од огледала, му овозможува преку таа измрдана слика да не пропушти ништо. Пред втренчените очи дефилира цела галерија ликови: тукашни, наши, обични, картаџии, пивопии, самотници, шегаџии, секој со своите навици, грижи и мали радости. Перископот на Цабланко упатува на аксиомот дека уметноста не е копија на стварноста, нејзина фотографија, туку многу повеќе од тоа, Низ таа

призма и искривените, измрдани слики, се откриваат нови, засолнати значења во сенката на зборот. Тоа е таа супериорност на литературата во однос на животот.

На крајот, да се вратиме на почетокот. Необично би ме радувало ако ми поверувате дека јас, дојденецот во Скопје, по исчитувањето на овој роман го вдишив правливиот воздух на оној град што не сум го видел оти веќе го нема, ја сетив врелината на застоениот летен воздух, миризбите и испарувањата, ги разбрав скопските страдања и мајтапи. Интимно го доживеав тој чудесен свет.

Ако ми поверувате ќе ја прочитате книгата и ќе видите колку многу сме си блиски со градот, без оглед од каде сме дошле.

МАКЕДОНИЈА НА МАКЕДОНЦИТЕ

Доцноесенско попладне. Прекрасно. Сонцето ја фарба околината портокалово, пред да ја превали планината. На плоштадот Македонија се шетаат љубопитници. Јас се врткам околу споменикот на Чуповски. Запирам еден средовечен маж, кој ми изгледа продуховено и го прашувам: дали знае со што човеков заслужил да има свој паметник меѓу славниве личности. Прашаниот го загледува името на постаментот: „Чуповски“, си шепнува за себе, а вели: „Не знам“. И си оди. „Треба некако да се поднаучи“, велам внимателно како предупредата да се однесува подеднакво на обајцата, да не го навредам.

Омажов за Димитрија Чуповски и неговото дело, јас го разбирам како света должност.

Роден е во село Папрадиште, Велешко, (08.11.1878), како посмртче, оти татка му го убиле албански платеници. Починал на **29. 10. 1940 година, во Санкт Петербург** (тогашен Ленинград). Меѓу тие два датума изврвува еден богат, исполнет живот на општественик, револуционер, политичар, дипломат, публицист, научник, издавач, историчар, картограф, филолог и поет.

Целиот свој физички и духовен потенцијал го става во служба на македонската кауза. Тој е најчистиот македонски деец, со род чувство непоматено од пропагандите, за посебноста на својот на-

род и правото на сопствена, самостојна татковина.

Образованието го започнува во селото, но по палежот од албанските качаци, семејството се сели во Крушево, каде Димитртрија го продолжува школувањето, а изучува и молерски занает. Сиромаштијата ќе го отера заедно со браќата на печалба во Софија. Бугарската епизода е пресудна зашто после дневната работа, навечер посетува училиште за Македонци, организирано од Даме Груев, Петар Поп Арсов и други, каде темелно го запознава македонското ослободително движење и неговиот живот ја добива дефинитивната насока. Во Белград ќе ја заврши вечерната светосавска учителска школа по што доаѓа во Папрадиште да учителствува. Но набргу ќе биде затворен поради соработка со револуционерното движење. Од затворот некако ќе избега и преку Белград ќе замине во Русија. Во Новгород и Симферопол завршува двегодишна Духовна академија, зашто светосавската школа не е призната во ранг на средна, услов за запишување на Универзитетот во Петербург. Конечно добива индекс, но 1905 година е исклучен поради учество во студентски штрајк.

Во Петроград е основач и претседател на Македонското научно-литературно другарство (МНЛД), „според сработеното, предвесник на денешната МАНУ“, (1902-1917), основач и претседател на Словеномакедонското национално – просветно друштво (1912/1913), основач и претседател на Македонскиот револуционерен комитет во Петроград (1917 –1924)...

МНЛД организира постојани активности со задача запознавање на руската, но и на меѓународна јавност со положбата на Македонија и Македонците. Од 1912-1915 година го уредува и пишува статии во списанието „Македонски глас“ на руски јазик. Единаесетте броја „имаат значење на историски архив за борбата на македонскиот народ“, според академик Блаже Ристовски, најпосветениот проучувач на Чуповски. Пред почетокот на Балканските војни во МНЛД, врз основа на опсежната анализа за ослабената Турска Империја и намерите на соседите, било заклучено дека е крајно време да се преземат дипломатски чекори за да се сочува Македонија. За таа цел Чуповски доаѓа во Велес и со Поп Арсов орга-

низираат Општомакедонска конференција, декември 1912 година. Чуповски добива поддршка и овластување да ги застапува македонските интереси пред Македонската колонија во Петроград и да ги презентитира пред Русија и Европа. Ја изработува првата карта на етничка Македонија во боја, изготвува преглед за националниот состав на населението, го оформува документот „Меморандум на Макекедонците“. Сите три ги испраќа до Лондонската конференција, март 1913, во јуни и до владите на балканските земји. Во меѓувреме се среќава со угледни политичари и дипломати, држи предавања, објаснува

Срамната одлука: неземањето предвид на македонските стремежи, нема да го попречи во подготовките за создавање македонско-руски речник. Во ракопис имал Лексикон за историјата, етнографијата, јазикот, фолклорот и културата на Македонија, неколку песни во ракопис покрај оние објавени под друго име. За жал, при бомбардирањето на Ленинград 1942 година, овие дела се изгубени. Затоа предлагам извадок од она што е зачувано, од „Меморандумот“:

„Македонија располага со сите природни и историски права на самоопределување. Низ сите векови таа беше самостојна политичка единица, или влегуваше во состав на друга држава. Ова произлегува од нејзината географска целина и обособеност. Границите на Маке- донија јасно се означени со планинските вериги што ја окружуваат и со морскиот брег. Оваа географска целина и целиот систем на плодородни долини и полиња расположени како лепеза ја обусловуваат исто така економската целина и неделивоста на земјата. Еднородно е, исто така, и населението на земјата. Според податоците од разни авторитетни истражувачи, 2/3 од населението на Македонија претставуваат посебно словенско племе. За да се одбегнат во иднина какви и да било триења меѓу народите што ѝ се соседни на Македонија, за да им се даде можност и на помалку значајните групи од други народности што се замешани во словенската маса: Албанци, Грци, Власи, Турци и Евреи - да имаат слободен и непречен национален живот, единствениот пат е да се создаде слободна независна Македонија...

Врз основа на сето ова Македонската колонија во Петроград, исполнувајќи го светиот долг кон својата татковина и свесно застапувајќи ја паролата „Македонија на Македонците" - протестира и не може да остане рамнодушна кога сојузените балкански држави...– наши браќа по крв и вера, се стремат да ја раздробат нашата татковина...Поделбата на Македонија....е најнеправедниот акт во историјата на народите, газење на правата на човекот, срам за целото словенство. На македонскиот народ му е потребно:

1. Македонија во своите географски, етнографски, историски и економско - политички граници да остане единствена, неделива, независна балканска држава.

2. Во најскоро време, да се свика врз основа на општо гласање македонско народно собрание во Солун, кое подробно ќе го разработи внатрешното устројство на државата и ќе ги определи своите односи со соседните држави“.

После овој кус извадок од Меморандумот и неговите предложени решенија, во едно кратко резиме можеме јасно да заклучиме:

Чуповски поседува висок морал, извонредна интелектуална моќ, патриотизам, визионерство, демократски и дипломатски дух. Во проектот насловен „Меморандум на Македонците“ нема ни најмал превид. Брилјантно ја проценува меѓународната констелација, особено односите меѓу Големите сили, секоја од нив со свои интереси, апетитите на соседните држави. Тоа му овозможува врз основа на сериозна анализа да ги предвиди настаните и да им пројде во пресрет, наспроти објективниот скептицизам за немањето сенс на големите и силните за траумите на малите народи, да се обиде заедно со своите истомисленици да им пристапи на дипломатските претставници документирано, без дипломатски гафови, достоинствено и гордо, без сервилност. Носи белег на човек роден пред времето. Погледнете го членот 2 од Меморандумот:...„ ***на општо гласање македонско народно собрание во Солун, кое подробно ќе го разработи внатрешното устројство на државата и ќе ги определи своите односи со соседните држави“.***

На крајот, вреди да се истакне уште последниот, крунски податок: И во смртта не го прифатил како почест туѓото, нацио-

нално знаме. Бидејќи вардарскиот дел од Македонија, потпаднал под Србија, требало сандакот до Петербуршките гробишта да биде прекриен со српско знаме. Пред смртта соопштил дека не е Србин и не може да биде прекриен со српското кралско знаме. **До вечниот дом заминал прекриен со истото рачно изработено знаме 1914 година од Македонската колонија, со кое пред него тој пат го минал неговиот брат Наце, како поданик на Турската Империја. Синот на Димитрија на крстот ги напишал истите зборови кои претходно Димитрија ги напишал на крстот од братот: „Борец за правото и слободата на македонскиот народ“.**

Ој, Македонијо! - ми се откинува воздишка.

ЛЕТОПИС НА ЖИВОТОТ ВО ТРЕТОТО ДОБА

Книгата „Моето име е пензионер“ самата се наметна во оваа рубрика, зашто е нова, штотуку излезе од печат. И досега дојстојно, дури би рекол помпезно е презентирана во разни средини и медиуми. Но тоа нам не може да нѝ го одземе задоволството и привилегијата да проглаголиме и ние некоја дума за неа и за човекот, кој базично е наш човек, наш врсник.

Господинот **Драги Аргировски**, истакнат новинар и публицист, соодветно пред сѐ на неговата библиографија, заслужува да биде претставен со нужен пиетет.

Седумнаесетте тома што го носат неговиот потпис се паметници на разни животни приказни, активности и упорства, да се афирмираат пошироко тие активности, да се прикрепат и да се поттикнуваат нови. Овде посебно ќе ги истакнеме четирите книги кои чинат една посебна тематска целина. Тоа се: „Неговото височество пензионерот,“ „Во виорот на третото доба,“ „Пензионерска сага“ и последната (засега) „Моето име е пензионер.“

Нешто поконкретно за неа ќе кажиме подолу, зашто е нужно, барем елементарно, да го претставиме авторот, да си припомниме: роден е на **17. март 1939 година во Куманово,** каде и се здобил со основно и средно образование, после кое веднаш ѝ се посветил на својата сонувана љубов – новинарството. Започнал во

РТС, и, што е интересно, тој е еден од основачите на оваа, за тоа време, еднинствена, аудио-визуелна информативна национална пред која стоеја сериозни национални задачи да информира со слика и збор за актуелните настани во Републиката, Земјата и странство, да забавува, да ги следи и приопштува културните, уметничките, спортските и сите други содржини. Телевизијата сè уште не беше доопремена барем со најнужната техника и персонал. Затоа работата беше значително отежната: често мораше да се импровизира и секој мораше да го сработи она што ќе му биде зададено. Во такви услови Драги го направи првиот авторски телевизиски прилог на македонски јазик за ЈРТ.

Патот е широко отворен. И тој кинисува. Иако, на тој пат го чека многу работа, паралелно завршува Филозофски факултет. Станува неуморен и страсен трагач по сите категории луѓе: што среќни, што несреќни и онеправдани, што креативни и активни луѓе и домаќини, што мрзливци и порочни бадијалџии. Со еден збор: сè што животот ќе изнесе на показ. Бележи во својот нотес и пишува, главно афирмативно, за она што го препознал како позитивна сила која и луѓето одделно и општеството го придвижува напред.

И книгата „Моето име е пензионер“ не отстапува од таа определба. Аргировски знае, особено сега, дека во овој најдолг темен тунел на транзицијата во Европа, како што ќе запише самиот, многумина на пензионерите гледаат како на маргиналци кои се на грбот на општеството, заборавајќи притоа, дека тие чесно си го одработиле своето, редовно си ги плаќале придонесите во нивниот фонд за да имаат безбедна и спокојна старост. Го прифатија како позитивна цивилизациска придобивка она што во светот е тренд: доживотно учење и работа. И жилаво се борат, одбиваат предвреме да бидат отпишани. Не се мират лесно ако им се закинат нивните права. Одлично знаат што значи суштински уставната дефиниција на нашата земја, дека таа е и социјална држава. Имаат полно разбирање за проблемите со кои се судира нашето младо општество, но и како дел од глобалните светски процеси. И, со право, очекуваат да се има разбирање за нив и нивните потреби. И тука Аргировски пак е на нивната, впрочем и на својата страна.

Пишува јасно и недвосмислено, на стартот ја погаѓа целта, а потоа ја коментира само онолку колку што е неопходно. Добро го познава јазикот и неговите изразни можности и одлично го корисстии. Води сметка и за жанровската чистота. Ги има сите одлики на расен новинар и публицист. Сега, согласно со позициите што ги има (секретар на СЗПМ, заменик главен и одговорен уредник на „Пензионер плус“) може релевантно да влијае. Ќе се изненадите каде сè зема активно учество и за што се залага, што сè чини, се разбира во тесна соработка со останатите фактори во СЗПМ, со министерствата во чија надлежност се нашите права, како и со многу други владини и невладини организации.

Бев силно изненаден кога ја прелистав книгата. Ви го препорачувам тоа и Вам. Се чита лесно, овозможува да се прават паузи за да не читате со напор и кај и да продолжите лесно ќе воспоставите врска. Обемниот материјал е организиран во тематски поглавја, што овозможува експедитивно да се пронајде она што се бара. Опфатени се активностите што ја сочинуваат широката лепеза на интереси, афинитети, хобија, мечти, нереализирани планови, како од физичката така и од духовната сфера на целиот простор на татковината. А тоа претставува огромна придобивка.

Книгата станува летопис на сè што треба да се запамети. По природата на нештата, она за што медиумите опсежно информираат кога ативностите се актуелни, по неколку дена се губат од фокусот и полека се заборавaат. Книгата памети. Таа, по суштина, го носи жигот на вечноста. Затоа, секоја чест на авторот авторот.

Сосема на крајот. Ако во овј обид да го пофалиме трудот на Аргировски, намерно завардуваќи се од глорификација, редно е да кажеме дека и општеството адекквaтно го проценило и врификувало неговиот вкупен: новинарски, публицистички и хуманитарен придонес. Добитник е на наградите „13. Ноември“ за публицистика, „Крсте Мисирков“ од ЗНМ, Златно перо на хуманоста“ од Црвен крст, признаието „Мајка Тереза“, голем број годишни награди на националната РТС, однсно МТВ, одликувања и благодарници.

Да му посакаме на авторот да го послужи доброто здравје, а за останатото, како и секогаш, сам ќе се погрижи.

ГОЛЕМАТА ВОДА

„Македонија, мистер,... - китче мирисно со сламче врзано!“
Никодин од Македонија од „Кенгурски скок“

Еминентниот македонски раскажувач, романсиер и драмски писател **Живко Чинго,** блесна веднаш со појавата на првата збирка раскази „Пасквелија,“ чудесната поетска земја што ја создаде за своите литерарни потреби, многу порано од имагинарниот Макондо на славниот Колумбиец, Габриел Гарсија Маркез.

Пасквелија со време од симбол прерасна во простор кој е судбински детерминиран да ги истрпи траумите на еден преломен историски период од македонската голгота. Чинго нераскинливо срасна со неа. За жал, не се наживеа (**13. 08. 1935, Велгошти, Охридско – 11. 08. 1987, Охрид)** ни во имагинарната земја, ни во вистинската Македонија која ја сакаше како мајка му Верга и таткото Томе, варџијата. ***„Ах, каков кутар писател сум јас, а каков чудесен раскажувач беше татко ми“,*** ќе рече Чинго пред елитниот аудиториум на Сорбона во Париз на презентацијата на „Големата вода“.

По „Пасквелија“ дојде „Нова Пасквелија“ и веќе го зацврсти на позицијата, која трајно ќе му обезбеди врвно место во литерату-

рата. Го споредуваа со големиот руски мајстор на расказот, Исак Бабељ, а тој искрено признаваше дека дотогаш не го познавал Бабељевото творештво. Живко никогаш не беше докрај задоволен, по неколку пати строго го премеруваше секој збор, секоја реченица. Преработуваше дури и веќе објавени дела. („Сребрените снегови“, на пример.)

Тематскиот интерес на авторот е врзан за турбуленциите низ кои минуваше општеството и нивниот одраз врз животите на луѓето. Со страст на писател со раскошен талент внимателно ги набљудуваше настаните и со особено истенчено чувство умееше да го препознае и да го одлачи привидот од вистината. Доследен на своите магистрални определби и, по цена на непријатности и подметнувања, најнапред го стави под лупа еуфоричниот почеток на големите промени по Војната. Луѓето го следеа тој пат со елан и силна верба, зашто долго го сонуваа. Но набргу почнаа на површина да испливуваат дефекти. Народот не ја загуби надежта, мислеше дека тоа се само испади на поединци, кои или ќе се освестат, или ќе платат за своите грешки. Но, ништо од очекувањата не би стварност. Таа тема највпечатливо е обработена освен во двете „Пасквелии“ и во „Големата вода“.

Ни шеесеттите години, наречени години на стопанската реформа, не останаа надвор од ироничниот дискурс на Чинго: („Лазаревото писмо и писание,“ „Накусо,“ „Бунило“.

Судбината, пак, на талкачите по лажна среќа во некоја од ветените земји ширум светот му стана опсесија. Помина неколку месеци меѓу нив, ги запозна одблиску. А таму откорнатиците мораа да се откажат и од сопственото име оти тешко се спелувало на англиски, Никодин ќе стане Чали, а Чали веќе ништо не сфаќа, не е начисто ни жената како му се вика: „Ана Сукова или Ана Шукова, не сум сигурен, ќе се доопитам: не останало пусто време за запознавање.“ „Камен искорнат од земјата и дете ќе го тркала“ - можеби е најсеопфатниот сублимат на сета горчина на понижените и навредените, иселуваните, и преселуваните преку океаните: („Кенгурски скок“, „Плачит земјата“, „Гроб за душата“...) Сето тоа писателот

морал да го отстрада длабоко во себе за да може да го преточи во толку автентично, трогателно четиво.

Време е, накусо, да го погледнеме романот „Големата вода“ и, неизбежно, неговата драматизација со наслов „Ѕидиот, водата“, во која на брилијантен начин се поставени една спроти друга двете непомирливи метафори: Ѕидот, што на окото му го одзема правото на светлина, слика, боја...и Водата (која случајно ли?) се римува со Слободата! Од неа режисерот Бранко Ставрев направи хит претстава, која ги одушеви и најстрогите критичари низ Југославија. Беше прививилегија да се слуша долготрајниот аплауз на крајот од изведбата.

Дејството се одвива во вилата „Мир“ во Охрид, која за соодветната намена е опашана со голем ѕид наполно да ги изолира идните станари од надворешниот свет. Таа тврдина, замислете, е наменета за децата сирачиња од Последната војна. Започнува големиот лов. Ги збираат насила како ѕверињa децата на Баска по бавчите, по плевните, а тие се отимаат, плачат, како да ги носат на кланица, се држат за скутовите на своите роднини кои пак одвај чекаат да се ослободат барем од една гладна уста која треба да се нахрани. Тетките, стрините, вујковците ги тешат децата дека тоа е за нивно добро. Децата и понатаму плачат и се отимаат, очигледно незаинтересирани за доброто што им го скроиле возрасните. Ги собираат како ајванчиња, ги носат во дворот на Домот, ја замандалуваат вратата и почнуваат да ги запознаваат со редот. Децата зјапаат нагоре во небото, мало и заградено, и со умот сѐ уште талкаат низ Баска. Редот речиси, војнички. Забраните строги, слобода никаква. Рсаспределени по возрасни групи, сместени по собите. Системот на воспитување е насочен, според препораките, кон создавање вистинки градители на новиот поредок, не е заснован само на строгите мерки на Управата: Татенцето Аритон Јаковлески, воспитачката Оливера Срезоска и другиот персонал, туку и на соработката со децата. Се бараше секој да внимава на секого и ако забележи нешто сомнително да ја извести Управата. Некои од децата не соработуваа и тие најрано го привлекоа вниманието на

себе. Такви беа особено двете другарчиња Лем Костадиноски и Кејтеновиот син, Исак Кејтен.

На другата сртана, пак, особено се истакна Методија Гришкоски. Кога ги складираа дрвата за огрев во подрумот, го издемна Исак Кејтен како сокрива едно дрво под палтото. И го следи додека се крие на таваниот и со едно мало ноже го делка дрвото. Бележи секој детал и го известува Татенцето. Управителот ќе ги построи децата во дворот, ќе го измолкнат Кејтеновиот син од подрумот. Гришкоски гордо ќе го прочита својот извештај. Татенцето ќе го пофали: „Сто вакви реферати и победата ќе биде наша.“ Потоа ќе грмне: „Зборувај, Кејтенов сине, што си скакал да направиш со тоа дрво, какви планови си кроел? Кажи што си наумил, ѓаволе?“ Исак полека ја придигнува главата како да се враќа од далеку и шепнува: „Сакав да направам мајка, Татенце! Проклет да бидам, мајка“!

Ви се навлажнаа очите? Знаев! Знаев затоа што сфаќате каква болка им се нанесува на младите суштества ако бидат прикратени за најневиното животно време – детството. Уште повеќе ако тоа се прави сурово и подмолно, во името на некаква неизвесна иднина. Знаев и дека сте непоправливи алтруисти.

И знам дека откако ќе ја прочитате книгата ќе му подарите топла насмевка на првото дете што ќе ве пресретне, враќајќи му го преку таа насмевка она што му било одземено на секое дете без родители кога и да е, каде и да е!

З М И Ј А

Бројни наши автори со длабоки корени во егејската почва, творечкото внимание го насочуваат на настаните по Граѓанската војна во Грција и прогонот на Македонците, други пак, се сосредоточуваат на причините во поширокиот историски контекст за грозомората во Беломорската земја и траумите во целата татковина. На вторава група тематски му припаѓа романот „Змија“ на **Иван Чаповски (12. 11. 1936 година, село Пожарско, Воденско).**

Метафорите за злото: од змијата и змијарникот, змискиот отров; мракот во чија темнина некој назорум те следи, ја стишува стапката, здивот, ти ја демне трагата, во мислата ти пресудил, го чека моментот да ти ја скуси сенката, да ти ја земе, - ја изострувааат сликата на македонскиот трагизам и мракобесие.

Долго и макотрпно е собирана историската граѓа, факти што на темните приказни согледани низ бујната авторова имагинација им дава автентична полнокрвност. Романескното време се поклопува со историското: после Берлинскиот конгрес свикан од западноевропските сили за ревизија на Санстефанскиот договор и трае до почетокот на Првата балканска војна. Но, „Змија“ не е историски роман, туку широка епска слика на стравотни событија од Солун до Битола и пошироката околина.

Романот започнува со пролог, условно, една мрачна „разглед-

ница“ на Солун, пристаништето, утврдувањето, Крива Кула, Беаз Куле, Еди Куле. Небото над градот и Белото Море е притулено, темно и бучно од разграканите црни гаврани, како злокоба. Кон првиот дел припаѓаат уште поглавјата Галик, Воден; а кон вториот: Пред проклетството, Проклетството и Епилог.

Главниот настан е изградбата на железничката линија од Солун до Битола, обврска на Отоманската Империја да го поврзе Европскиот дел со железница, која произлегува од членот 10 од завршниот документ на Берлинскиот конгрес. Германскиот инженер Алфред Куала, од мал мечтаел да го гради светот, ја добил работата благодарение на врските на татко му со Дојчебанк, која одобрила пари за исплати и обврзници за градежни материјали што од Европа до Солун ги пренесува бродот „Квин Мери“. Главен надзорник е Аладин беј.

Работниците се ангажирани од околните места за само неколку гроша дневница, еден дел се затворениците од Еди Куле, кои ќе работат ангарија и група инжинерци од Австрија, Италија, Германија, Швајцарија, чија дневница била десет пати поголема од онаа на месното население. И оваа градба е налик на змија, не само поради змијулестата траса, туку и по несреќите уште на старт-тот: надоаѓа Галик, ќе го однесе недоградниот мост, и три животи...

Додека се работи на трасата, и потоа, се случуваат едночудо грозоморни настани, во чија основа е змискиот отров: една немерлива, бесмислена омраза, националистичка, негаторска пропаганда од соседите, предавства, убиства, грабежи.... Во неможност коректно да се пренесе некоја од впечатливите слики што ќе ја долови општата атмосфера, акцентот е ставен на духовнниот напрег на неколку ликови задоени во духот на Прличевата мисла за ропствата - со длабока смисла.

Секако, оние кои го сочинуваат ова јадро, се млади луѓе кои завршиле некое туѓо училиште на туѓ јазик. Тие се тукашни напредни Македонци, свесни за деструктивните пропаганди по националниот идентитет: Бино Беломоров од Бер, Стојан Чакалинов од Негуш, Димитар Кошувалијата од Воден... Уранија Беломорова, Попот Зорафин, Ѓорѓи Ќаата...

Темко Попов, народен деец, се зафатил да го просветува Македонецот: „Учи, ако сакаш да се бориш“, му вели на Димитар. „А каква е таа борба во која треба да се борам“? „Чув дека пишуваш песни и собраш старини, убаво од тебе. Ако си подготвен да ги прошириш духовните патишта, треба да знаеш дека во Македонија треба да се води и ваква борба: против грцизмот, бугаризмот, србизмот, примитивизмот, католицизмот… А таа борба може да се води само со знаење, синко“. „ Ако тоа е искрено кажано, што барате вие во овој пансион, зошто му служите на бугарскиот јазик“. „Јас овде се засолнав да не гнијам во зандана“. Тој во Виена завршил гимназија, во Софија со тројца истомисленици формирале Таен комитет за заштита од грчките и бугарските пропаганди, од Србите барале помош за издавање учебници на народен македонски јазик. По враќањето од Белград, двајцата другари биле уапсени како руски шпиони, а нему еден Серчанец му помогнал да побегне. Димитар зажалил оти ја наговорил љубената Уранија да ја смени гимназијата, пред да се сретне со Попов. Преминот на Уранија од грчката во бугарската гимназија и двајцата ги исправа пред многу тешкотии и подбив. Димитар е исфрлен од училиште како српски агент, откако во претресот кај него пронашле тетратката со негови патриотски песни. Бугарските ученици провоцираат: „Дај ми пари и ќе станам Бугарин, Грк, Србин“ Уранија не може да добие работа како учителка: „со тие раце што пишувале на такво писмо, не можеш да држиш молив, туку мотика,“ ја понижуваат Грците.

Стојан сонува да стане зограф, да изгради црквa во Негуш, а кога одродениот гркоман, попот Герасим Наум, ќе го праша: каква црква - грчка или бугарска, одговара: „Моја црква, словенска“. Герасим вреска: „Сè што не е грчко треба да се уништи!“ И „ќе го голтнат вировите на валавицата“. Секоја рамна површина од дрво, од камен, од метал ја користи да гребе, да скицира икони, да ја зографиса Богородица, поубава од сите, ја крева раката над око кон небесната синевина како таму да ја создава. Но ниедна од тие слики го нема образот на светата мајка Божја. Подоцна ќе сфати дека секогаш одново ја сликал жената со издолжена и тажна лика, неговата мајка Митра. Свет сон.

Најпосле, откако ќе помине првиот свечен воз од Солун до Битола, Димитар и Стојан со разбирлива нестрпливост чекаат да си одат дома. Но, ќе ги запрепасти наредбата да се вратат во занданите на Еди Куле. Во возот, ќе го убијат стражарот што ги спроведува и во движење ќе скокнат во слободата. Во Сулун инкогнито ќе се качат на брод и ќе избегаат во Америка, но ќе се вратат после само три години, зашто знаат дека во својата земја се попотребни, иако се свесни дека го доведуваат во прашање и свјот живот и животот на најблиските. Сè е предвидливо: Уранија не стасува на свадбата на братот Бино, убиена е од зад грб. Црните гаврани сега гракаат над Бер. Кругот се затвора. Излез? Кој ќе го најде вистинскиот пат? Онака, само прашувам...

Иван Чаповски, поет и романсиер. Филолошки факултет завршил во Скопје. Бил новинар во „Вечер“ и „Нова Македонија“, режисер во МТВ; главен уредник и директор на „Македонска книга“. Член е на ДПМ и Македонскиот ПЕН центар. Објавил осум збирки поезија, романите: „Граница,“ „Магла,“ „Змија,“ „Дрвените мостови на Вардар.“ „Крстан и Сирак,“ „Крв на еукалиптусот,“ „Лазаровата ѕвезда над Њујорк“... Ги добил наградите: „13. Ноември,“ „Рациново признание,“ „Стле Попов,“ и „Книжевен круг“.

Змија е роман, кој жегнува до болка, горчливата тажноина потоа уште долго го скусува здивот и го стега срцето.

SИД ШТО ОДИ

„Ако имаш вера колку синапоо зрно, планина да повелаш да оди – ќе оди“. Запишано од Цепенков

Една ретка, необична, книжевна творба, барем во нашава средина, го освои годинешното „Рациново приззнание“. Оние кои внимателно ги следат книжевните настани во земјава, знаат дека станува збор за романот „Sид што оди“ на поетот, публицист, преведувач и раскажувач, **Илхами Емин**.

Неговата биографија е исклучително интересна. Промоцијата на поетската збирка „Ѓулкарпа“ (2011) во пензионерскиот Клуб на љубители на книгата во Аеродром пред членовите, пред драгите соработници од Меѓународната гимназија НОВА, професори и нивни ученици, промоторот д-р Кирил Темков; осумдесетгодишниот автор Илхами Емин, строен и насмеан како секогаш, со личното присуство ја престори во празник. Некои подробности ќе изоставам, но, со нагласен пиетет, ќе го приопштам она што никако не смее да се заборави: во неформалната дискусија и разговор на присутните со поетот, кога се вкрстија различните енергии, заискрија очите од возбуда, Емин беше фасцинантен. Рече: „Јас сум среќен човек. Среќен сум што сум се родил и живеам во Македонија. Таа ми овозможи да бидам тоа што сум. А Бог ми дал повеќе отколку што заслужувам. Среќен сум кога на прашањето кој е мојот мајчин јазик, одговарам: јас сум

своевиден феномен – имам два мајчини јазика, турски и македонски“. Еден чудесен, автохтон космополитизам што го носи како свој зшатитен знак цел живот.

Илхами е роден во Радовиш, на 8. август 1931 година. Завршил Педагошка академија во Скопје, но најголемиот дел од работниот век, освен на неколку функции, го минал во „Нова Македонија,“ каде преку новинарството го вежбал и книжевниот израз. Чита и учи, го возбудува поетската реч. Веќе во 1954 година се јавува со своето поетско првенче, „Трагање“, наредната година стиховите од збирката „Животот пее и плаче“ ја засведочија неговата несомнена дарба, која со приемот во ДПМ (1956), со членството во Македонскиот ПЕН центар и званично е потврдена. Вкупниот негов опус не е мал, се состои од дваесетина книги поезија. Наградениов роман, „Sид што оди“ е круна на неговата креаривна работа.

Импозантен е и неговиот труд посветен на препевите на најголемите турски поети–суфисти: Ахмед Јесени, Јунус Емре и Џелалудин Руми–Мевљана, на македонски јазик, кои веќе беа светска цивилизциска придобивка. Тоа е напрег „доволен за еден творечки живот“, со право ќе констатира д-р Темков. Таа поезија ќе остави траен белег врз неговата човечка природа и светоглед.

Емин е Јурук. А Јуруците се турски групи кои пред налетот на Монголите бегале од едно место на друго и така станале номади. „И Осман, основачот на Отоманството бил Јурук“, ќе изјави Емин во една емисија за Дојче Веле. „И таткото на основачот на современа Турција, Ататурк, бил Јурук од село Коџаџик, Дебарско“. Емин уште како десетгодишно дете преку дедовците по мајчина и таткова лоза, како и од таткото оџа, бил подучуван дека секој човек има повеќе гревови од лисјата на гранките од боболката (црница, з.м.) и треба да се варди од нив уште од мал. Тие припаѓале на *меламиите,* муслимански верски ред, кои признавале еден Бог – Создателот, еден прататко Адам и прамајка Ева, значи сите треба да живеат во мир и меѓусебна почит. А зошто луѓето подоцна се поделени по различни вери - „тоа го знае само Создателот“ Тој присет ќе го мотивира да го открива животот на шеикот Сеид Мухамед Нур ел

Нур ел Араби, меламист, чие учење за другите 12 терикати било ерес.

Романот „Sид што оди“ е интересна новина во нашата литература. Тој има една докрај отворена структура, со ништо непрекинувана и непопречувана, тече како бистар и пенлив планински брзак, без интерпункција и големи букви (освен за Создателот). Нема цврсто сиже и хронолигија, приказната и временски и просторно се преместува според текот на свеста (не треба, меѓутоа, да се споредува со Џојсовиот „Улис“). Се чита лесно, не е херметична.

Во романот фактите се пред фикцијата. Тој е резултат на долгогодишното авторово трагање по разни градови и села... претурање по правливите државни и приватни архиви, музеи и библиотеки, дружење со поети и поетики, мистици и верски учители, луѓе алчни до братоубиство, но и луѓе како Илија Џаџев кој на мостот музицира со својата хавајска гитара спроти циганката со дете на гради. Џаџе на крајот ја вади капата и чека некој да спушти паричка и потоа сета содржина ја истура во скутот на циганката. Емин разговора со луѓе умни што паметат долго и непристрасно сведочат, анализира стари фотографии, ленти од камерата 300 на Милтон Манаки, кајшто е овековечен и Султанот лично, и слично.

Нема измислени ликови, прототиповите стануваат ликови со своето име и презиме, па ваш е изборот дали ќе го паметите ликот (според книжевната теорија) или прототипот, кој според истиот теоретски стандард престанува да постои откако ќе стане книжевен лик. Нараторот прави исклучок само за себе: го зема името Јурук Осман.

Во делото откриваме една широка лепеза од мотиви, кои преку модерната постапка елегантно соработуваат околу главната идеја за толеранцијата како врвен принцип, овоплотена во розата како нејзин симбол. Макотрпно собраниот материјал го исправа авторот пред сериозни потешкотии: како да се направи вистинската селекција: да не го заведат натрапници кои не работат за темата. Тие се привлечни и проблем е како да се изостават?! Но добриот автор е како добар домаќин: има резервно чекмеџе за да го зачува неупотребеното оти во некое идно дело може да биде драгоцена

граѓа. Собраниот материјал покрива реално време кое се протега од битката на Марица до наши дни.

Централната тема д-р Ферид Мухиќ, прецизно ја дефинира: „Во овој роман Илхами Емин продолжува да ја раскажува сагата за вечното барање на онаа највисока универзална вистина низ која се изразуваат и во која се помируваат сите парцијални вистини.“ Брилјантно!

На крајот д-р Мухиќ ќе заклучи: „Со ‚Sид што оди` Јурук Осман алијас Илхами Емин, се покажа како берач на смилот, симнат од својата планина, за да ни подари прекрасен букет од ова планинско цвеќе чијашто миризба никогаш не се губи!...**Јуручката душа мириса како планински смил....**

Токму така мириса и овој роман“.

ВИСОКИ ПОЕТСКИ ДОСТРЕЛИ

Јован Котески е бележито име од третата повоена генерација македонски поети. Најдобрата биографија на еден автор е неговата библиографија. Па сепак, во книгите во кои се регистрира животот на луѓето од раѓањето до смртта, пишува: **роден е на 14. 01. 1932. во село Присовјани, Струшко.** Тој орфејски предел под Караорман каде ги поминал раните години на детството е неговото прво и најчисто искуство. Од друга страна, малите посни нивички и градинки не се бериќетни да ги прехранат семејствата. Луѓето се принудени да печалбарат, светот им станува привремен дом, без најблиските. И Васил Котески, таткото на Јован, печалбари во Братислава како шеќерџија. Јован го видел два пати во животот: еднаш како деветгошник во родното село и вторпат како студент на 26 години во Скопје. Тешко е да се претпостави какви биле тие средби. Сум слушал за повеќе такви драматични настани. Мојот Дримкол од левата и Малесија од десната страна на Црн Дрим, минувале низ исти премрежиња.

Гимназија изучи во Охрид, а Филозофскиот факултет ќе го напушти пред да го завврши. Лебот си го заработува како новинар во Радио Скопје, и со повремени прилози во весници и списанија. Тоа не треба да нѐ заведе дека во него згаснал жарот за нови, пошроки знаења, особено од областа на литературата, која ја

одбрал како своја судбина и своја прокоба. Според сведочењето на д-р Јасна Котеска, ќерка на авторот:... .„адолесцентските години во интернатот во Охрид ги помни како години на задоволството од учењето и од откривањето на еповите на Хомер, „Метаморфозите“ на Овидиј, „Божествената комедија“ на Данте, „Фауст“ од Гете, романите на Толстој и Достоевски“.

Останатите релевантни податоци за животот и делото на поетот од сите аспекти, благодарение на упорноста и посветеноста на професорката Котеска можат да се најдат на едно место на интернет-блогот под наслов „Поезијата на Јован Котески“. Таа не поставува никакви други ограничувања за пристап, освен придржување кон правилата за фер користење на информациите. “Ресавската школа“ е анахронизам. Ако му посветите внимание на блогот, ќе добиете повеќе од очекувањата. Неговото творештво педантно хронолошки е подредено со сите нужни информации. И многу стихови достапни за читање на истото место.

Накусо, поетската културна ризница е побогата за збирките: „Насмевка пред зорите,“„Земја и страст,“„Злодоба,“ „Тежина,“ „Пеплосија,“ „Сенки,“ „Зелени порти,“ „Хераклеја,“ „Поморија,“ „Бденија и сновиденија,„Полилеј,“ „Плодови,“„Тапија,“ “Живожарица,“ „Сончева белегија,“„Морници,“ „Ралица,“ „Лелејка,“ „Самотија,“ „Трагач,“ ,„Решетки“, „Приќе“, „Одрон“, „Разор“, „Кртечина“.

Преведуван е на повеќе јазици: српски, романски, англиски, француски, руски.

Добитник е на неколку награди, главно од еснафот: „Гоцева Повелба,“ „Григор Прличев,“ за поемата „Трагач,“ „Нарциса,“ „Ацо Шопов,“ „Браќа Миладиновци“ на СВП, „Кочо Рацин,’ а постхумно „Климент Охридски“.

Два пати бил претседател на Струшките вечери на поезијата.

Неговата генерацијата прави решавачки исчекор во македонската модерна, иако претходниците мораа жестоко да се судрат со догматските позиции за модерната како декадентна, херметична, формална, самата за себе, и, што е најважно, недоволно општествено ангажирана. За певот на Котески, не може да се рече дека не бил предмет на критичко – вредносна опсервација. На почетокот

безмалку сите што се огласија ја вреднуваа според социјалните мотиви и личниот, исповеден тон. Тие оценки имаа призвук на спорен легимитет на творечката постапка, во која во индивидуалното и интмното наоѓаа декаденција, оспорувајки ја творечката слобода, судирајќи се истовтемено со есенцијалната вистина дека поезијата е најискрен и најинтимен творечки супстрат. А поетот и да сакаше не можеше да избега од секојдневието, сиреч од својот живот. Честа, по правило, ја спасија исклучоците. „Во луцидниот текст „Поет на митемата за самоникнатиот човек“ наспрема претходните толкувања на раната поезија на Котески како амбиентална и патриотска, Венко Андоновски за првпат нуди читање на поезијата на Котески од „Насмевка пред зорите“ како „поезија на митемата за самоникнатиот човек“. (Преземено од блогот) Потоа настана еден привремен молк. Авторовото зреење, освојувањето на новите теми, универзализацијата, книжевната критика не ги прокоментира на нов начин. За наеднаш, од деведесеттите години наваму да дојде до наплив на продлабочени критичко - есеистички текстови, кои напосле, ги поставија работите на вистинското место.

Поезијата на Котески е автохтон устрем кон зенитот, сериозен придонес кон современото поетското писмо. Таа е: питома и дива, нежна и страсна, шепотлива и гласна, секогаш лирска. Со сопствена музика и боја. Со јазик изворен: и архаичен и современ. Пожелно е читателот да не се потпира само на туѓи судови, туку да гради и свои, со своја промисла, со слики од сопственото искуство. Тој има право на творечко читање: да разградува и одново да гради и доградува. Само на тој начин читателот ја освојува поезијата, станува и негова, жива. Со самото тоа пак, и поетот е жив; секое дело без оглед на жанрот, ако е вистинско, со докажани вредности, го надживува авторот и со тоа го брани од заборав.

Јован Котески на **12. 07. 2001**. премина во вечноста, не сам, туку со својата поезија, ја остави и тука за идните поколенија: да пулсира и инспирира во новото време.

Јули е пред нас. Добро е по тој повод да се навратиме на неговата поезија. Тротомниот Избор од 2001 година е добра препорака, или „Сончева белегија“ од 2008., или поемата „Трагач“, вери-

фикувана со наградата „Григор Прличев“. Таа е заумна потрага по смислата и бесмислата на војувањата, освојувањата до Индија, а на победникот гробот да не му се знае; На Беласица најбруталниот воен злостор во историјата дотогаш и пропаста на последното македонско царство, подвигот на Болен Дојчин да го уништи злото, Силјан Штркот да ја сочува чудотворната вода за да се очовечи....

Заслужува восхит фактот што мотивската испреплетеност успева да ја хармонизира во кохерентна структура. ...„Големиот ум – златниот бумбар / ги заокружува страстите / во единство, во целина, во песна.“ („Навнатре“ од „Лелејка“).

Со чествувањето на неговата поезија ќе ја чествуваме и годишнината од смртта на поетот. Ќе го оживееме во нашиот спомен.

Б Е З Д Н А

Еден толкувач на романот „Тоа Радиовце“ од **Јован Павловски (Тетово, 10. 08. 1937)** сртуктурата ќе ја дефинира како **х е т е р о г е н а:** „одделни делови се нагласено автономни“.

А кога ќе зачитате ќе сфатите дека нема поприроден тек на дејството и вкупната атмосвера како фон на злосторот. Жената го убива својот маж со секира в глава!... „ Го немаше два дена, со некоја жена ли бил или пак пиел по селските кафеани... дојде пијан, лут и уште од врата: сакам да си одиш, веднаш. Така вели и право в кревет, непреслечен, несобуен…заспива. Го гледам така, нешто се крши во мене, злото расте како тесто“. Избезумена трча низ дождот и засипнато вика: „Селани, sверови мои, јас го убив!“ Веќе го страда злосторот. Не може да се одбрани од гласот на совеста како далечно ехо, со кратки проблесоци на потсвеста, повеќе како инстинкт, оти значењето е недоловливо. Соседот Лазо ја наоѓа жената склупчена крај оградата, до гола кожа мокра и измрзната, со висока температура, без свест. Селаните, згрозени: ќе ѝ се измолкне на правдата, си велат. А ако сами пресудиме? Мислата, можеби несвесно изговорена во мракот, алка потамина и наоѓа сѐ побројна поткрепа. Лазо се бори сам, заборавајќи и на сопствената жена, која ќе припадне од крвавата глетка на мртвото тело. Тој ќе ја однесе дома загрижен, но решен енергично да се спротивстави на законот на разјарените. Лазо, предвоениот бел-

градски печалбар, фурнаџија, е возбуден а присебен: кој ни дал право да бидеме и судии и џелати? Кој нѐ овластил да влегуваме во туѓите животи и да ги отплеткуваме нивните тајни што не нѐ засегаат, кој ќе го знае одговорот на простото прашање: како и зошто? И неговата ќерка е со толпата. И ти ли копиле, се мешаш во овие работи, ќе праша со пцост и уплав да не би да се оттиши злото и да не може никој да го сопре.

Структурата самата се наложила во согласност со книжевната материја и одлично функционира. Страничните приказни работат, исто така, за основната, ја доосветлуваат. Има убиен човек на креветот, убиецот е во болница и не е во состојба што и да е да објасни. Како тогаш да се растајни нивниот живот за да се разбере смртта, без сериозна и објективна истрага. За почеток ќе послужи писмениот материјал пронајден при претресот во домот на убиениот Милко Ботковски од Радиовце, борец од септември 1942 година, носител на Партизанска споменица, многубројни одликувања, признанија.

Иследникот, млад човек на триесетина години, совесен во својата работа искрено е заинтересиран да ја допре вистината, не само заради злосторот, туку и задади неа - самата. Истата вечер, оди во својата канцеларија и цела ноќ ги проучува уредно зачуваните копии од молби на конкурси и писма до партиските другари. Во нив другарот Ботковски ја објаснува својата несреќа, откако по расформирањето на околијата е оставен на располагање, потоа е пензиониран. Тој не сака да биде пензиониран на 45 години, здрав е и способен да придонесе за подобрата иднина на општеството. На сите конкурси е одбиван, честопати не е удостоен ни со неколку формални реда одговор. Меѓу хартиите има и дојави до Комитетот и неговите органи за разни девијантни појави и имињата на нините носители. Сега другарите го доживуваат како лична закана, го одбегнуваат, немаат време за разговор, а тој е сѐ поосамен и отфрлен. И покрај сесрдната поддршка на сопругата Здравка, тој сѐ подлабоко тоне во очајот. Почнува да пие, почесто отсуствува од дома, станува груб кон жената која го љуби, која и после убиството

за кое не знае како се случило: замрачување на умот, што ли?! -сѐ уште го сака.

Се обидов да ја детектирам врската структура – граѓа, земајќи го за свидетел елементарното сиже. Нема смисла повеќе да раскажувам, само ќе речам: Милко е типична жртва на беспоговорната верба во идеалите на новото време и неговата перцепција за себе. Се судира со нараснатиот отпор на народот, но не отстапува, гневот се трупа, а тој и во сонот се плаши да се праша дали некаде греши. Самата помисла ќе го етикетира како колебливец, што ќе му заприлега на обвинение за предаввство на партијата и високите општествени цели. Брзиот подем е услов за уште побрз пад. Се губи тлото под нозете, ќе завладее некој заверенички молк, потоа подбив, вратки, другарите не паметат заслуги. А она на погребот: „замина кога ни беше најпотребен“, звучи застрашувачки лицемерно.

Првиот роман на Јован Павловски „Тоа Рдиовце во кое паѓам длабоко“ (целосниот наслов) е висок творечки резултат, потврден и со првата награда на конкурсот на ИК „Наша книга“, „Рациново признание“. Тој е поет, раскажувач, романсиер, писател за деца, публицист. Обемниот книжевен опус го најави со стихозбирката „Август“ (1961), потоа следеа уште 11 поетски наслови, не сметајќи ги избраните изданија, и преводите. Македонската литература е побогата за седум - осум наслови од различни жанрови за деца и речиси нема книга која не е повеќекратно наградена. Бездруго треба да се издвои првиот македонски еротски роман – „Сок од простата“ (коавтор со Ангел Биков), добитник на наградата за најмногу читана книга 1991 година, како и „Проверка на слободата“, наградена со реномираната награда „Стале Попов“. Павловски е творец кој се здоби со мноштво престижни државни и еснафски награди во сите жанрови. Орденот на Републиката со сребрени зраци - е круна. Член е на ДПМ, претседател во три мандати, член на Македонскиот ПЕН центар. Во „Нова Македонија“ го помина работниот век, како новинар, уредник, дописник од Париз и Москва. Шест години (1980 -1986) е вонреден професор по теорија и практика на новинарството на Интердисципинарните студии по

новинарство на Универзитетот „Свети Кирил и Методиј“. Сега е уредник на месечникот „Македонско сонце“, на македонски и одделно на англиски јазик.

Јас знам дека нема полош крадец на време од лоша книга! Затоа препорачувам само книги со потврдени вредности од кои има полза. Романот „Тоа Радиовце“ не е никаков крадец на време.

СВЕТО ПРОКЛЕТО

Конечно, ќе разгледаме едно книжевно дело од Антологијата на современиот македонски роман. Станува збор за романот „Свето проклето„ од **Јован Стрезовски (Подгорци 26. 04. 1931 година.)** Изборот е на осведочените литературни зналци, аналитичари и критичари: М. Ѓурчинов, С. Мицковиќ и Г. Старделов. Романот не е обемен, околу 170 страници, но е антологиски според севкупните книжевни својства. Творечката постапка е иновативна не само поради постмодернистичкиот израз, според фрагментарноста, цитатноста, густината на значењата, туку и поради глобалната митологија како врзивното ткиво што на читателот му овозможува фино да ги вткае наратолошките нишки и да воспостави жив дијалог. Вешто е искористена една упанишада за коренот од староиндиската литература, за сакралните значења и моќ, светото и проклетото. Сликарот Столпник, објаснува зошто коренот му е чест мотив. Столпник е тукашно дете кое поминува неколку години во Германија каде што татко му работи како слаткар. Дење се шета покрај Мајна и таму среќава сликари кои на штафелаите со распнати сликарски платна и со палетата бои сликаат мотиви од околината. Катаден опиен оди таму и кришум присирнува: се труди нешто да открие, да научи. Еден од сликарите го загледува и кога во него ќе препознае дарба, го

советува да оди во сликарско училиште. Таткото пресекува: од тоа не се живее. Сликарот, на своја рака, го подучува момчето. Еден ден ќе му рече: „Повеќе не сум ти потребен, твојата упорност и талент ти се доволни. Запамети: боите кријат уште многу тајни во себе, задлабочувај се во нив, откривај го и ползувај го нивниот јазик. И на сѐ што ќе насликаш давај му нешто свое, од себе“.

Кога се враќа во Водец, сликарот со голема страст се зафаќа да ги овековечи селските мотиви и станува ем хроничар на сите радости и трауми, ем неговите слики се иницијација со која Стрезовски ја доразвива приказната од сликата низ уметноста на зборот. Тоа е таква суптилна постапка што човек не знае до каде се открива сликата самата себе а каде продолжува раскажувачот. Дејствието се одвива за време на Балканските и Првата свеска војна. Парадокс: Македонија во тоа време е, по пропаста на двомесечната, од никого непразната, Санстефанска Бугарија (голема, најголема во нејзината историја како награда за вазалниот однос кон Руската Империја); по Берлинскиот конгрес повторно ѝ е вратена на Отоманската Империја во незината етничка целост и со белези на автономија. Значи, таа не води војна, се војува за неа како плен. А нејзини војници гинат по фронтовите де за една де за друга од новопризнатите држави: Грција, Бугарија и Србија. Стрвните албански качаци прават зулуми во пограничните региони. Македонските интелектуалци во Петербург на чело со Чуповски ѝ ги предочуваат тие факти на глувата Европа и се залагаат за самостојност. Но, глувиот останува глув.

„Мотив: Блажено улавство. Кога дојде сликарот, селото ја славеше слободата; секогаш луѓето слободата, иако краткотрајна, ја славеа на свој начин: ја славеа вратоломно, лудо, шеметно, можеби затоа што знаеја дека е краткотрајна“...„и како што капеа казаните – така луѓето со филџани, канчиња со матарки црпеа и пиеја: старо, младо, машко, женско“....По големите премрежиња се слави триумфот на животот. Се слави без никакви морални ограничувања, разуздано. Се случуваат и кобни грешки. Пуше ја убива циганката Фатима, збудален од страст по неа.

„Местото каде што застанал (Столпник) да го слика селото морало да биде чун оттурнат во езерото, на она место од каде што очите можат да го зграбат целото село“. Ќе наслика минуциозна и колоритно раскошна слика. Куќите ќе ја зачуваат соодветната боја, таа е во склд со карактерите на луѓето... „Кој во која боја припаѓаме, сликаре?“ „Најдете се сами“, ке им рече. А луѓето, секој со своите човечки соништа, темни страсти и опсесии: намќори, лукави, веселници, чесни, скржави, тврдоглави, кавгаџии, тапоглави, превеани, алчни, добри како топол леб, веселници, страсни љубовџии, вејкрпи, секакви луѓе…

Во романот нема главна личност околу која се вртат настаните. Трофим е, сепак, најекспониран. Неговата куќа е на врвот од ридот и прв го гледа денот кога забелува, сонцето прво нему му светнува. Опседнат е да го купи целиот рид и да има машки наследник кому ќе му го остави. Маруш гради куќа на самиот раб на езерото, како цапната во него, но не може да најде лек за единственото чедо, Висар. Полин сака да се храни само со она што го дава природата. Царјанка си го љуби Трајана и си го зема наспроти противењето на татка си Трофим. Бандо, исто така, гради куќа до самото езеро, но ќе си го убие сонот оти му се чини дака саноќ накој му ја урива. Грдан не е подготвен да го отстапи своето родно огниште колку и да плати синот на Трофим. Скрчета, лажниот син донесен од Албанија, го убива на лице место. Учителот, откако бугарскиот офицер ќе му ги застрела жената и детето, собира отпадоци што ги исфрла водата од езерото за да направи нов свет, овој е преполн со зла и лошини. Арилко, мајстор резбар, три години се затвора во црквата додека да го издлаби иконистасот, а потоа оди в пештера за да си го поврати спокојството. Кога питропот Танаско ќе го праша што да им одговори на селаните каде е Арилко. „Луѓето се во своите дела“, одговара. По смртта ќе го прогласат за светец.

Стрезовски длабински го скенира интимниот свет на луѓето, низ дискурсот на антрополошкото и архетипското. Затоа портретот на народот е толку прецизен: диференцирани ликови со малку средства, без пренатрупување, со воздржаност и неутралност. По-

седува вонредно лексичко богатство и раскошна синтакса. Општата атмосфера е драматична и убиствата се, речи си, секојдневни. Само ги регистрира без подробности и патетика.

Да потсетам: како поет, раскажувач, романсиер Јован Стрезовски депонира во македонската книжевна ризница над триесет наслови за деца и возрасни. Заврши Филозофски факултет. Работеше во струката, а беше и долгогодишен директор на Струшките вечери на поезијата. Носител е на бројни престижни награди**.**

Се согласувам со тебе, Арилко: Луѓето се во своите дела. Стрезоввски со целото свое битие е во нив.

ГЛАС ОД МАКЕДОНИЈА

Творечката дарба е дар од Бога во семејното стебло, ако Гете е во право. Таа може да прескокне неколку колена и да се јави неочекувано во некој потомок. Нејзината учество во креативниот чин е само еден процент. Но без него – нема уметничко дело! Останатото зависи од условите, местото и времето. И од напорната работа. Овој контекст нужно е на стартот да се има на ум со што ќе се обезбедат објективни критериуми за оценка на поетскиот резултат на Коле Неделковски..

Роден е во екот на Првата балканска војна, на 16.12.1912 година во село Војница, Велешко. Веќе пролетта 1913 година „ослободителите“ со благослов на светските моќници ја распарчија Македонија. Тоа се тие услови, место и време. Неговото сиромашно земјоделско семејсво се дави во беда. Дури и основното училиште е претежок товар, а бистрото дете го завршува со одличен успех. Гори од желба да продолжи, но гимназијата каде што се запишува мора да ја напушти уште пред крај на првото тромесечие. Ја фаќа молерската четка со надеж дека ќе му помогне и на семејството и себе си. Го посетува и неделното трговско училиште во Скопје. Веројатно уште тогаш пилето во него сонувало песна. Забележано е дека запишувал поинтересни, поретко употребувани или за него непознати зборови. По повод смртта на еден свој другар ќе ја напише песната „Проштално писмо“, која, за

жал, не е сочувана. Условите во Кралството Југославија, во чијшто состав како дел од пленот е и вардарскиот дел од Македонија, од ден на ден се влошуваат: од една страна поради националното ропство, од друга поради економската криза во светот. Тие причини ќе го наведат во 1933 година да оди во Софија со надеж дека со подобрен социјален статус ќе успее да реализира барем дел од своите творечки и слободарски соништа. Но она што го затекнува таму длабоко ќе го разочара:..„жестоко ја изживеа заблудата“, се сеќава академик Димитар Митрев. ...„разбра дека неговите родни браќа во емиграција си имаат создадено друг облик на живот, и тие му се туѓи“. Живее осамено. Дење работи како молер, а ноќе бдее над своите стихови. Постојано се залага да го збогати своето знаење, посетувајќи повеќе образовни курсеви. Пресвртница во неговиот дотогашен живот претставува пристапувањето во редовите на Македонскиот литературен кружок (1938-1941) и широкоградото прифаќање од членовите. Другарува и сорабоотува со Никола Јонков Вапцаров, Антон Попов, Михаил Сматракалев, Ѓорѓи Абаџиев, Димитар Митрев, Волче Наумчевски...Таа прогресивна средина ќе го окуражи. Открива нови видици, запознавајќи се со делата на Пушкин, Лермонтов, Ботев, Јаворов, Смирненски, Дебелјанов и други. Вапцаров несебично му ја дава сета можна помош, како што прилега за сонародник близок по сон. Откако ќе му стане достапен „Зборникот на народни умотворби“ на Миладиновци, ќе му се радува како дете и постојано ќе го чита и проучува. Истовремено, поминува многу денови во софиската библиотека во потрага по уште една книга над книгите (покрај „Зборникот) – “За македонцките работи“ на Крсте Петков Мисирков, како што сведочи Димитар Митрев.

Веќе може да се претпостави, според лектирата што го опива, во која насока ќе се развива неговото творештво, барем на стартот. Народниот верс: по метририката, по лексиката, по изразните средства клокоти во него како буица и тој мора да ја помине таа фаза. Мисирков засекогаш ќе ги разреши дилемите за јазикот и Коле во ниеден момент нема да се колеба: велешкиот јазик кој е природно негов мајчин јазик, е јазикот и на неговиот пев. Првенствено на овие

два елемента, како и на борбрниот дух, на копнежот за слобода, бескрајната љубов кон татковината, го заслужи неоспорно точниот епитет: најреволуционерен македонски поет.

На 26 годишна возраст, јуни 1938 година, во месечникот „Илустрација Илинден“, списание на Илинденската емигрантска организаација во Бугарија, е објавена неговата прва песна „Стојан војвода“. Редакцијата ќе ја проследи и со куса белешка за авторот: „Кољо Неделковски, од Велес, млад ентузијазиран певец на народни идеали, којшто покрај борбата и тешкотиите со животот, сепак наоѓа време да ги воспее своите чувства и преданост кон родниот крај и копнеж за народна слобода“ До јуни 1939 во истото списание ќе ги објави уште: „Раткина неволја,“ „Богдан и Гроздана,“ „Младост попарена,“ „Мајка,“ „Одродени“ и „Чичко.“

Мразот е скршен и 1940 година ја објавува својата прва стихозбирка под наслов „М' с к а в и ц и“. Една година подоцна, 1941, ќе биде објавена втората книга „Пеш по светот“, која покрај истоимената поема содржи и седум самостојни песни. Таа е посветена на македонскиот непокор и на борците на тој непокор: „Греј, о мила месечино, сјајно,/ греј и огреј ми страден род,/ во мачна душа шепни му тајно/ за дните нови под златен свод“. Од нејзината објава до неговата трагична смрт **(2. септември 1941)** поминаа дванаесетина дена. Опколен од полицијата во мансардата во која живее, не сакајќи жив да се предаде, фрла бомба зад себе и скока низ прозорец на плочникот. Младиот поет се принесе на олтарот на народните идеали, како саможртва. Пред да созрее како поет, а таман почна да го наsира вистинскиот пат.

Неговата библиографија е скромна. Но, за своите 29 страдалнички години оствари повеќе отколку што беше можно. Најдоброто, без сомнение, допрва се очекуваше. Тој е сериозен автор, со вродена одговорност и критичност кон себе. Тоа се гледа од корекциите на повеќе песни што беа објавени во списанието споредени со конечната верзија во книгите. Се труди да ја сведе наративноста, да се ослободи од големото влијание на народната лирика, да ги згусни чувствата и значењата. Во доста случаи и успева. Најдобар пример, е песната „Глас од Македонија“:

О, трајте, трајте, тирани недни!
Доста со тие лаги и злоба –
пакостен глас од устите гадни
над мојот народ у секоја доба.
Та ете веќе векови цели
пишка и стенка од волци гости –
за брата вијат кој да го дели,
за да му глода сувите коски.
Па нека сега сам да си реши
со своја волја судба и сева,
в животот еднаш сам да се теши,
д' издигне славно свој род без врева.
Та Шар и Пирин дружно да викнат
родната песна в небеса темни
и бурниот Егеј – на век да плиска
тешкиот глас на новите химни.

Надвременска песна! Актуелна и денес, во една поинаква констелација, се разбира.

ПРЕКУ ЦРНИЛАТА ДО ПРОСТУМОТ



Во рубрикава досега остана незастапен еден значаен сегмент: македонската драмска литература. Ако за момент, условно, ги ставиме настрана првичните обиди на Џинот, Цепенков... вистинскиот творечки ентузијазам во овој жанр започнува со Чернодрински, Крле, Панов, Иљоски...

Вештината на драмскиот испис тие ја совладуваа без некакви сериозни домашни урнеци, учејќи се на сопствените грешки, што е рамно на подвиг. Темите и мотивите потекнуваат од македонскиот народен бит и традиција. Оттаму, заеднички именител им е синтагмата: *битови драми*.

Веднаш по војната поезијата, расказот, набргу и романот, со својот замав, ја охрабрија и појавата на драмата и како книжевен израз и, уште повеќе, како базична предлошка за театарската уметност. На почетокот, таа празнина се пополнуваше со руски и југословенски автори. Но, домашната драматургија со нов сензибилитет, едноставно стана неминовна и неодминлива. И новиот глас на јазикот создаден според сериозни научни стандарди, имаше потреба преку живата реч, во непосредниот контакт со публиката, да се чуе и во лет да се пригрне, да навлезе во јазичната пракса и да ја тестира творбената носивост.

Токму во тој период Коле Чашуле е директор на Драмата на Македонскиот народен театар и таа потреба силно ќе ја почув-

ствува при изготвувањето на годишниот репертоар. Ако веќе беше се опитал во драмското писмо не смееше да запре на полпат. Знаеше: овој книжевен род е најтежок. Инсценацијата има специфиччни законитости. Драмското дело не е функционално ако нема дејство и активен конфликт кој напрегнато ќе го води кон врвот, кон климаксот, за да заврши конечно со антиклимаксот. Нарацијата овде не е од помош. Зборот е смерница. Останатото е актерско мајсторство. Драмската приказна не треба да се раскажува, туку да се доживее и сценски да се оживее и прикаже.

Прилепчанецот Илија Кепев**, 2. 03. 1921 година**, кој по преминувањето во бездетното семејство на вујкото Илија Чашуле, ќе стане и остане познат како **Коле Чашуле:** драмски автор, романсиер, есеист... до крајот на својот исполнат живот**, Скопје, 22. 09. 2009 година.** За време на студиите во Белград станува активист во напредното движење. Илегално пренесува неколку куфери со примероци на Рациновите „Бели мугри“ во Македонија. Учествува во историскиот напад на бугарскиот полициски участок во Прилеп на 11. Октомври 1941 година, со што Македонија го започна Ослободителното востание, станувајќи сојузник на антифашистичката алијанса. За одбележување е и неговта активна улога во организацијата и бегството на политичките затвореници од затворот во Идризово.

По ослободувањето покрај раководните позиции во информативни и културни иституции, член е на ДПМ, на македонскиот ПЕН центар, почесен член на МАНУ, дипломат. Долго време ќе го следат контроверзите врзани со процесот и осудата на првиот македонски претседател, Методија Андонов Ченто, како поротник во судскиот процес. Можеби оттаму генерира потребата често да ја варира темата за вината и неправдата, наспроти вистината, за прогоните и пресудувањата, за мрачните заткулисни игри, за предавствата и убиствата како македонско проклетство. Несреќен е, но убеден дека ќе им дојде крајот на црнилата, а една горда нација, исправена простум, ќе отвори нова страница во својата историја со јасна визија за развитокот на македонската држава како

модерно, демократско општество, поучена од премрежињата и трагедиите.

Неговиот книжевен опус е маркантен. Тој опфаќа: дваесет и пет драмски дела, девет романи, четири книги раскази, осум книги есеи, една монографија за Страшо Пинџур.. Да издвоиме н е к о л - к у од тоа множество: „Вејка на ветрот," „Црнила," „Вител," „Суд," „Житолуб"... од драмските текстови; а од романите: „Простум„" „Премреже" (во два тома), „Вомјази," „Имела," „Горчила," „Така е, ако ви се чини"...

Во епицентарот на „Црнила" е подмолното ликвидирање на Ѓорче Петров, дедо на авторот. „Можно ли е да го убиеш идеалот што си ги следел цел живот?" – ќе се запраша после сѐ Младичот, кој од врховистичка терористичка група е одбран да го убие Ѓорчета Петров. А метата не само што му е револуционерна икона на несудениот убиец, туку во еден напад во селото, како дете, Ѓорче го има спасено од аскерот. На прашањето дали може одлучно да стрела од зад грб во непознат човек ако Организацијата оценила дека станува збор за опасен предавник. „За мене, таа е сѐ што имам", ќе одговори. „А како ја замислуваш Организацијата?" Младичот, навредено како да чувствува недоверба, ќе пресече: „Јас не ја замислувам, јас ѝ припаѓам".

Фезлиев, еден од оние кои не е докрај обесчовечен. Тој е фасциниран од чистотата на Младичот. Кога ќе се присети дека и Младичот ќе биде ликвидиран како предавник, за да се заметне трагата, нему му се бурбати, му иде да излезе од сопствената кожа. Сигурен е дека токму тој, Фезлиев ќе биде задолжен за егзекуцијата. Згрозен е. Се сукобува со своите надредени, сака да го заштити барем Младичот, го ризикува и својот живот. Младичот ја извршува задачата, а кога ќе разбере кого ликвидирал, избезумен и очаен, ќе напише проштално писмо до своите соборци со аманет да ѝ ја раскажат вистината на Историјата, ќе им побегне на убијците и ќе се обеси во Царската градина во Софија. Останатото е калсична мафијашка приказна: трогателни, лицемерни говори над мртвото тело на Ѓорче, со завет дека ќе го одмаздат. Мачно е дури да се раскажуаат сите гнасни подробности

Останува неспорен фактот дека драмското дело најадекватно е вткаено во еден културен простор дури по неговата сценска изведба: се потврдува неговиот автохтон живот со сите доблести и маани, како и со креативните можности што им ги пружа на театарските уметници. Сепак, драмаскиот текст „Црнила“ може и да се чита: има жив и напнат дијалог, изнијансирани ликови иако му припаѓаат на политичкото подземје што може да заведе кон стереотип. Чашуле е промислен и надарен писател и прави квалитативен исчекор во драмското творештво.

Тој е предвесник на современата драмска литература и мост по кој се стасува до современите драмски автори: Горан, Венко, Митко, Јордан, Дејан, Сашко... чии драми се изведуваат не само на сцените на бившите југословенски простори, туку и пошироко.

Р А Ц И Н

„Ако куќа не направив со високи шимшир порти -
куќа цел свет братски ми е!“ Поетот

Напишав Рацини и немаше потреба да се додаде што и да е, за да биде насловот впечатлив. Овој е таков според големото име. Секоја духовна дружба со него длабоко ме трогнува и ме импресионира како симбол и метафора на болката и тешката мака на онеправданите, на сите кои се нарекувале робје: аргати, кои со лук и оцет го претерувале долгиот летен ден под небесниот вршник, подгрбавени тутуноберачи со жолта гостинка во градите, фабрички работници во правливи и задушни погони, занаетчии, долгиот синџир на црнотрудовиот народ... Тоа е врвот на неговото рано изразено поетско битие.

Сепак, овојпат наумив, да го претставам вон вообичаената перцепција, со мал отклон од стереотипот за да се фокусира вниманието на она што е помалку афирмирано. Да согледаме барем дел од неговата сестраност, како: писател, есеист, историчар, философ, борец. И како мост што на осмислен начин ја премости длабоката провалија во континуитетот на народот на кој му припаѓа. Историските околности, пред сè десетвековната бездржавност, се оби-

деле - да го избришат тој народ од мапата на светското семејство на народите. Великиот Конески ќе рече: „Тешко ние можеме да најдеме во нашата културна историја друга толку монолитна личност како Рацин, што по еден творечки начин гради мостови меѓу минатото и иднината, што знае на здрави основи да создава културна традиција... Рацин поставува со својот живот и со своето дело една мерка што се налага во творечка и етичка - мисла. На македонскиот простор не може веќе да се изневерува пораката на поетот Кочо Рацин, без да се засега во она што е суштинска основа на нашиот развиток“. Гане Тодоровски, ќе додаде: ... „Оттука тој претставува своевиден клуч за толкување на традицијата и значенски код за силовит пробив и видовито движење напред, кон новото, кон недосегнатото, кон неодложното и нужното“.

Неговиот живот сам по себе јарко го открива контекстот што пресудно влијаел на неговото формирање. **Коста Апостолов Солев роден е во Велес, на 22.12.1908, (според други наводи на 26. октомври) а загинал на Лопушник на 13. јуни 1943 година,** под неразјаснати околности. Останатото е класика: детето љубопитно, за книга и учење надарено, ама нуждата ќе наложи, по првиот клас, да му се придружи на татка си во грнчарската работилтилница. Работи по целден, навечер кога се прибира дома уморен, книгите му се најверните пријатели, на скржава светлина, тајум, ги чита своите омилени автори, според проучувањата на Гане Тодоровски: Крлежа, Цесарец, Гео Милев, Пеју К. Јаворов, Смирненски, Момчило Настасијевиќ, Владислав Петковиќ Дис, Стефан Луковиќ и други. Јазикот на раните поетски творби, според урнекот е туѓ: српскохрватски и, во помал број, бугарски. Тие песни, иако се почетнички, со својата доживеаност и искреноста на певот од стартот укажуваат на талентирана творечка појава.

Љубовта, како кај секој млад човек на негови средношколски години, е неизбежен мотив. Страсно, лудо, очајничччки се влъубува во ученичката од шести клас, Рахилка Раца Фирфова. Нејзе ѝ испраќа 31 картичка напишани со крв и мастило, во кои ја воспева својата љубов, која наидува на молк. На истата девојка ѝ ја посветува и стихозбирката „Антологија на болката“. Ќе ѝ порача: „Го

земам твоето име како мое и за тоа ти подарувам бесмртност“. Оттогаш натаму станува и останува за секогаш Кочо Рацин. Тие песни, кои Рацин ги именува како „стихови од младината,“ благодарение на трудот на д-р Блаже Ристовски, кој ги присобрал и уредил, како и вдахновениот препев на неуморниот Гане, објавени се дури 1987година.

Првиот обелоденет прозен труд со наслов „Резултат“, објавен е во загребското списание “Критика“, 1928 год. Во 1932 година на анонимен конкурс награден е неговиот расказ „Во каменоломот“. Во истото списание се објавени и фрагменти од романот „Афион“, кој е изгорен во еден претрес, при провалата и апсењето на Рацин. Другите раскази создавани меѓу 1937 и 1939 година: „Тутуноберачи,“ „Пладне,“ „Еден живот,“ „Златен занает,“ „Татко“ и „Радоста е голема,“ се објавени постхумно. Во кусиот есеј „Резултат“, прави анализа на положбата на потлачениот народ и бара решение: ...„робови, како што сум јас, има со милиони во светот, но ми влева храброст помислата: дека спознанието за нашето ропство ќе ни донесе нам свест, а таа, како непобедлива моќ... ослободување. Зашто спознанието за начинот на ракување со робовите им носи на господарите богатство, а нам, спознанието дека сме робови ќе ни донесе слобода“. Грнчарот не се мири да си остане само грнчар, посветено се нурнува во делото на Хегел, кое продлабочено ги објаснува сложените општествени процеси. Таква знајба му фали и тој не се штеди да дојде до неа. Одушевен, напишал и објавил два коментара, кои можеби претставуваат прва објава на философски текстови од македонски автор.

Фасциниран од Богомилското движење, ќе го означи како ...„нешто најинтересно и најсветло во нашата народна историја. ...„Заре во класичната земја на царските манастири и лаври, земјата на чиишто јазик Славјаните за прв пат чуле за христианство и толку време на тој јазик ја слушале кротката христианска проповед за помирение со сичко - заре таја земја, уште у никое време на европејскиот Среден век, да даде претечи на ониа бунтовници од XVII век, што зборуале за некое „природно право“ на човека, за равноправие на сичките лугје“...

Можеби тука е изворот на неговиот космополитизам. „Куќа цел свет братски ми е“. На режимот не му се допаѓа неговата активност, ни ченството во СКОЈ и во КПЈ. Осуден е на четири години затвор, но по општата амнестија одлежал само една. Потоа е интерниран. Но, ништо не му ја поматило вербата во „новиот ден“. Ако, на крајот, констатираме дека „Бели мугри“, (Загреб, 1939) кај нас интегрално печатени 1946 година се темел на современата македонска поезија, дека „Огномет“ е громогласно, бунтовно поетско писмо налик на она на Мајаковски, сме ја рекле вистината што нѐ обврзува.

Она што го прави посебен е неговиот исчекор во инаквиот пристап во користењето на усната народна поезија, како драгоцено искуство, но со видлив напор и нееднаков степен на успешност, да не ги презема истите изразни фигури, туку да ги облече во ново руво, да им даде нова боја и глас а со тоа и нова димензија за да фати приклучок со поетските текови на развиените култури. На тој начин го премости длабокиот јаз и воспостави нови критериуми.

УПОТРЕБА НА ЧОВЕКОТ

„Пишувањето е животински инстинкт“.
Алесандро Барико

Откако го препрочитав романот „Сенката на лилјакот“ (140 стр.) од **Крсте Чачански,** во мислата на Барико го препознав творецот и неговото дело: ме водеше низ прилогов. Авторите од форматот на Чачански се предодредени да ги спознаат, внимателно да ги реконструираат и истрадаат туѓите животи Таа потреба и дарба скапо се плаќа: се книжи на контото на сопственото живо време и се одзема. Сеедно. Купено, колку чини - нека чини!

Чачански е поет, раскажувач романсиер, **Роден е на 25. 9. 1949 година во село Драслајца, Струшко.** Филолошки факултет заврши во Скопје. Работи како директор на Домот на културата во Струга. Член е на ДПМ. Со негов потпис се книгите: „Бреговина,“ поезија, „Писма“, раскази, „Бермудски триаголник“, раскази, „Лавиринт“, поезија, „Божјиот сон,“ роман, „Азбукар,“ поезија за деца, „Сенката на лилјакот,“ роман, „Индиго и Квазар,“ раскази, „Книга на небото,“ роман. Тие му ги донесоа наградите: „Мисла,“ „Рациново признание,“ „Стале Попов,“ „Гоцева повелба,“ „Живко Чинго“.

Почина на 14. јуни 2003 во родното место.

Пријателите го викаа Толстој од Драслајца, поради талентот и живата врска со селото, со „неговата Јасна Полјана“.

Првиот печалбар од лозата Зоролска од Балкино е Климент Зоролко. Оженет, татко на Апостол Зоролски, во полна сила и амбиција да се откине од селото и да го запознае светот и неговите можности. Со тајфа отишол во Влашко. Работел, бил ценет, но немоќен да ја заузда младешката страст. Двете убавици на газдата прифатиле да го делат меѓу себе. Кога неговиот корен ќе пушти жили во нив, бега во Кишињев, оттаму во Америка. Ќе го снема, како да испарил: десетина години од никаде ни пара ни писмо. Неговата жена, на Анката гледачка во Охрид, полна со надеж дека ќе си го врати домаќинот, ќе ѝ однесе сѐ што нарачала: жив лилјак, јајце од штрк, мастило исцедено од гороцвет со кое на едно книџуле ќе порача: дека се без пари, без него, и сега: спечалил – не спечалил, да си дојде! Одговорот гласел: „Не барајте ме веќе. Бев човек, сега сум лилјак“.

Дилемата: жив - мртов останува до враќањето на Зарче Спасески од Америка. Тој раскажа дека Климент спечалил пари, зборот му врвел, парите правеле да му се верува и му верувале. Сѐ додека за време на прохибицијата не се здружил со некои Италијани. Њујоршката полиција му го направила грбот како мевот. Во болницата, одвај го искрпиле, му ставиле златни шипки на местото на скршените ребра. Но не успеал да се спаси од оние чии имиња ги споменал во истрагата: му го распориле стомакот, му ги извадиле шипките…Тука е крајот.

По ваков расказ стравот е природен. Но, Апостол Зоролски, пикнат во тесно, прави инаква сметка: „Во ихтиза сме. Нашиов Климент во Струга поминуваше со еден пешник неделно. За ѓеврече или сарајлија немавме. А тој учеше и беше наша гордост! Дури и англиски научи. Како да се избавиме од мизеријава? Америка! Сепак, Америка му е мајката: дава, но и зема ако не одиш по редот и законот. Нас животот нѐ научи да го почитуваме Бога. Јас сум стара коска, немајте гајле!“

„Од почетокот на создавањето на земниот круг и пред да бидат установени границите на светот... пред да бидат одделени

оние што грешат и да бидат запазени оние што ја пазеле верата како сокровиште, тогаш Тој помислил и се создал Самиот... исто така, од него ќе дојде и крајот“…- Савета ги упатуваше децата во словото Божје од Третата Книга на Езра. Таа не го разбираше тоа докрај, но имаше срце да го почувствува. Не на истиот начин како младиот Климент, којшто денонокно се мачеше да ја насети со своја логика Големата Тајна, праматеријата и почетниот импулс на апсолутната енергија, кој ќе го удри првото топче во молекуларниот систем од кого во времето потоа ќе зависат сите промени. Тоа го исполнуваше со некое планетарно чувство кое го сфаќаше како дел од сонот за освоената лична слобода.

Се стегнаа да ја реализираат намерата. Продадоа две ниви за да платат поткуп на врските. На тој пат Апостол отиде без Савета, таа умре некоја недела пред тргање. Ја закопаа во гроб од кој гргнала вода дури го копале. Во Балкино остана и Данијела, со клучот од влезната врата околу вратот: да проветрува и да го чува заветот на Климент дека еден ден ќе ја венча.

Во Америка засолниште ќе им даде Теси Анарифе, газдарица на секаков џган. Триесетинагодишната Андалужанка со езотерична убавина, но посестрима на ѓаволот, на Апостол ќе му понуди голема услуга: формално да се венчаат, со што тој ќе си обезбеди зелена карта. „Тоа е бизнис, како и секој друг и се плаќа, зашто и јас ризикувам“, дообјасна. Не ѝ требаше многу време да ја покаже темнината на душата и порокот. Младиот, убав Климент е првата жртва на нејзината похота. Таа ја одлага божемната свадба со татако му и прави сѐ да завладее и со Нонета, постариот син. Го храни злото, тоа расте и метастазира. Ги уценува, без грижа на совест. Кога Климент сака да се ослободи, го исмева: „Веќе нема да ја одлагам свадбата, ќе ти бидам мајка“! Се венчава со Апостол, тој ги брои договорените пари да ѝ плати, таа бесрамно се подбива: „Ние сме венчани“, вели. Кумот и гостите остануваат сами на свадбениот ручек. Теси го вози Апостол во викендичката... Вечерта во апартманот сите пијат до бесвест. Таа повраќа. Ноне ја носи во бањата. По неколку време ќе се врати во собата озарен, ќе каже: „Јас и Теси се веривме, ви кажуваме да се радувате“. О, да: светот

им припаѓа на бескрупулозните, наивните се подло употребени! Таа е последната вечер која Зоролковци ја минуваат заедно.

По две години Ноне по телефон ќе го извести Климента: „Имаме двегодишно детуле, многу е убаво, само не зборува“. „Да е живо и здраво, ќе зазборува потака“, вели Климент. „Но, кажи ми што сум му јас нему: стрико, татко или брат“?

Епилог:„Климент Зоролски умрел на 27. август 1992 година, во една болница за сида во Њујорк. Една квечерина облекол крилја на лилјак и летнал од прозорецот.

Пуздеросан, собран во пластична вреќа, другиот ден погребан е до дедо му Климент Зоролко – Лилјакот, на гробиштата во во Хадсон“. Конечно, веќе никој за ништо не може да го употреби.

ВРЕМЕТО НА КОЗИТЕ

„Децава наши имаат мајки што ги родиле,
но и кози што ги одржале живи“, козарот Чанга.

Во Поградец, Албанија, од татко дипломец на Универзитетот во Цариград и мајка домаќинка, на ден **14. 08. 1941 година** се роди дете на кое семејството Старова му го одбра името **Луан.** Дете како сите деца тогаш, подоцна кога одрасна стана умен и ценет маж: заврши Филолошки факултет во Скопје, а во Загреб магистрира и докторира со трудови од областа на француската и компаративната книжевност. Сега и самиот е универзитетски професор кој сесрдно се труди дел од своето богато знаење и искуство да им пренесе на своите студенти. Член е на МАНУ. Бил и дипломат. Носител е на високи домашни и странски награди.

Од неговото творечко перо излегоа дела кои им припаѓаат на разновидни жанрови: патеписи, есеи, книжевни критики, поезија, раскази, романи. Овде ќе го споменеме само делот од многукнижјето со заеднички наслов „Балканска сага“: „Татковите книги,“ роман (1992) година од кои произлегоа и романите: „Времето на козите,“ „Атеистички музеј,“ „Пресадена земја,“ „Патот на јагулите,“ „Тврдина од пепел,“ „Ервехе,“ „Потрага по Елен Лејбовиц,“ „Амбасади“... Очигледно, она што го изделува и го позиционира во самите врвови

на современата литература во Македонија, но и надвор од неа, се токму овие романи кои тематски се врзани со Балканот, еден простор вообичаено препознатлив како стереотип со негативен предзнак. На фонот на приказните за неговото, како што самиот вели: откорнатичко семејство, импресивно ги претставува луѓето и настаните во неговото опкружување, предочувајќи му на читателот една фантасмагорична слика на времето, кое по многу нешта е необично, драматично, гротескно, исполнето со заблуди, страдања, алогични потези.

„Балканската сага“ се разгрнува пред нас со романот „Татковите книги“. Пристапот е добро обмислен и конципиран и се покажа како продуктивен. „Книгите“... се и јатката и вертикалата на сагата. Возбудува фактот што Таткото во сите преселби со семејството грчевито се бори, како нешто бесценето, да ги понесе своите книги. Тивкиот човек со високи манири, страсен читател и промислувач, ерудит, кон книгите има култен однос кој се темели на нивното значење. Во сите премрежја пред кои го исправа судбината бара и пронаоѓа решенија во тие тефтери, ракописи, преписи, мапи и стари изднанија на различни јазици и писма. Рефлексии од оваа книга ќе препознаете и во понудениов роман, Времето на козите, објавен 1993 година, избран за Книга на годината, а во Франција добитник на високата награда „Жан Моне“ во селекцијата за најдобар европски роман.

Се определив токму за него од две причини: прво, романот има едноставна структура, лесно е читлив, раскажувачкиот тек е спокоен, ненаметливо лирски. Авторот не се напрега да го држи читателот под тензија како на жица, туку го остава сам да го приспособи емоционалниот став низ себе, соодветно на својата сензитивност. Низ приказната се провлекува блага иронија што на четивото му дава хуморна нотка после која горчливиот вкус додатно загорчува. Старова покажува вистинско наративно мајсторство во градењето на атмосферата и нијансирањето на карактерите. Љубовта, семејната хармонија, взаимното уважување, довербата, лебдат над сѐ како небесна коприна, како универзален одговор и лек за несреќите.

Втората причина е сентиментална, дури и за мене. Малкумина се оние кои не го паметат многу живо „времето на козите“! Не може да се заборави таа сиромаштија од најелементарен вид: гладија, износена, испокината облека, обувки што прокиснуваат, притеснетост, - оттаму неизбежно и многу болести. А од највисокото место на власта и партијата - директива: селаните да ги напуштат селата, да слезат во градот за да станат пролетеријат и свесна работничка класа, која треба да го дотолчи класниот непријател.

Селаните со тешко срце ги оставаат селата, ама не сами, доаѓаат заедно со козите - хранителки. На плоштадот во главниот град од сите страни пристига една бела орда, луѓето како да се загубија во козјата инвазија. Во градот, се разбира, недоумица, а власта и партијата во паника. Никој не знае што треба да се прави, нема директиви за таквиот развој на настаните. Решаваат небаре да објаснат, лукаво да преговараат. На бината, која е постојан декор оти катаден има митинзи или паради, се качуваат градските и партиските челници. Партискиот секретар: „Добредојдовте, браќа селани... Ве очекувавме со денови, но сами, без овие кози....Па со кози и на орање не се оди, камоли во комунизмот...“ Водачот на козарите, Чанга: „Ние, брате, со нашите кози се враќаме од комунизмот...со козите живеевме природно, пракомунистиччки, што би рекле вие, ‚бескласно'. Со козите останавме живи....да не беа тие, ние немаше да бидеме овде да ви се придружиме, да станиме заедно работничка класа“. Власта, без конкретни упатства „одозгора“ стравува да преземе нешто на своја рака. Така козите времено остануваат во градот. Луѓето навикнуваат на нивното присуство и ги користат нивните благодети. „Децава наши имаат мајки што ги родиле, но и кози што ги одржале живи“, ќе рече Чанга. И резултатот станува видлив: децата од градот живнуваат, им се враќа бојата на лицето, поздрава е, посилно тупкаат кога одат. Козјото млеко станува вистински еликсир на животот во тие скудни години. Иако во Козар маало, покрај реката под Тврдината, но и во другите маала, секоја куќа чува барем по една коза: да се спасат децата, Таткото долго се опира на искушението и молбите да преземе таков чекор. На дојденецот најлесно може да му се

прикрпи етикета. Сон не го фаќа. Децата сѐ поизразено венеат, бледнеат, којзнае каква болест можат да зафатат, неотпорни. Мајката како Бога го моли. Најпосле, што сака нека биде: и во нивната авлија ќе се чуе козјо мекање. Ја придобива довербата на соседите, станува еден од нив, еднаков. Се развива едно трогателно пријателство со планинецот Чанга, кое ги помирува сите идеолошки, верски и национални разлики.

Потоа...

Потоа: романот треба да се прочита. Нему читател му е потребен. Бидете тој читател и откријте го неговиот највозбудлив, заумно–надреалистички крај!

ВОСХИТУВАЧКИ ПОЕТ

Кога ја зедов пред себе збирката „Прогонети од рајот“, избор од поезијата на академик **Матеја Матевски,** со намера нескромна: да растолкувам поненешто од тој пев, се почувствував и самиот пред распаќе: повтор ќе треба да го набарувам и распретувам патот. Сега и јас сум исправен пред слични дилеми како и поетот во чинот на создавањето; тој - свесен од каде кинисува и каде треба да стаса, јас да му ја издемнам трагата; а патот крие наизвесност. И така се најдовме надвор од Еденската градина, по првиот грев: „Висока е таа ограда што ја проколнавме со својата непокорност / висока е до небо и преку нашите очи / и не можеме повеќе да го видиме она убаво дрво со плодови....Сега одиме голи и пусти низ мракот што ќе треба/ да го оплодиме со зрна“. Поетов е со неспорен талент, со маркантен опус според широката лепеза на темите и мотивите, среде „нова шума од зборови што треба да се раскрчува/ да се корне и кастри калеми и оплодува/ за да фати приказната за првичноста на зборот“, запрашан: „ќе го најде ли патот кон светлоста што води/ кон извор водата окото да му го згрее / кон зборот што умее вистинскиот збор да го рече / кон окото на птицата окото што го кори…“

Секој напор да се подведе вкупниот поетопис под лупа, да се отвори со еден клуч, ќе биде непродуктивен без сериозен напор да

се побара помош во Јунговата современа психоанализа, преку елементите на антрополошкото и архетипското; преку ставот на Гете: „Човекот во себе не ја носи само својата посебност, туку целото човештво, со сите негови потенцијали“. Така ќе се дојде и до академик М. Маџунков, кој таквите сознанија успешно ќе ги сублимира во исказов: „Тоа се тие свети места во литературата во кои е зачуван нашиот живот уште пред да се зачне. Запомнати се чувствата, енергијата на вечноста засолната во навидум сувото семе на зборовите: но доволно е да ги огрее светлината на човековите очи, па семето веднаш да про’рти, а очите да се наполнат со солзи. Вистинското сеќавање секогаш е возбудливо и секогаш болно, затоа што ја носи свеста за минливоста, дека нешто било и поминало, дека е сега и ќе помине, дека допрва ќе се случи и пак ќе помине; но и дека такво поминато – постои; тоа е свест за вистинската присутност во срцето на самото постоење“.

Еден дел од втемеленоста на таквата опсервација на големите тајни на светот наоѓаме во митологиите на различни народи со различни културни нивоа, кои не се допираат а митовите се дешифрираат преку многу блиска семиотика, толку често за да се сметаат како случајност. Би рекол, кај секое големо книжевно дело ја наоѓам таа знаковност.. Ако на тоа ја додадеме и мојата возбуда на која ѝ верувам, оти ја имам, сум ја собирал кроце како лекобиље, ја чувам љубоморно, и ја обновувам со постојани препрочитувања уште од времето на првичната објава на песните, имам една привидна сигурност дека се доближувам на пристијно растојание до самата суштина, но истивремено, во обидот да ги наведам читателите ја прифатат препораката чувствувам дека токму најдоброто ми се расточува и не се повинува на едноставен начин да биде интерпретирано. Таквата поезија се вреднува високо, елиптична е, но не е херметична; потребен е тој клуч и адекватен напор да се разградува, одново да се создава, да не се изневери и симплифицира поетот, а сепак да се раскаже и својата приказна со свест дека кога еднаш ќе биде раскажана веќе не си нејзин стопан.

Матевски нема опсесивна тема, или барем не се подведува под едноставна детерминанта .Опсегот е широк а стандардите

високи. За сложените поетски потреби одбрал моќни симболи и метафори: дождот, што се вести од зад прозорецот со див топот на непотковани коњи, светулката со својата непостојана, студена светлина заради што не можеш прометејско значење да ѝ припишеш, нејзината смисла е афирмацијата на видеината; талкања и потрага по среќата низ туѓи, далечни простори: Стамболи, Персии, Бесарабии… без своите Ничпурци, Нистровци, Мавровци, а Река останува, но кога ќе насетат дека тајум дошла по нив никогаш не се враќаат; плени грандиозноста на Кинескиот sид, но поразува штироста и на таа градба. О, суети! Каква желба да се покорува и повела!

И вечните теми од времето со тек без дотек. Ќе испливаат од разбушавените води на реките и езерата, од Одисејата на одисеите по морињата, од пеколното крстарење низ пустината, низ морето од песок, со песок во очите, песок под непцата, песок како знак на трошноста на светот, ни Троја ја нема, ја изронало времето, сал убавата Елена и нејзината љубов лебдат над сонот; и дрвениот коњ од кого преживеа само метафората за лукавството. Александар копнее по целината; човекот што прилега на дрво во долот, уплашен од осамата копнее по нирвана: „Дождот се излева / како жена кога се бања / По брезата на нејзината снага/ по липата на нејзината лика / по ружата на пубисот“. Од возбуда или од страв трепери трепетликата? Ги допрел: митот за Икар, кој „се крева / се крева / во пресрет на својот пад / не гледајќи во сенката“, приказната за Улис, чијашто „мисла го претпочита / патувањето пред целта“, возбуден од песната на Орфеј, по која „еве уште копнее просторот“, се опитал во мистичните предели на мислата...

Матевски е поет, критичар , преведувач, припадник на средната генерација автори по Војната. Роден е на 13. март 1929 година во Истамбул, каде таткото печалбар го зел и семејството.. Новороденчето ќе го забрза враќањето во Гостивар. По ослободувањето учи гимна-зија во Тетово и Скопје, а студира во Белград и Скопје. Дипломира на Филозофскиот факултет. Подоцна, 1962/ 63 година, на Институтот за театарски студии во Париз, го изучува модерниот француски театар и драма, а по враќањето тоа искуство ќе го

сподели со студентите на ФДУ во Скопје. Член е на МАНУ и почесен потпретседател на Македонскиот ПЕН центар. Тој е еден од основачите и претседател на СВП, на Рациновите средби, на Охридското лето и Бигорските културно – научни собири.

Во литературата се огласува на почетокот од педесеттите години со првите пробиви на Модерната, која со време се етаблира во нашата поетика. Досега ги има објавено поетските книги: „Дождови," „Рамноденица," „Перуника," „Круг," „Липа," „Раѓање на трагедијата," „Оддалечување," „Црна кула," „Завевање," Мртвица," „Внатрешен предел," „Отаде заборавот," „Копнеж по целината," „Предели покриени со вода," „Ветрот и градот." Препејувана е на најзначајните светски јазици. А самиот препеал над 50 наслови од други култури. Носител е на бројни домашни и меѓународни признанија и одликувања.

Најново е она од насловот: „Восхитуачки поет" е името на високата награда што деновиве му е доделена во земјата на бесмртниот, божествен Рабинтранат Тагоре, Индија. Искрени честитки!

АХ, ТОЈ НЕМИР, ТАА БОЛКА , ТАА ЉУБОВ....

Авторот,чијшто поетопис е предмет на опсервацијава, не е професионален поет. **Методија Тошевски** е експерт во економската струка. Иако со студиите на книжевност не се станува творец, теоретските знаења на секој поет му се од припомош. Нашиов поет трпеливо сам ги совладува тајните на певот со својата дарба, со читање и мечтаење. *„Ако повременото мечтаење може да биде опасно, лекот не е во тоа да престанеме да мечтаеме, туку да мечтаеме постојано“. (М. Пруст)* Овие напомени не се алиби за евентуални неотпорности на поетскиот израз, туку почит за напорот на Тошевски кој и покрај професионалните обврски ѝ остана верен на поетската страст и ја практикува колку што му допушта времето. Се надевам, му помага да си одлесни од маката. Во едно неодамнешно интервју на прашањето дали му недостига време, ќе рече: ...„имам време, не сакам да си признам дека ми недостасува. Го позајмувам од најблиските: „Додека жена ми спие како на жетва/ Под изгорена круша/ И гледам како и црвенеат образите“...

Роден е на 18. март 1941 во село Ранци, Беломорска Македонија. Основно и средно образование завршил во Лешок и Прилеп, а високо и магистратура по кредитномонетарни прашања на Економскиот факултет во Скопје. Работи во државната управа

(планирање и развој, финансии и ревизија), во банкарството и стопанството. Има објавено над 60 стручни и научни трудови од неговите области. Автор е на повеќе книги поезија: „И коренот има корен“, „Гротло“,„Ровја“,„Меѓа“, изборот во четири книги: „Проверка“, „Додека чекам“ „Куќата“ и „Јаска“.

Пишува исклучиво поезија. Љубопис! Секоја поезија и условно и безусловно е љубовна, дури и тогаш кога љубовта ја нема. Нејзиното отсуство е уште една причина таа да се случи. Инаку, каде без неа?! Љубовта е иманента и на болот: болуваме по она што го сакаме. Ако за миг биде прифатена мојава теза, нема да биде тешко да се сфати дека негова творечка енергија пред сѐ е насочена кон егејскиот егзодус, кон згаснатото родно огниште, кон копнежот на откорнатаиците по коренот: ќе опстане ли и ќе разластари, ќе ја стокмиме ли Татковинава „како милоина“, како што сонуваше Гане, во која и „ѕвездите шепотат на македонски“, како што ги слушаше Анте. Сега нѐ убедуваат да го преименуваме говорот на нашата крв, да го заборавиме името и она што насилно е откинато од живото ткиво на Татковината. Затоа во песната „Мојот син учи географија“, ќе го зашемети умното детско прашање: „Каде е Македонија на на дедо му: / Што да му одговорам се прашувам себе / Те прашувам тебе и тие до тебе / .... Што да му одговорам, боже“? Детето несвесно трага по идентитетот; архетипското во него бара одговор, според учењето на Карл Густав Јунг за колективното несвесно.

За копнежот по морето, на Вардар ќе му се довери како на најблизок: „Што да ти речам/ Секое болување по морето/ Со твојата вода го исцелуваме“. Или на Кукуш: ...„На дофат си ми а далеку цела вечност/ Кога погледнувам преку езероно/ Беласица и Круша ќе ти посведочат/ Дека не те двојам. Нели сме деца на иста мајка“. Малку ли љубов има во стиховиве. Отворете ги збирките потамина, секаде ќе ја сетите истата нежност, истата љубов: како во трите класичните сонетни венци и другите сонети; така, заедно со болката, ја има и на сите места од детството, на сите места кои се значаен историски белег: од паметник до пресудна битка или трагична погибија: „Горостасу, низ какви сѐ гори не си минал/ За да

стигнеш на овој пост/ И да бидеш тоа што беше, тоа што си/ И извор и тек и утока/ На моите надежи....Како те прелажа Баница, пред Илинден“. Оваа љубов, вообичаено се нарекува патриотизам. Коренот на зборот е туѓ, но значењето е наше: љубов кон татковината. Но му недостига Мајковината како дел од целото. Ја става на заслуженото место: на пиедестал....

Летимичниот поглед врз ова поетско писмо ќе го завршам со одговорот на прашањето во песната со наслов „Зошто ги пишувам песните“: „Ти сепак треба да знаеш/ Ние сме прогонети чеда на мајковината/ Дојдовме една пролет/ Копнееме да се вратиме како пре- селниците/ На пепелта, на огништето ....Ако животот е тркало треба да стигнеме/ од кај што појдовме....Да ти кажам да пренесеш / Да не се заборави она што не се заборава“.

Спевот „Јаска“, таговно е испеан на роднокрајниот јазик, заучен уште преку мајчиното млеко. Неговата употреба самата се наложила оти е вик, рев на јазикот како целокупна татковина, како што го дефинираше Конески. Во него густо, се испреплетени малкуте радости, љубовта, раѓањата, умирањата, прогоните и бежанијата, тажаленките над рубата во невестинскиот ковчег и над гробот на својот домаќин, додека 40 дена по смртта талка без посока и пак ги изодува сите животни врвици. Е, од таа татковина никој не може да те напади. Во неа си вечен. Немир тревожен, срце растреперено, душа ранета. Непребол. Има во овие стихови сешто. Наместа низ „тих реч“, внимателно, како родител на дете тајна кога му шепнува. Другаде со стегната тупаница. На зборот му е неудобно само во основното значење. Контекстот му помага асоцијативно да се раскрили во својата многузначност. Тоа е магијата на поезијата. Без таа магија нема поезија, која по дефиниција е еден посебен начин на мислење и осознавање на светот, преку која се прави напор да се дешифрира загадочното, неименливото, заумното...„Со морето в грло останавме жедни/ Лудо срце, виде ли“... пека поетот.

Ви го препорачувам, драги читатели, тој трепет: да го почувствувате, за да стане и ваш, наш, сечиј, македонски! Да се случи љубов! И не само заради болот „најбол што е“, не само во името на љубовта, туку и заради самата поезија, оти без читател ќе умре, ќе

исчезне како и да не се родила. Јас, вие, сите ние ѝ даваме дел од себе, од својата имагинација, од својата промисла и енергија. Му помагаме на авторот да се дореч низ нас.

Методија Тошевски е самосвоен поет, специфичен по надворешните и внатрешните одлики на стихот. Над сѐ е бескрајно искрен. Го заслужува нашето полно внимание и респект.

ПОТОМЦИТЕ НА КАТ

„Најдобриот трик на ѓаволот е да ве убеди дека тој не постои." Бодлер

Романот „Потомците на Кат“ (350 страници) е антологиски репрезент на романескниот жанр, според стручната оценка на академик Милан Ѓурчинов, академик Георги Старделов и Слободан Мицковиќ, избор од продукцијата до осумдесеттите години на минатиот век. Тој е првата, базична книга на која подоцна тематски ќе се надоврзат уште „Селани и војници“ и „Неплодна вода.“ Сите три имаат автомномен книжевен живот, но полната смисла се заокружува во целината што се нарекува трилогија.

Прашањето на почетокот е: дали овој автентичен внатрешен говор, со примирен, библиски тон ќе соработува со приказов, со кадифената мекост и боја на речта на приближно ниво. Авторот на две страници цитира еден подолг извадок од „Четвртата книга Мојсеева“, која содржи Божји поуки за опстојбата на Кат и неговите потомци низ времињата. Според елементарната аналогија, Методија Фотев ги препознава во жителите на Долна Долина.

Нараторот е маѓепсан од тој архетипски предел, кого после губењето на Еденската градина нема со што да го спореди. Ќе талка четири години низ тој простор и ќе бара нешто за кое чувствува

дека не постои. Среќава фаци кои не можат да го скријат подбивот и грдите епитети. А тој можеби ја барал својата Аркадија, земниот рај, сè додека од потсвеста не изронала мислата дека сака да напише книга за својот живот, а скитањето било дел од творечките подготовки. Следниот миг сфаќа дека всушност сака да напише книга за животот на луѓето во Долна Долина на кои и тој им припаѓа.

Првата ноќ што ја одредува за почеток на книгата, како што обично бива, не напишал ниту збор. Ја пробдеал ноќта и во главата го скицирал концептот, времето на дејството, главните настани и личностите во нив.

Оттука натаму се раѓа една реалистичка проза, која истовремено е толку апсурдна, сомнабулна, која е толку нераскинливо зависна од настаните на кои не може да им се одгатнат рационалните мотиви, туку се одвиваат по некоја потисната, внатрешна логика што ја диктира стравот од неизвесната иднина и загрозениот опстанок. Преместувањата на селаните од едно место на друго наликуваат на библиските преместувања на народот од разни причини: се движат во толпа следјќи некого со надеж дека ги води по патот на спасението.

Семејството на Тихон Пламенков е вертикала чија судбина е стожерна во трите книги, околу него плипот од секакви сурати со мали подеми, големи падови и корозија на моралот. Авторот не ги портретира ликовите дескриптивно туку ги открива низ дејството, низ нивното учество во настаните. Таа постапка овозможува да се сведе субјективниот впечаток на најмала погрешка, оти попусто некој ќе настојува да се прикаже „на жими мајка“ во светли нијанси, постапките го откриваат непогрешливо. Залудно, на пример, попот Апостол од уста не ги вади сиромашните и гладните, а ништо не прави да им помогне. „Лажеш, попче, - ќе му рече студентот Игор Брезов, болен од туберкулоза, - ти си најбогат во Долинава, со твојот жолт метал можеш да ја купиш целата заедно со куќите и покуќнината. Направи една богата софра и нахрани ги сиромашните, дај му некому нешто да преживее, постојано зборуваш за двете кошули“...

Мозаикот од настани се придржува кон еден хронолошки ред. По брзиот пораз на кралската војска и мобилизираните мештани 1941, фронтот се растура, војската безглаво бега оставајќи сè зад себе, само да се извлече. Добридол има две жртви на Ѓава. Селаните одат да ги донесат убиените, префрлени преку коњските самари, на брзина ги погребуваат, „не се внесува дома мртовец загинат на фронт“. Утредента, истите тие, го пљачкосуваат пограничниот штаб напуштен од војската и командата, заедно со магацините и џандармериската станица. Се собира сè што ќе се најде под рака, нема време за селекција. Се носи дома и сето оружје. Камен на камен не останува.

Втората половина на април. Селаните работат во полето: поткаструваат, чистат, копаат, ораат. И тревата стасала за косење. Шест дена с’скаат косите како змии низ ливаѓето, а во неделите селаните од целата Долина со погачи и сол излегуваат на главниот пат да ги пречекаат новите војски, кои секако ќе дојдат и ќе воспостават нов, поинаков ред. „Треба да покажеме дека сме мирен и послушен народ“. *На човека му доаѓа да крикне до небеса од болка и срам поради тој ропски менталитет кого со векови го формирале разните поробувачи.* Војските доцнат. Едно попладне доаѓаат Германци со џип и два камиона, го собраат разграбеното оружје. И заминуваат.

Одеднаш ќе проструи глас без да му се знае потеклото и стопанот: „Голема гладија ќе настане, залак ќе нема. А се прикажува, во кризи луѓето крај води ловеле риби, ги нижеле и ги сушеле, а потоа ги мелеле во воденица и од нив правеле погачи“! Ги оставаат полските работи и се селат на брегот од Езерото. Мажите зацапани во водата ги полнат кошовите. Ноќе сите спијат на брегот. Дење сонцето пече, рибите на суво се ранливи, целата Долина се задушува во неподнослива смрдеа. Исушените риби не можат да се мелат, погача од нив не ќе се замеси. Заканата од глад ги тера да ја копачат шумата, да прават ниви.

Најпосле стасуваат италијанските војници. Селаните се разочарани оти не ги пречекале. Вечерта во куќата на Тихона доаѓаат соседите божем запрашани што ли ќе им донесе новата

војска? Колку ноќта навлегува подлабоко во себе, куќата станува претесна да ги собере, а соседите поради стравот дошле да преспијат. Сандар, внукот на Тихона цимолка за понадвор. Стрикото Мануил, престрашен како глушец, му вели да трпи. Баба му Трена, похрабра од сите мажи, ќе го изведе. И селаните еден по еден излегуваат зад куќата и свртени еден кон друг со грб – мократ, жените молкум клекнуваат со наведнати глави. Фелиниевски кадар!

Методија Фотев е роден 1932 година во село Љубојно, Долна Преспа. Завршил учителска школа во Битола. Во Скопје се запишал на Филозофскиот факултет. Работел како новинар и уредник на драмската редакција на РТС. Член на ДПМ од 1957 година. Автор е и на романите: „Големите скитачи“ и „Вивариум“

Награди: „11. Октомври“, „13. Ноември“, „Рациново признание“.

Во романов нема војна. Има предвоена атмосфера, но ѓаволот работи инкогнито. Задача на читателот е да го открие. „Книжевноста не постои надвор од читателот“, вели Борхес. Треба да му се верува.

ПТИЦИТЕ ОД ЛАНСКИТЕ ГНЕЗДА

„Дали во мрачни времиња ќе има пеење ? Да, ќе се пее за мрачните времиња“. Бертолд Брехт



Сè си мислам дека оние кои досега не сирнале во чудесниот книжевен свет на **Митко Маџунков (Струмица, 19. 3. 1943)** поради лична небрежност, - се лишиле од една несекојдневна привилегија. Романот на годината на „Утрински весник“ со наслов „Птиците од ланските гнезда“ го дочекав онака како што во други културни средини се дочекува секоја нова книга од врвен автор – како копнеано новороденче.

Веднаш штом го зачитав новиот роман ги наслутив патиштата што ќе треба да се изврват, оти своевремено ги бев прочитал претходните два: „Кон другата земја“ и „Времето на ирвасите“. Тие се делови од еден голем мозаик на светови во настанување и рушење, иако се автономни книжевни творби. „Птиците“... немаат класичен крај, туку назнака: *крај на првата книга*, што несомнено укажува на отвореноста кон идни творечки авантури во зацртаната насока.

Нужно е да се потсети барем на еден мал дел од авторовата биографија: откако ќе заврши основно и средно училиште во родниот град, образованието ќе го продолжи на Филолошкиот факултет во Белград, на групата светска книжевност со теорија на книжев-

носта. Свесен за новата, инаква средина, за умствените способности и творечките пориви, знае дека мора да го прескокне јазот и да го усклади чекорот со врвулицата на големиот град, со здрава самодоверба.

Таму, не само што добро се адаптира, туку основа и семејство, а работниот век го поминува во Библиотеката на градот Белград, со верните му друшки – книгите. Тие му се предаваа оти ги читаше со длабока, галежна и внимателна љубов; несебично му открија многу тајни. Стана интелектуалец од голем формат, писател со изострено око мигновено да го препознае есенцијалното и да го афирмира наспроти баналното, кое не го отфрла сосема заради контрапунктот. Во Белград ја објави и првата книга раскази „Чудна средба“ (1970) на српски јазик, која веднаш беше прифатена како посебен книжевен настан. Веќе за втората збирка кратки раскази „Убиј го зборливото куче“, ја доби наградата „Исидора Секулилиќ“. Потоа наградите се нижеа, безмалку по секоја нова книга, објавена и на македонски (овде) и на српски јазик. Заедничко им е што се фантастични и по резултат и по жанр.

Маџунков, меѓутоа, не се препушта само на дарбата, туку трага по совршен модел. Анализира: „Два пристапа: градителски и иронично пародиски. Првиот е обид да се пресоздаде лошо уредениот свет од неговите трошки осветлен со она без што постоењето станува неинтересно, а со тоа и создавањето. (Бодријар го нарекува симулакрум, з.м.) Вториот е прифаќање на светот без остаток, како предмет на подбивот. Постои и трета можност: поврзување на обете постапки. Таа ја подразбира преобразбата на ироничната пародија во новосоздаден свет. Аркадија скриена во пазувите на Дон Кихот“?

Стилот е условен зависно од темпото на раскажувачкото време: ...„едниот е бавен, другиот забрзан. Бавноста ја обезбедува густината и длабочината. Забрзаниот ја овозможува ширината и сеопфатноста... обете стилски постапки слеани во една го создаваат вистинскиот стил: истовремено или барем наизменично мирување и движење“. Во третата книга промовира уште едно време: *запрено*, во кое се игра на времето на противникот, *како во шахот*.

Средствата што му се фаворити во градбата на необичните светови потекнуваат од фантастичното, магичното, ониричкото, интертекстуалоста од омилената лектира.(„Книгите и сонот ќе ве одведат насекаде,“ (Џојс А. Маерс). Откако читателот ќе го одгатне тоа, ќе го има универзалниот клуч: без напор ќе влегува од едно време во друго, од едно место на друго, од една димензија во друга.

Иако авторот ги посочува трите книги, најтесна е врската со „Времето на ирвасите“. Тоа се поклопува со триесет, до четириесет, прекусила до педесет милениуми од постанокот на homo sapiens – от, повеќе како метафора отколку како некое откритие. Мислечкото суштество станува двигател на општиот развој, но свесно или не, и опасност за себе и за светот што го населува. „Колку засега, човекот не го оправдал своето постоење“, дециден е Кирил.

Приказната од „Времето на ирвасите“ временски е лоцирана по првомајскиот радиоактивен дожд од Чернобил, во саботата, а во неделата, дваесет години подоцна, со пренесување краток дел од крајот на „Ирвасите“... започнуваат „Птиците од ланските гнезда“, „како во меѓувреме ништо да не се случило“, ќе рече Лена Гончарова, кога Ана, сопругата на Водочки, ѝ го носи ковчежето со белешките на „писателот со сомнителен идентитет“, оти уште пред дваесет години беше се одрекол од понатамошно пишување. Лена се бара себе си во нив...

После смртта на нејзиниот творец, Татковината на “братството и единството“ се разнишува од темел. Се создава недоверба, завереничка атмосвера, страв. Меѓу вработените во Библиотеката се шират како зараза таинствени пораки напишани на хартија како од каталошките ливчиња со перфорации. Околу перфорацијата има императивно упатство: sирни во дупката! Оној што не одолеал на искушението бил вшмукан од празнината и одведен на друго место. „Ако премногу се загледуваш во бездната и таа ќе се загледа во тебе,“ - ја слушам предупредата на Фридрих Ниче.

Ќе наведам некои од пораките, кои, се надевам, ќе го упатат читателот во вистинската насока: „Птиците почнаа да се собираат, Проработи ли рингишпилот, Летнаа ли гулабите, Казанот претече,

Римјаните копаат канали, Јарецот се одврза и сака да јаде аласка чорба, Баницата порасна, Бели кечиња како кокичиња, Пресни јајца, Ревизија на листата за станови, К'смет Републик, Прст на чело: на која страна е свртен топот? Бидете подготвени – Конгресот на библиотекарите ќе се одржи...на Устието во недела точно во 13 часот („може да доцни најмалку три часа“).

Писателот храбро се нурнува во една сложена реалност, која толку е изместена од зглобот што новосоздадената стварност ја надраснува и најраскошната фикција. Ја сфаќам рационалната одлука на авторот: собраната граѓа да ја преточи во уметничко дело - со одлагање, за да се заштити од дневнополитичкиот наратив. Токму затоа реалистичкиот дискурс е збогатен со елементите на постмодерната: кафкијанскиот, камиевскиот апсурд, донкихотските заумности, ониричките понирања, митологиите, интертекстуалноста. И, најпосле, подбивот како брехтовска дистанца. „Иридијацијата“, како што ја вика Пипето, ја прави неупотреблива флората, но пострашна е онаа што го зафаќа општеството. Времето веќе подолго е сопрено: се тапка в место, без ниедно практично, разумно решение, а претпотопните дождови истураат над Горски Котар, прст пред очи не се гледа, бришачите не бришат, птиците ги напуштаат своите гнезда и во долги колони некаде се селат, а не знаат каде. Некои се присилени од страв, смрт, од оган; други се наговорени да ги напуштат вековните гнезда за да се измени сликата за виновникот во очите на светот. Но, се менува само нивниот статус: нема гнезда да се вселат, а да се вратат во старите - не можат. Сѐ е первертирано. На пазарот, додека чекаат да се соберат пред да тргнат на Устието, библиотекарите вртат празни, здодевни мисли без смисли, како и писателите и издавачите на македонскиот штанд на Саемот на книгата. А Злоба би ги ставил на клада сите книги, освен оние на Добрица.

Событијата од кои се склопува грандиозниот мозаик се случувааат, главно, во Белград, таму е епицентарот, но последиците се чувствуваат од Горски Котар до Тиверопол, во едно сведено време, *кое покажува колебање и напред и назад.* Најголемиот број од ликовите имаат македонски код. Ана: „Нѐ удави со твојата македон-

штина“! Тие живеат на маргините на метрополата: соседи, пријатели со деца заболени од diabetes mellitus, без шанса за живот; интелектуалци кои работат во Библиотеката, во сенката на Дон Кихот од кого многумина го земаат неговото име во разни варијанти, маѓосани од идеализмот и љубовта на рицарот, копнежот по Аркадија, кој е двојно поголем ако во Земјата е пекол. Писатели, организирани во „трилинзи“ по принципот „јас тебе - ти мене“, едночудо културни прематари – крлежи на грбот на вистинските творци; луѓе со чуден, заумен идеализам како Ангел од Ангелци…

Всушност, *сè* е едно очајничко, безглаво бегсттво

Зарем изобилството на еротиката не е, исто така, бегство. Таа не е тука да заведе со ласцивност како во ефтините романи, туку како метафора: да се избега од „мрачните времиња“, макар само за еден миг на слатка среќа и опуштање, од една, и стрмоглавото урнисвање на моралните норми во катаклизмичните времиња, од друга страна. Пред смртта која трпеливо го чека своето време – *сè друго е добар избор.*

Поедноставено речено: во романов, за секој трпелив читател има по нешто, *кој колку е кадарен и упорен да си земе*. Ако, случајно, во умот не останала некоја вознемирувачка мисла да длаби јабели, ако срцето не затреперило, тогаш сигурно дошло до недоразбирање на релација автор – реципиент, што би било трагично.

Венко Андоновски, во сублимираниот заклучок ќе го соопшти *најважното, есенцијалното за оваа творба:*

„Едно е сигурно: македонскиот роман со ова дело покажува дека е високо конкурентен жанр во светските највредни романескни остварувања, иако е напишан на јазикот на една мала, за светот децимална јазична средина. Тоа е ремек-дело на нашата романескна продукција

ВОЛШЕБНИК НА ЛИРСКИОТ ПЕВ

Поетот, раскажувач, есеист, преведуведувач и славододобитник: **Михаил Ренџов** роден е во врелиот Штип, во пеколно врелиот август на 25. ден од 1936. лето Господово. Во градот под Исарот заврши сновно и средно училиште а на Правниот факултет во Скопје дипломира право. Но, наместо во суд или во адвокатска канцеларија, најдолгиот работен ангажман го остварил во НУБ „Свети Климент Охридски“, меѓу книгите во чие друштво му било најудобно. Со дарбата и љубовта, со кои бил бележан, ја совладал вештината како да ги придобива и со лес да ги припитомува зборовите да работат за песната.

Неговата библиогрфија е рефлексија на таа совршена соработка: „Иселеник на огнот,“ „На работ од сонот,“ „Збор и бол,“ „Полноќ,“ „Феникс,“ „Нерези,“ „Аутодафе,“ „Земја, потоп,“ „Вечната, бесконечната,“ „Јас оксиморон,“ „Псалми, „Врвот, реката, морето,“ „Храм, молитви,“ „Галичица“ и други; поемите: „Тој,“ „Апокалипса,“ „Земја“ и „Предвесница“, како и неколку прозни книги за деца и возрасни. Тука треба да се придодадат и преводите од други јазични култури, посебно епот „Гилгамеш“, што е мал подвиг. Наградите, меѓународни и домашни, чесно си ги заслужи. Преведуван е на повеќе јазици.

Михаил Ренџов, волшебникот на певот, е во непрекината потрага по нови можности на поетскиот израз, со верба дека новата песна ќе ја надрасне претходната, ќе го победи стихотворецот, ќе го надживее.

На анонимниот конкурс за поема, што градот Охрид го распиша по повод стогодишнината од смртта на Вториот Хомер, ловороносецот Григор Прличев, Ренџов стана првиот добитник на престижната награда за лирската поема „Тој“. Големото признание недвојбено го засведочува високиот творечки дострел. Кога во 2009 година повторно ја освои Прличевата награда за поемата „Предвесница“ веќе стана очигледно дека македонската современа литература дефинитивно пригрна еден свеж опит на еден исклучително надарен творец, кој успеа квалификувано да го реафирмира тешкиот, подзапоставен жанр – поемата. Се разбира Ренџов, кој е во дослух со вибрациите на новото време, ја осозна инаквоста на сензибилитетот и реагираше со промоција на лирска поема со нови достоинства. Разликата меѓу класичната епска, и лирската поема, е суштинска. Вторава, нема класично сиже, што подразбира приказна, дејство, карактери. Стихот е слободен и нема строга метрика, како класичниот. Аналогно, нејзините значења се откриваат низ суптилна и продлабочена анализа преку која се конституираат некои наратолошки елементи: митскиот портрет на народот пред огнениот ужас, пред разјапе- ната челуст на гибелот. Пред денот суден. Пред ништото. Не знам дали некој мудрец открил каде е врутокот на времето, кој дал знак да започне мерењето на неговиот тек, каде е неговата утока. Дотекува ли некаде и завршува ли таму неговиот тек заедно со сѐ што започнало, било, траело и се докрајчило, или пак е недотек, одново обновлив, способен повтор да се врати на изворот и да означи нов почеток, можеби во нешто видоизменет облик, подобрен за едно тегобно искуство преполно со многу талкања, далдисувања, губење на посоката и страните на светот, губење на сонот и копнежот, губење на основната смисла на говорот и заробување во молкот, во неслободата, во ненадежта, промовирање на вербата во глупава кактегорија, на верата во измислица на заблудените

Прашања многу, а потребата од добри, вистински одговори поголема од кога и да е. Каде е Бог, каде е милоста негова и штедроста во простувањето? Нѐ напушти ли Тој, се одречe ли од нас оти и Неговата Реч веќе предолго никого не го возбудува, дури со Неговото Светло Име постојано на уста, најревносно му се служи на темниот. Имаме ли право да му се лутиме, да му забележиме дека нѐ изневерил кога ни бил најнужен. Или треба да го ставиме прстот на челото и да се запрашаме што навистина се случи со Човекот кој во своето самољубие се прогласи себеси за најсовршеното и најпросветлено суштество на кое му припаѓа светот без никакви ограничувања и забрани, станувајќи така заточеник на самоизмамата. Има ли реална потпора оваа катаклизмичност или е подло подметната да заплаши „таман кога човештвото е пред голем технолошки залет, кој ќе открие невидени можности за секого и едночудо придобивки“. Но ако се отворат очите добро, ако се избистри погледот, секој ќе стане кадарен да го согледа тој испретурен и грд пејсаж на стварноста.

Во „Предвесница“ пеколната слика е создавана и создадена со грижливо пробрани зборови, микроскопски прецизни и предупредувачки. Впрочем, постапката со која е воден процесот на нејзиното ткаење оневозможува грешки. Зборовите кои лебдат во космосот како пеперутки, како човечките души, едни со други се набаруваат и се привикуваат на припомош за да ја направат структурата цврста и стојна. На поетот му се вдало да ги заузда нестрпливите во трката за престиж, да ја исконтролира хармонијата на певот заради експресијата на шокантните призори на хаосот и на темните вилаети на духот, обездушен, обесчовечен од поразии, омразии. Која ли црна магија го заведе Човекот во тие синори, по што залида непослушниот господар на светот, самоовластениот прекројувач на божјата промисла. Толку е длабок глибот та е неизвесен каков било ефект од некакво задоцнето покајување.

Но, авторот по својата сушност не е катастрофичар. Откако, како грижна мајка, впечатливо ќе ги претстави сликите на грозомората, ќе пека сериозно да биде разбран можниот, сосем извесен пустош поради човековата непромисленост. Тој не ликува. Напро-

тив, се дава во потрага по Спасението. Постојаниот бдеач над човековата судбина, загрижен и неутешен додека не пронајде нова светлина, бива обземен од немирот, сонот не може да го намами под клепките, со оговрлени очи – пребарува, моли, преколнува и најважно, силно верува. Со својата цврста надеж подгрбавен стои пред Сесоздателот и сфаќа: сепак, ќе ги дари Тој со милоста своја оние без наказанија: „...Ќе бидат суштества без злини и темнини/ стокмени од добрини /суштества богоподобни, / суштества нови озарени / со благост надарени“.

Овде, тишината е најдобар избор. Секој збор натаму би бил засенување!

МАКЕДОНСКИОТ ПОЕТ КОЈ ГО ВОЗБУДИ СВЕТОТ

„Тој што во бој за слобода гине,
нема да умре, за него сè е
в жал – земја, небо, и sверовине,
и поетот песни за него пее.“ (Ботев)

Има автори за кои одамна имаш силна потреба јавно нешто да речеш, да викнеш, да крикнеш, да пробудиш... Но има во тебе и еден бдејач, на кого со време свикнуваш и му веруваш, кој те предупредува: стивни ја својата возбуда за да можеш како секоја одговорна личност да го ползуваш рационалниот расудок, да се завардиш од претерувања…

Вапцаров е една од моите творечки легенди: со својот живот и со делото свое, кое „во секој македонски дом треба да е настолна книга веднаш до Прличев и Рацин“. (Гане Тодоровски). Годинава се навршија точно 70 години од неговата џелатска смрт. Длабоко трогнат ги препрочитував „Спомени за мојот син“ на мајката Елена Вапцарова, делот каде ги опишува последните моменти што ги минува со синот пред егзекуцијата. Никола ја моли да не плаче. „Ти бараш од мене надчовечка сила“, се брани таа. „Не бива, скапа мајко кралице, ти си родила борец, а крајот на борецот е

слобода или смрт. ...од мојата смрт ќе се родат илјади борци за правда“.

За да ги согледаме причините за крвавиот злостор на црнобо-рисовата власт, нужно е да се обsрниме назад во неговиот триесет-итригодишен живот, творештво, национален и социјален контекст.

Никола Јонков Вапцаров роден е на 28.12.1909 година во гратчето Банско, крај реката Глазне, во североисточното подножје на вековно опејуваната Пирин Планина. Тој е првороденче на брачната двојка Иван (Јонко) и Елена (Вејзова) Вапцарови, обајцата Македонци од протестантска вероисповед. Идниот поет, драматичар, книжевен критичар, револуционер, антифашист – се формира под влијание на семејната средина, особено на мајката учителка, која му всадила љубов кон книгите и татковината; на сопругата Бојка, Македонка пребегана од Егејскиот дел. И неговите сограѓани, вредни домаќини и работници, со докажан слободарски дух: се борат за ослободување од турското ропство, а подоцна од фашизираниот бугарски режим. Никола заврши шести клас гимназија во Разлог, кога таткото реши да го запише во Морнарско-машинското училиште во Варна, како поперспективно. Пропаѓа сонот да студира литература. Наместо да се обесхрабри тој ја теши мајка му: „Не, мамо, не ми е мака што нема да учам литература. Ако јас можам да пишувам стихови, ќе станам поет и без да учам литература… Напротив, ќе бидам поблизу до народот, до работникот и ако можам, ќе ја опишам неговата ропска мака“. (Е. В.: „Спомени“...) И напредната литература што жедно ја впива го прикрепува да израсне во јака личност, правдољубива, сензибилна особено на нееднаквоста на луѓето, на газењето на човечкото достоинство и национална гордост. Неговото непоколебливо и јавно декларирано, и јасно изразено македонско чувство - и во поезијата - ја прелеа чашата. Пристапувањето во БКП го жигоса како опасен антидржавен елемент.

Проблемите на младиот машински техничар се интензивираат штом ќе почне да бара работа. Не очекува тешкотии зашто неговото занимање е конјуктурно. Не го примаат и мора да прифати што и да е: најнапред работи на трговскиот брод „Бургас“, некое време во фабриката за хартија во село Кочериново, каде се посветува на

градење нова свест кај работниците: држи предавања, поставува пиеси со актуелна тематика. Власта го прогонува, а од фабриката добива отказ. Има и обид за атентат, за среќа, неуспешен. Повремено наоѓа работа и во други фабрики или како ложач во воз, во неподносливи услови, опасни по здравјето. Работи чесно, но не се мири со состојбите, не ги прифаќа како свршен чин. Се бунтува целото негово битие: „Треба да се бориш, да се бориш, / сиот упорство ќе треба да се сториш,/ за да дрпнеш од устата пчошка/ од забите на тој пес накострешен/ лебец трошка“! (Фабрика).

Првата песна ја објави на 17 години. Но неговото прво вистинско дело е драмата „Деветтиот бран“. Таа е современа семејна драма во ибзеновски дух, чии ликови од најтесното семејство имаат дијаметрално спротивни погледи кон актуелните настани. Првпат е изведена, за жал, 1957 година во Софија, а кај нас дури 1959 година во Скопје и Прилеп. Сепак, Никола по вокација е поет, Вистински ангажиран, революционерен и родољубив поет. Неговата поезија нема урнеци, можеби по бунтот потсетува на Мајаковски, но не треба да се споредува со него, уште помалку да се поистоветува. Неговиот пев е автентичен. Одбивањето на издавачите ќе го натера да земе заем и во сопствена режија, 1940 година. да ја објави стихозбирката „Моторни песни“. Втората, „Антологија“, излезе посмртно 1946 година. Неговата поезија е препознатлива по длабоката чувственост, непосредна доживеаност, без ненужни украси, директна, поимлива но не банално соголена, туку елиптична. Мотивите ги црпи од суровиот гнет и борбата за правда, националната кауза, афирмација на посебноста на неговиот народ, македонскиот. И Татковината, прецизирајќи ги нејзините коти, да нема двојба: Пирин, Охрид и Егеј. Саможртвата и неговото творештво го пленија мирољубивото човештво. Достапен е на повеќе од педесет светски јазици, а во 1952, пстхумно, го доби високото меѓународно признание – „Почесната награда за мир“, во силна конкуренција меѓу 72 кандидати, која му ја пронесе славата низ светот. Италијанскиот нобеловец Салваторе Квазимодо ќе забележи: „Народите кои имаат личности како Вапцаров, растат во очите на светот“.

Да се навратиме на оној кобен јулски ден (23.07.1942 година) во кој утрото беше осуден, а вечерта, во 21 часот и 10 мин. беше исправен крај затворскиот ѕид пред нишан, заедно со петмина другари, меѓу кои уште еден Македонец - Антон Попов. Свештеникот чита проштална молитва, а Никола му вели: „Јас не верувам во никаков бог, но за времето дури ќе ми читате јас ќе испеам една песна.“ И го запеа куплетот од песната на Ботев од поднасловот. Прифаќаат и другите. Тогаш грмнува плотунот.

Книгата „Одбрани творби“, приредена од неуморниот Гане Тодоровски, кој со аналитичкиот вовед на 37 страници ситен слог се обидува да го внесе читателот на вистински начи во Вапцаровиот книжевен свет. Во неа се застапени:„Деветтиот бран“, избор од двете стихозбирки, и неколку писма до најблиските.

Таа е пионерски потфат да се приопшти поцелосно големиот поет. Прочитајте ја, и двајцата ќе ви бидат благодарни за незаборавот.

П О Е З И Ј А

„Убавината е единственото признато подрачје во поезијата“ Едгар Алан По

Мотото, всушност, е една есенцијална максима на Едгар Алан По, со која не може, дури ни условно, да се спори. Творештвото на **Петар Т. Бошковски** е проткаено со најдлабоката смисла на Поовата мисла. „Детето нејќе да спие/ в клепки има/ затворен лет на птица“. Каква убавина и раскошно значење сал во една строфа достатна за цела песна! „Еве уште еден поет што мисли, ќе забележи академик Матеја Матевски, но мисли со срцето“

Роден на 9. јануари 1936 година, буквите научи да ги распознава и да ги срица во своето Острилци, во Крушево заврши осмо одделение, гимназија во Битола, а во Скопје Правниот факултет. Два мандата е претседател на Советот на IX и X Рацинови средби и два мандата претседател на Советот на XIV и XV Струшки вечери на поезијата. Останатиот работен ангажман, главно, е поврзан со разни медиуми како новинар или уредник

Првата поетска книга, „Суводолица“, ја издаде белградски „Нолит “ (1962) двојазично, на македонски и српски јазик во препев на академик Влада Урошевиќ. Така, по почетните објави во периодиката, стихозбирката стана достапна одеднаш во две културни

средини и претстави еден веќе зрел творец, кој јасно го трасира своето поетско траење. Втората, Постела од трње, се појави 1972 година, исто така двојазично, само што овојпат препевот го потпиша Слободан Мицковиќ. Се здоби со две високи награди: „Браќа Миладиновци“ на СВП и „13. Ноември“ на градот Скопје. Следат: „Небесен камен“, за наредната „Бел ветер“, беше награден со Книжевно жезло на Македонската книжевна фондација. Последна поетска збирка е „Вториот источен грев“. Потоа се опита во романот: „Црниот бик“, добитник на наградата „Стале Попов“. И уште: „Никаде место“ и „Ѕвезди на пладне“. Бошковски е коавтор на Антологијата на македонскиот роман, автор на Антологијата на македонскиот расказ. Неговиот опус е нецелосен без брилјантните есеи и критики во кои личните односи со авторите не влијаеја на објективниот вредносен суд како крунски принцип.

Треба да се нотира и фактот дека дома и во странство се објавени повеќе репрезентативни избори од неговата поезија. Заклучокот пак е на Матеја Матевски: „Петар Т. Бошковски е писател со високо развиено чувство и свест за својата определба за авантурата на творечкиот збор, обединувајќи ги во себе на многу среќен начин занесот на творец и зрелоста на интелектуалец“:

Непроценлива е и неговата заслуга што заедно со Слободан Мицковиќ и Бранко Ставрев ја прегледаа и уредија постхумната оставнина на Живко Чинго, а 1990. и постхумниот роман на Владо Малески - „Јазли“

Неговиот поетски напор не е едноставен. Лесно ли е да се допре таинството на бајките, соништата, преивиденијата, магиите, вражбите, самовилите, билките, тишките и лишките и да се пресоздаде во поетопис за кој треба раскошна имагинацијаза да доибјат нова смисла?

Отворениот стих е обликот што го преферира, а со „Посатела од трње“ нѐ увери дека совршено го владее и сонетот, најстрога поетска постапка. Тој е тивок, речиси шепотлив е неговиот пев, со јазикот кој го има извориштето во народната лексика, со основниот тон и суптилноста, како да е најблизок со Конески, но не како апологет, туку како личен сензибилитет.

Свесен за потешкотиите, ќе се засолнам зад општата импресија и мојата возбуда. Мојот восхит, веројатно, се темели и на леснотијата со која успева во дребните нешта да открие длабоки значења, во сѐ што го опкружува исчитува необична симболика: „Едно дрво со немирни корени/ ја врзало почвата за своите жили/ и расте тврдо а горка сок го храни... Има пркос на зла коба / во жилите што го пржи / има бол што носи злоба / а треба да се здржи“.... (та не е ли ова слика на еден народ во грчовит напор за опстој?!) и шепнешкум ќе дореч: „Постои едно место/ дива перуника каде што царува. Во пупките ѝ целеат/ но неисцелеани остануваат незадоволните души на мртвите“. На суводолицата со јалово корито во која белутраците тажно ги покажуваат забите, сал плачот на дождот среќата може да ѝ ја врати, Црна Река стенкајќи се пробива низ тесен кањон на патот низ Мариово со тенок ремен небо во водата што ја влече, наспроти изворот планински пред кого се клекнува како на молитва и в чело се бакнува водата лековита. На празник тапанот удира в дамари и ја тера крвта да прозбори, потсетувајќи дека никогаш нема да умре говорот на времињата, катаден ќе шета од уста до уво вражбата на некоја млада циганка која на човек во доцни години ќе му претскаже љубов, ќе ја колнат оти лаже, но вечерта месечината, премногу љубопитна, ќе открие повисоко засукан фустан отколку набрано овоштие, а младата циганка утрото загатливо ќе се смее. О, љубовта господари со чудата! И жената со нејзиното поливалентно значење е една од неговите опсесивни теми: од прародилка и вечен копнеж - до првогрешница и вечно страдање по секоја невозвратена или прелагана љубов.

Централното место во „Постела од трње“, според мене, го зазема антологиската песна „Гроб на вишна рида“. Од две причини: нема мерка за возбудата од љубовта со горска „самовила,“ додека трае: „Девет дена јас љубував не жена а стија/ девет ноќи јас лудував со нестивнат ламтеж“, неутешна кога ќе исчезне присената. Второ, во песната како да има една порака со сила на поетски тестамент: „Мртов да ме однесите на највишна рида/ во гроб да ме оставите, гроб со девет врати/ до прелеста што ме уби поблиску да бидам/. Таму ветрот да ми носи шум на лесна руба/ таму душа да

вилнее, да колне, да пати:/ Господ да ги бие тие што сал малку љубат“.

Семејството ја испочитува неговата желба Острилци да му биде вечен дом. Тој беше четвриот од оние со кои пријателуваше што му се вратија на родниот крај засекогаш: Чинго остана во Велгошти, во својата Пасквелија, да го наслушнува гласот на Големата вода, Петре М. Андреевски во Слоештица посака да биде барем во вечноста заедно со Последните селани, Гане го одбра Кожле како пракорен. Дури и да е случајно совпаѓање, значи дека сонувале еден ист сон.

Избор од поетското писмо на Бошковски, направи Раде Силјан, а издавачот „Матица македонска“ го објави под наслов „Поезија“. На нешто повеќе од 250 страници презентирани се стихови што маѓепсуваат, на поетот заслужено му го обезбедуваат епитетот исклучителен.

Што уште може да посака еден благороден поет и писа-тел! Освен напреден ч и т а т е л!

Т У Н Е Л

„Литературата е лага која само нѝ помага полесно да ја запознаеме вистината“. Авторот

Човекот чита да задоволи некоја своја духовна потреба. Читањето е личен, интимен чин. Но ако наиде на такво дело кое ќе го возбуди со естетските својства, со темата, мотивите, идејата, со експресијата, кои се откриваат на крајот од склопениот мозаик, - ќе посака таа возбуда да ја сподели уште со некого. Тогаш восхитот не само што не ослабува, туку напротив, се враќа двојно посилен. Се надевам, дека со читателите ќе воспоставаме такви релации и однапред се радувам.

За почеток на нашата комуникација се определив за романот „Тунел“ од Петре М. Андреевски. Убеден сум дека Петре е творец нашироко познат и надвор од националните меѓи. Искрено верувам дека и до сега неговата поезија, проза или драмски текстови, неодминливо се дел од сечиј духовен свет. Нумерички прикажано, неговото твотештво опфаќа: 9 збирки поезија, од кои 2 за деца, 3 збирки раскази, 5 романи, 2 драми, сценарија. Трогнат сум од одлуката на неговото семејство: сета оставнина да му ја отстапи на МАНУ на чување и обработка. Така, верувам, ништо нема да отиде во заборав. Неговите дела се

приопштувани на многу јазици и тој е еден од нашите најдобри културни амбасадори во светот, за што и беше посмртно одликуван со Орден „Заслуги за Македонија“ од претседателот на Државата.

Неговиот последен роман „Тунел“ е објавен во 2003 година. За него малку е пишувано, а заслужува посебно да биде анализиран, ако не за друго, барем поради фактот што е единствениот урбан роман на авторот. Дотогашниот негов книжевен опус е во нераскинлива врска со животот, траумите и ретките радости во руралните средини, таму во гро план се пекршува историјата, војните, умирачките, пустеењето на селата, а сепак нов живот се зафаќа, се чипчи како пиреј, се одржува во својот автентичен облик, во некое успорено време.

Во „Тунел“ приказната се одвива во пред и поземјотресно Скопје, а главните ликови се интелектуалци со современо образование. „Кога го создавав романот имав проблем како да се заштитам од себе си. Во овој роман сите ликови се создадени во мојата имагинација, но ништо не е случајно, тие се сместени во вистинско време и место, тоа е навидум имагинарно,“ вели академик Андреевски и заклучува: „Литературата е лага која само нѝ помага полесно да ја запознаеме вистината!“ Не сум сретнал толку луцидна дефиниција.

Длабоко свесен за ризикот од новиот обид, ја вклучи сета своја раскошна дарба и успешно испиша едно дело сосем поинакво од сѐ што дотогаш излегло од неговата книжевна лабораторија. Чудесни се ликовите кои се и сопствена лика и прилика, сопствена судбина, но и огледало на општествената средина. Во гро план се истакнува ликот на Невена, штотуку дипломирана професорка по книжевност. Таа е и двигател на сите настани.. А тие се редат едно по друго: од трагични – потрагични, како трагизмот да е неизбежен избор...

Невена беспоштедно ја вложува својата и духовна и физичка енергија да ѝ најде на реката на животот и поспокоен тек и мирна утока. Ама не бива. Скопје, иако поприма сѐ повеќе карактеристики на поголема урбана средина, во која, оправдано се очекува, побрзо да навлегуваат новите идеи и навики. Сепак, тешко се ослободува

од предрасудите. Тие имаат длабок корен и отпорни се. Во животот на Невена првата љубов е Игор. Со него излегува уште во ученичките денови. Но Игор е со слаб имунитет и заболува од туберкулоза, која покоси многу луѓе во повоените години до средината на педесеттите. Лекувањето, главно, се состоеше од пенцилински инекции.. Кутриот Игор: решето му е снагата од боцкање, за жал, без ефект. И кога станува јасно дека Игор не ќе се избори за живот, нивните родители решаваат на смртната постела тајно да ги венчаат: да не бил Игор таму секогаш сам! О, Боже!

Потоа доаѓа Горан Паковски. Убаво и воспитано момче, стоматолог. Нејзините кога ќе дознаат за таа врска се избезумуваат, место не ги фаќа: „Кај го најде него, кај го запусти? Сите нивните изумреа од некоја чудна болест во главата, во умот!“ Така ќе ја пресече мајка ѝ. А проблемот типичен за она време: по ослободувањето, нивната имотна состојба му пречела некому и биле накодошени за воено профитерство. Им бил конфискуван имотот, одземено правото да живеат во својот дом и луѓето забегале од мака. Се фатиле на оро со акохолот, како утеха, и тој им станал семејно проклетство, кое не го одминало ни Горана. Невена се мажи за него, наспроти острото противење на родителите, при што дури ѝ било забрането кога и да е, што и да се случи, да не смее да стапне во родната куќа. Дури и од погребот на така си, од пред капелата, ќе ја набрка братот: „Тој не ти беше тебе ништо и ти не си му ништо!“ Иако Невена сето свое внимание, сиреч, сиот кус заеднички живот му го посветува на Горана, не успева да го избави од порокот. Треба да се прочита книгата за да се види големината на нејзината жртва во името на љубовта сонувана, а недосонувана. Јавето си го покажува грдото лице

Третата љубов, која се зачнува на неочекувано место и во необични околности, има драматичен тек. Се вика Дејан Медаровски. Во едно средно училиште Невена ја примаат неколку месеци на замена. Од првиот ден Дејан, ученик во последната година, не може да го одвои својот небесен поглед од неа. Таа отпрвин се брани, му се крие, го одбегнува. Но тој е упорен. Иако не е малолетен и разликата во годините не е голема, според позициите што ги имаат

во моментот, тоа е забранета љубов. Еден ден после часот тој на катедрата остава запечатен плик. Вели: „Прочитајте го, ве молам!“ Јасно е што ѝ пишува. „Што мислите?“ ја прашува следниот ден и почнува постојано да ја следи насекаде. Еднаш, кога Невена се враќа од пазар со голема корпа полна со сенешто, тој ѝ ја дрпнува и вели: „Не плашете се, професорке, сакам само да ви помогнам!“ Таа му ја објаснува деликатноста на нивната ситуација, него тоа не го засега. „Сè можам да поднесам за вас. Не можам да преживеам без таа љубов.“ Цената излегува преголема. Таткото на Дејан е на висока позиција во хиерахијата на милицијата и неговата моќна рака далеку досега. Најнапред му одредува куќен притвор, а откако ќе ја издржи казната, ќе се појави на вратата од Невена. Ќе ѝ каже дека ја напуштил татковата куќа и решил веднаш заедно со неа, без да ја праша, да бегаат преку граница. Иако успеале да ја заметнат трагата пред потерата што ја наредил таткото, пред границата биваат уловени, откако оној што требало да им помогне во пребегот, ги поткажал. Дејан успева да го убие кучето трагач и еден миициoнер со трофејниот пиштол на татко му и потоа нема со што да се брани. Трешти да бега. Го убиваат

Тука ли е крајот? Каде, навистина, е карјот на големиот кошмар? Ќе завршам со една реченица на Невена: **„Ова не е исповед, туку еден истрадан сон, кој кај мене сè уште трае.“**

„Тунел“ е интересен и лесно читлив роман, кој никого не остава рамнодушен. Затоа, прочитајте го, секако!

МАЈСТОРИ НА РАСКАЗОТ

Расказот е најкусата раскажувачка форма, која во летниве жеги полесно се чита. Може да се одложи, да се одмори и без тешкотии да се продолжи. Но, и да не го прифатиме тој факт, нели е некоректно да се прескокне жанрот кој е зародишот на поголемите прозни остварувања?

Тој, не е едноставна творба како што изгледа. Напротив, бара многу внимателна, промислена и посветена работа. Чехов, на пример, кој важи за еден од големите мајстори на расказот, самиот признава дека над еден расказ од три-четири, до пет странички бдеел околу една седмица. Зошто? Затоа што на малку простор треба да се изградат живи ликови со скудни средства, нијансирано да се осликаат нивните радости и трауми, низ неизнасилено дејство. Речиси нема автор кој не се опитал во расказот или не го започнал своето раскажувачко бивствување со него.

Летово, со задоволство, прочитав врвни раскази од автори од различни култури, кои по некаква внатрешна логика сами се набаруваа и довикуваа да бидат одново прочитани. Таквиот прочит, без моја намера, се обликува во кохерентна раскажувачка целина. За промена можев да го предложам тој мој самоникнат избор и немаше да згрешам. Ќе беше освежување и можност за компарирање. Но, читателите ќе мораа да бараат еден, па друг, трет... автор.

Затоа се определив за изборот „Македонски раскази“, финансиран од Владата на Република Македонија.

Ваквиот избор, неизбежно, го носи белегот на приредувачите согласно со нивните книжевни критериуми и лични стандарди, како и со потребата за што поширок опфат. Затоа меѓу кориците се нашле и неколку автори, кои, врз други принципи и во една построга селекција не би биле тука. За сметка на тоа изоставени се други, кои не би требало да бидат превидени. Овие начелни напомени немаат намера да го дискредитираат Изборов. Тој ја оправдува својата намена.

Писателите и нивните раскази ги одбрал Раде Силјан. Неговиот избор го прифаќа и поширокиот редакциски одбор. Силјан го пишува и воведот во кој ги објаснува концептуалните стојалишта. Застапени се шеесетина автори со по еден расказ. Нивната мотивска и тематска разноликост тешко е и условно да се подведе под заеднички именител. Истото важи и за творечкиот пристап. Тоа е богатство.

„Во оваа панорама на македонскиот расказ се застапени прилози кои говорат за континуитетот, за процесите и тенденциите на овој многу значаен жанр во македонската литература. И тоа во книжевно-историска смисла, со цел наполно да се посочат различните односи на писателите спрема градбата и видовите на уметничкото претставување на човечките судбини. Во прашање е, значи, не избор на писателите, туку на нивните раскази кои имаат своја автономност, силно внатрешно единство и нагласена повеќезначност“, пишува Силјан во воведот.

Јасно е од цитираното дека не е правен антологиски избор туку избор „во книжевно-историска смисла“. Сепак, и во посочениот правец, ми недостигаат, на пример, расказите на Михаил Ренџов, на Крсте Чачански... кои со нивното раскажувачко мајсторство можат да издржат и најостра конкуренција. До сега и највнимателниот избор не поминал без забелешки. Ги уважувам само ако зад нив стојат вредносни критериуми а не лични засегнатости.

Најдобриот потег на ова издание е фактот што започнува со блескавата народна приказна – „Силјан Штркот“. Нејзиниот запишу-

вач, терзијата од Прилеп, Марко Цепенков не е само балежник. Во оваа народна умотворба, покрај генијалниот ум на народниот творец е вткаен и умот, и срцето, и творечкиот дух на Цепенков. Силјан Штркот, заслужено, добива третман на творба со сите елементи неминовни за структурата на расказот и со тоа станува мост меѓу народната усна раскажувачка традиција и подемот на овој авторски жанр.

Потоа хронолошки, во склад со концептот, наведени се од поскромни обиди до такви мајстори како што се Славко Јаневски, Владо Малески, Живко Чинго, Петре М. Андреевски, Влада Урошевиќ, Митко Маџунков, Васе Манчев, Божин Павловски, Бошко Смаќоски, Венко Андоновски, Блаже Миневски, до најмладите...

Издвоив неколку имиња, кои во историскиот континуитет создадоа раскошни остварувања, израз на полна творечка зрелост и мајсторство.

Бездруго, најголемиот придонес е во допирањето на сите житејски теми низ дискурсот на реализмот, магискиот реализам, фантастиката, ониричката фантастика, секуларната и религиската митологија, со што се израмнија со највлијателните раскажувачи, не само во минатиот и овој век, туку и напред во времето.

Се напрегав да посочам некој расказ со кој би илустрирал дел од вербалниот исказ, но тоа се покажа како залудна работа. Како толкава творечка материја да соберете на мал простор, макар само и за неколкумина, а секој на свој начин вреди да биде сериозно анализиран. На што побргу да се фокусирате: дали на магиските предели на Пасквелија или Кукулино, имагинарни и очудувачки колку и Слоештица, колку и „пирејот“ осуден сè да истрпи, да ги спознае сите лица на смртта, а да не може да се истреби. Или на чудесната градба на мостот на модричките мајстори, кои премостуваат долче низ кое не тече вода, само да градат оти градбите се нивниот живот и смисла, петелот жртвуван за семејниот оризник, чудните случки и зборливите кучиња. Луѓето во долна земја и во горна земја, сите крилати змејови... Ова еднакво се однесува и на таканаречената урбана проза. На светов ништо не е неможно и ново, освен самиот свет, кого постојано го откриваме, а тој останува

таинсвтвен засекогаш. И сите луѓе божјаци или порочни како средиште на тој свет, без оглед на географската ширина и должина.

Затоа ми се чини најрационално: да прочита секој по нешто, потоа може да се организира дискусија по клубовите кадешто секому ќе му биде отстапено достатно време да го искаже своето мислење и доживување. На тој начин само ќе се открие вистинското место на македонскиот расказ, кое, искрено речено, е високо.

ПРИНЦОТ НА МЕТАФОРАТА

Нема сомнение дека секој малку поревносен читател, без оглед на степенот на неговата наклонетост кон поетописот, знае дека синтагмата од насловот се однесува на **Радован Павловски**, поет, кој на Татковината ѝ даде „поетски идентитет и духовен имунитет“. Во нашата литература влета како метеор, без свое деби и претходна најава, како откритие. „Има нерв, има дарба детево, не е за дома. За светот е. Не ќе го најдеш поетот крај родното огниште пепел да мери, чекорот на поетот е додаден на замореното време“.

Неговата библиографија е фасцинантна:„Суша, свадба и селидби,“(1961) „Корабија,“ „Високо пладне,“ „Боемија на Природата,“ „Низ проѕирката на мечот,“ „Сонце за кое змијата не знае,“ „Пир,“ „Зрна,“ „Молњи,“ „Стражи,“ „Чума,“ „Клучеви,“„Марена,“„Темелник,“„Бог на утрото,“„Јавач на звукот,“ „Синот на Сонцето,“ „Јас сум време,“ трилогијата: „Господар на перото,“ „Океан во капка,“ „Воспеви“...

Основен белег на певот на Павловски му даваат една незауздана поетска имагинација чиј тематски интерес има планетарни димензии. „Поетскиот немир на светот уште од најрана младост сум мислел дека е еден вид моја свеќа. И до денеска во мене таков е мојот свет.“ Затоа неговото пеење достигна космичка размери кои

ги препознаа сите. Веднаш, уште со појавата на „Суша, свадба и селидби“. А секоја наредна стиховница покажува перманентно зреење, усовршување на стихот со метафоричко раскрилување и отвореност кон различни асоцијативни насоки поради што и беше промовиран во принц на метафората. ....„зборот е тежок. Зборот држи вода и во пустина“, ќе рече. А за јазикот во неговата поезија ќе додаде: „Јас секогаш се чувствувам како татко и татковина на јазикот, малку обратно од некои мои современици кои велат дека Македонија е татковина на јазикот. Без моето тело и душа мојот јазик би бил мртов како латинскиот. Јас му давам една поинаква конотација на мојот израз и димензија на јазикот... во својата поезија, која е еден цел систем на чувствување и мислење, длабоко поврзан со коренот и врвот на поезијата.“

Се родил на 23. ноември 1937 година во Ниш, каде поминал кусо време додека работело малото дуќанче на родителите кое ги прехранувало. Се вратиле на своето огниште во Железна Река уште пред да заоди. На својот роденден ќе му открие судбинска смисла. „Бесмртноста е само генетска карика во вечноста, хромозом 23, со датумот на мојот роденден. Вечен. Гласот на песната е глас на вечноста“. Во магичниот, орфејски предел искапен како новороденче, се наоѓа длабокиот корен на неговата прва стиховница „Суша, свадба и селидби“. Токму поради тоа некои книжевни теоретичари и аналитичари детинството го именуваат како нејзина тематска оска. Таквата детерминанта е сосем условна: само поради сликите со кои израснал: сејачите кои го фрлаат семето по нивите изгорени од суша, а со надеж дека спасоносниот дожд ќе се смилостиви, но тој доаѓа бучно, со поплава. Тука се сите ветрови, пијавици, кртици, црниот конец од мравки кои закопуваат цвеќе под земја да не остане зимата без убавина, тука е Маја сочна и дрочна, полна со овоштие, која го чека оној што доаѓа со свиркање и открива траги на крадливци во градината, младичот заспан на пладне сред откосите...

Чудесните, необични, храбри и неочекувани метафорички спреги на сите тие знаци им даваат ново, повиско значење. „Преку Железна Река цел живот се откривам себе си и својот народ, а тоа

значи една голема цивилизациска единка уште од времето на Византија“. Сеедно, поетот ќе ги понесе тие слики со себе и одново, и одново ќе ги сонува. Кога ќе го напушти селото, од врвовите и падините на Кораб ќе се судри со бесконечноста која ќе го замае, ќе го земе в прегратки и ќе го заведе на големо патување до нејзиниот бескрај. Така ќе се роди „Корабија“: „Душата ја венчав со долги патшта...јас сум презафатен од прекројување на просторите... Во вртењето на Вселената се слушаат биењето на срцето/ и нашите бајки“.

Тој не мирува ни духовно ни физички. Живее во Загреб, а потоа во Белград. И таму никој не ги оспорува ни неговата дарба, ни певот. Наградуван е со високи награди и примен е за член на нивите писателски друштва. Кога конечно во 1985 година доаѓа во Скопје, зад себе има библиографија од 12 наслови, достатна за еден цел творечки век. Постојано создава и веќе наредната година има два нови наслова: „Клучеви“ и „Марена“. Како и дотогаш секоја нова книга е настан. Се редат високите признанија. Сепак, овде ќе издвојам само две кои завредуваат посебно значење и респект: Меѓународниот библиографски центар во Кембриџ го вбројува во стоте светски личности кои го обележале 20. век, а Меѓународниот библиографски институт на САД му доделува „Признание за животно дело“. *Препејуван е на повеќе од 50 светски јазици*. Свесен за својот поетски учинок ќе каже: „Никогаш творечки не сум бил скромен, туку натскромен. Оти како скромен би бил брзо згромен. Скромноста е за дребното“...

По повод големиот јубилеј: 50 години поетско творештво, објавен е репрезентативениот избор „**Свртничар на светлините“.** Бидејќи никој подобро од него самиот не може да го објасни значењето на тој избор, оставам тоа да го стори академик Радован Павловски: „Македонското битие и нашето постоење низ историјата никогаш немало потреба од делби, поделби и кавги. Тоа се туѓи потреби и интереси уште од античките времиња. Како творец успеав да оставам за потомството друго духовно наследство, да го отклоцам инстинктивното делење, множење и одземање на силите на сметка на визијата, интуицијата во една друга светлина на

своето духовно видно поле. Па и во тоа се состои симболичната насока и навигација на „Свртничарот на светлините“ во пресврт-ничкиот креативен потфат на творештвото.

Сум ги поминал сите креативни патишта на дарбата со свој пат по патиштата за да се видам и чујам себеси во светската мапа на поезијата како ретко кој свој, автентичен, со своја поетика, етика, морал и завет“.

К У К Л А

Сега, далечната 1992. год, поетот и писател **Ристо Ѓ. Јачев** ми го подари романот „Кукла“. Го прочитав, што се вели, на еден здив. Но прилично ме збрка одредницата „роман за деца и младинци.“ Книгата, како што ќе се види, третира теми за опстанокот на едно семејство, истовремемено за опсанокот на нацијата, за војните, делбите, за убиствата и прогоните; но и за љубовта и раѓањето, за траењето – наспроти сѐ. Тогаш, на што се темели таа? Издавач беше „Детска радост“, не е белки заради тоа! Можеби одговорот треба да се бара и во фактот што приказните се раскажани бајковито. Сакам да верувам дека тоа е вистинската причина. Бајковитиот реализам, дискурс што лично го преферирам: дава поголеми можности за творечко читање и мечтаење, и откривање на подлабоките значења иманентни на раскажувачкото проседе.

Романот по многу надворешни и, особено внатрешни белези, е посебен. Нема, на пример, поделба на глави кои претставуваат заокружени епизоди. Има сликички кои се редат една по друга според логиката на настаните и учесниците во нив, по некои асоцијативни, чудесни патишта, неретко и сосем неочекувано. И покрај тоа се чита лесно. Тие минијатури, навидум едноставно, се слагаат во една мозаичка, траорна фреска, налик на драматичните мурали на Борко Лазевски. Всушност, раскажувачката граѓа е поделена

само во три одделно насловени поглавја: Прогонство, Индија и Враќање. Тие се носечките столбови на фабулата. Дејството временски е лоцирано во првата деценија на 20. век, 1908 -1912 година. Да потсетиме дека тоа се совпаѓа со крупните историски поместувања на Балканот поврзани со петвековното владеење на Отоманската Империја на оваа ветрометина. „Господарот на Босфорот“ е тешко болен, демнат однадвор, присилуван одвнатре од Младотурците да се реформира и осовременува во духот на Европските општества. Таа жестока граѓа авторот ја организира и интерпретира со примирен тон. Свесно се брани од пртерувања кон кои влечат событијата, ги релативизира со хуморни отклони, или со нагли прекини... Лирскиот израз е примерен за бајковитиот реализам, секогаш поинаков, личен, во корелација со ликот кој ја раскажува сопствената приказна. Оние места кои по својата суштина се мрачни и долгорочно судбински сведени се на еден израз карактеристичен за реализмот.Таков е крајот, разрешницата, во кој експлицитно е отсликан трагизмот на Македонецот, кој во битките е топовско месо, а потоа станува паричка за потку-сурување.

Пред да кажам уште некој збор за романот, предлагам да го запознаеме авторот. **Ристо Ѓ. Јачев роден е на 15. 05. 1942 година во село Долно Родево, Воденско, Егејска Македонија.** Поет, романсиер, книжевен и театарски критичар, преведувач, антологичар. Рано ги спознава животните неправди кон народот на кој му припаѓа и со него ја дели судбата што им е заедничка. Прогонот за време на Граѓанската војна во Грција, ќе го донесе во Вардарскиот дел, каде и ќе се образува од основно училиште до Филозофскиот факултет во Скопје, на кој дипломира во групата – југословеннска книжевност. Едно време работи како артист и професор во средно училиште, а останатиот работен век до пензионирањето го поминува во Радио Скопје како новинар и уредник.

Каде и да бил неговото најсигурно прибежиште била литературата. Повеќе од 40 години впечатливо е присутен во растежот на македонската книжевност. Првата книга поезија „Кавал и Магија“ ќе

ја објави 1967, а фактот дека истата година е примен во ДПМ потврдува за каква дарба станува збор. Неговотото творештво е обемно. Сумарно, според податоците што ми беа достапни, околу: 20 поетски книги, 6 драми и радио драми, романите: „Вечерни ветрови,“ „Кукла,“ „Јаков,“ „Патот на Ангелите,“ – трилогија; „Алексеј“, „Сивите гребени“, „Синот на свештеникот“. Ќе ми прости ако сум превидел некој наслов.

Наградуван е во двете области од неговото творештво: „Студентски збор,“ „Кочо Рацин,“ „Стале Попов,“ „Златно перо,“ „Нарциса,“ „Григор Прличев“ за поемата „Вакафска земја,“ „Мелник 2000“ (Р. Бугарија), „Ацо Шопов“...

Како кај секој откорнатик од родната почва вечната тема е поврзана со неговиот бол – непребол. Во една пригода ќе рече: „Животот и делото на писателот се една целина.Тоа значи дека делото се создава во реалниот живот, а не во лабораторија, не заради егоцентричниот период, уметност заради уметност, туку заради потребата од искрена исповед и порака. Нејзиниот зачеток е во лузната на детството што ниту може, ниту смее да се заборави“.

„Кукла“ го имаше првото издание 1992. и истата година беше наградена со највисокото признание за роман, наградата Стале Попов. Главните носители на дејството се двата лика, Таткото и седумнаесетгодишниот син. Во семејството две нешта се вековна константа: првата, немирење со ропставата и борбата за слобода, втората, четиристотинигодишната традиција во одгледување свилена буба, која ја обезбедува нивната егзистенција. Оттаму е изведен насловот на романот.

Таткото убил заптија среде бел ден, злостор за кој се бара неговата глава. Знае дека нема шега со таквите закани и се однесува внимателно како од секоја грмушка да го гледа окото на пушката или нож во грбот. Тоа е едната причина за долгиот пат кон Индија, сонот на големиот воин Александар, втората, оттаму повторно да се донесе нова свилената буба, оти постоечката со својот живот ја платила сечата на црниците таа студена зима. На враќање ги пречекуваат балканските војни и черечењето на Македонија.

Обидот да откријам нешто од приказните е залуден. **Ликовите ги запознав, љубезни се и со истото внимание со кое ќе ги слушате и тие ќе ви ги раскажат своите животни приказни, своите премрежиња. Сместете се удоно и не прекинувајте ги! Ќе биде убаво од вас ако на крајот нешто ги прашате. И себеси да се запрашате.**

ГОЛЕМАТА ПОЕТЕСА

„Така ги зафаќав и песниве: Од збор, полузбор, од глас, од созив - издив / Од гест: од содишка и воздишка / Од сите сказанија“... Светлана

Тој ден (**27. 04. 2012)** го посети пропролетниот празник - Саемот на книгата. Беше неизмерно возбудена поради претстојното патување во Лондон на Културната олимпијада со задача: да го презентира достоинството на македонскиот јазик и поетиката на тој јазик. Вечерта, пак, одненадеж нејзината ѕвезда се срона од небесното сосвездие и згасна. Следниот миг се крена, се возвиши и се пресели во вечните духовни конаци. Единствена, Неповторлива и Просветлена. Таму кајшто сето време им припаѓа на обдарените.

Светлана Христова - Јоциќ е родена на 27.02. 1941 година во Ресен, во времето на фашистичкото лудило. Стравот од голема трагедија како полско плашило се вееше над светот. Можеби затоа, наспроти сѐ, ѝ го одбраа името Светлана. Да биде кураж и патоказ. И таа достоинствено го носеше. Работниот век го започна како учителка во Охридските села, а по преселбата во Скопје дипломира на Филозофскиот факултет и стапи на работа во образовната редакција на Радио Скопје. Поезијата ѝ беше прва љубов и вечна преокупација. Внимателно, полека ја создаваше и доцна (1970 годи-

на) ја објави првата поетска книга, „Калесница“. Затоа пак, веднаш се најави како зрел автор: нов, надарен, автохтон. Наредната, 1971 година, станува член на ДПМ. Едно време е негов секретар и претседател. Ќе остане забележано дека нејзиниот ангажман даде нов импулс во работата на писателската организација. Ја основа и уредува ревијата „Стожер“. И списанието „Портал“. Таа е основач и претседател и на меѓународната манифестација „Македонски духовни конаци“. Член е на Македонскиот ПЕН. центар. После дебитантската „Калесница“, ќе ги објави и стихозбирките: „Скришен ковчег,“ „Сињо,“ „Еа,“ „Хагада,“ „Зачатие,“ „Поетски устав,“ „Самица,“ „Silento“ (експеранто) „Големата молитва“. Значен е нејзиниот придонес и во литературата за деца: „Последната битка“ (раскази) „Алка за нишалка“ (поезија) „Гусларот“ (новела) „Мекедонската царица“ (роман). Пишува и одлични есеи. Многу нејзини песни објавени се во повеќе антологии кај нас и во светот. Тогаш кога не пишува поезија – слика. Всушност, повторно е на полето на создавањето само со еден поинаков јазик. Јазикот на светлината и боите.

Историјата на светската литература познава автори со обемни библиографии, кои останале на ниво на просечноста и автори со поскромен опус по обем во кој пулсира вселената со сите тајни недоодгатнати, недофатливи а насетини смисли и противречности. Светлана Христова - Јоциќ припаѓа на вторава група. Никогаш не сум го делел поетописот на машки и женски.

Се разбира, некои природни разлики иманентни на едниот или на другиот пол, не се игнорираат, но границата не е реска. И едните и другите талкаат и алкаат низ мракот во потрага по вистината, која не им се открива лесно, но и кога ќе им блесне се мачат да ја вообличат во повисока, творечка вистина, која ќе се овоплоти во совршена целина. Генерално, преовладува мислењето дека поетите мажи повеќе го истакнуваат интелектуалното наспроти сензуалното на жените. Но еве, со Светлана Христова - Јоциќ и тој стереотип паѓа, зашто таа еднакво е страсна колку и умна во својата поезија. И не го прави тоа од желба да се натпреварува со кого и да е, или пак да ја покаже својата умност (интелектуализам,

кој е неспорен) за да заведе, да шашардиса, да искомпензира некои слабости. Не. Нејзината поетска постапка е елементарно природна: „Песните настанаа така како што се зафаќа / Непознат вез: прав бод, кос, крстец, бод со бод / Рококо, полнетица, вртен конец /Така во детството зафаќав вез од друшките! /Така ги зафаќав и песниве: /Од збор, полузбор, од глас, од созив - издив / Од гест: од содишка и воздишка! / Од сите сказанија / Од сестра Зиновија /Во нејзината самечка ќелија“. („Самица“). Со трпеливо и трепетливо ткаење на мисловните и емоционалните слики се раѓаше песната – магија. Раѓањето беше нејзината најголема творечка радост. Зрното како семе прерасна во доминантен симбол и метафора. И водата, како средина во која се заврзува животот. Женската утроба.

Неблагодарно е да се набројуваат сите семирски теми, симболи и метафори со кои е изнавезан големиот гоблен на нејзиното поетско писмо, без сериозна анализа на можните но и неочекувани спреги, чие значење се открива низ комплексна анализа: низ призмата на чувственоста и здраворазумноста, дополнително земајќи го предвид: заумното, окултното, метафизичкото. Затоа ќе го задржам нивото на основен податок, на мојата опиеност од необичните поетски изблици и поетски светови со очудувачки волшепства. Во што се состои нејзината поетска уникатност? Темите не се нови, вечни се. Нов е пристапот. Таа експериментира со зборовите, со фонемите, со графемите, ги открива празначењата и ги става во современ контекст. Академик Старделов ќе забележи: ...„ не само што се пее со зборовите, туку и самите зборови пеат :„Верверице ведренице/ свесели ме веселице, / опашице свиленице / заскокај ме скокалице“. (Жиг) Нејзината поезија го допира самиот раб меѓу битисувањето и струполувањето во бездната. Тоа ѝ дава драматичен тон. Не се чита целата на еден ист начин. Има песни што се мислат и други што се слушаат. Најдобра потврда за песните што треба да се слушнат е „Поетскиот устав“, зашто приматот го имаат пораките. Ја позајмува формата на правните уставни поглавија, а со својата лексичката виртуозност и семиотика, конститура Поетски устав со кој се уредуваат односите во Поетската република, во „земјата просирна како рожница“, во која сета власт е на Зборот, и

главниот град е Зборот, „ист сјај и сонцето и солзата имаат“, во неа „сите сме исти / Со сила и право./ И бессилност“... Во нејзината поезија нема експлицитност, дескрипција, одгатки на загатките. Не поради творечка немоќ, туку поради вербата во читателот.

Го препорачувам внимателниот избор со наслов **„Душница“, што го направи д-р Георги Старделов и го проследи со еден инспириран, сестрано аналитичен вовед кој помага да се осознае и доживее големината на поетското писмо на Големата поетеса.**

ПРВИОТ РОМАН И НЕГОВОТО ПРЕСОЗДАВАЊЕ



Творештвото на академик **Славко Јаневски** е големо и разнородно: книги за деца, раскази, романи, поезија, патеписна проза, филмски сценарија, критики, есеи... спакувани меѓу кориците на над 40 томови. Епитетот енциклопедиска личност се однесува на неговото сестрано љубопитство: езотеричните и окултните знаења, астрологијата, алхемијата, пророштвата, халуцинациите, соништата, магијата, оние гранки на кои се држи митот, што влијаело и самиот да создава сопствени митологии. Ги запозна сите континенти, го магепсала Африка, Кенија посебно, заради негибнатата автентичност.

Роден е на 11. јануари 1920 година во Скопје, каде и почина во исто таква округла година 2000, на 20 јануари, крадејќи му на животот само девет дена од деветтата деценија. Покрај со литературна работа се бавел и со општествена: член е на МАНУ од основањето, на ДПМ, на ПЕН, уредник на детски списанија кои во тоа време беа и драгоцена лектира, литературни списанија, уредник во издаваштвото. Бездруго треба да се потенцира грандиозниот романсиерски циклус во 10 томови, со заеднички наслов „Кукулино“, за кого академик Старделов вели дека е синоним на Македонија. „Во својата романсиерска декалогија Јаневски, како и во вкупниот

книжевен опус творечкиот напор го сосредоточи на една централна книжевна идеја – да го осмисли историскиот аџилак на својот народ и да го исцрта неговиот антрополошки, етички и духовен портрет“.

Одлуката да го напише и објави романот, кој ќе го носи историскиот атрибут „прв роман објавен на македонски јазик“ во времето на најригидните постулати на соцреализмот, според кои и уметноста со својата ангажираност требаше да го потпомага „освестувањето на народот во духот на новиот поредок“ - спаѓа во редот на најхрабрите творечки одлуки. Дотолку повеќе што влезе во тема чии собитија се одвиваа во актуелното време. Авторот беше лишен од нужна дистанца а лимитиран во творечката слобода. Историјата, не како научна дисциплина, туку како след на настани поттикнати од искривоколчени идеологии, ќе ја дефинра како „приказна без смисла, таа е насилство врз природниот тек и врз природата сама, човекот е суштество кое безразложно и слепо ги уништува другите суштества околу себе и кое, во помамата на својата поматена свест се уништува и себеси.“

Романот „Село зад седумте јасени“, започнат 1949 година, објавен 1952 година, недвојбено ја потврдува наговата согледба. Го користи црниот хумор „во миговите кога ниту едно друго оружје не може да му помогне за да го спаси интегритетот на својата личност од безмилосните закани на суровиот свет“, укажува В. Урошевиќ. Кога стегите ќе олабават ќе ѝ се врати на темата преку една модерна книжевна постапка, ослободена од хронологија, со микс на времињата, на редот на случките, на реалното и заумното. Јазикот, со кого суверено владееше, разликувајќи ги најфините нијанси на неговото основно и засолнето значење, ја потврди големата творбена моќ. Ќе запише кусо, речи си како да се извинува: ...„јас сакав да прераскажам миг на хибридни чуда, да ги подложам настаните на моите денешни сфаќања за романот.“ Така, 1965. ги објави „Стебла“, пресоздадени од „Јасените“... кои ги остави да ги прекрие „правта на историјата“, истовремено констатирајќи дека „нема веќе прв македонски роман и ниту еден не ќе биде тоа“.

Во двете верзии темата е иста: „доброволната“ колективизација на имотите и стоката, „во еден нерамен триаголник, меѓу три

бучки, секоја со свое име – Пашино, Кметска Колепка, Караула, што лежат на дивиот простор меѓу Огражден и Беласица, во сто и деветте јасенски куќи, од чии сенки брзаат модри врвици, се врзуваат во јазли, се леат во една и пак бегаат во полето, секоја на своја страна. Од Кметска Колепка на чиј рамнотапест врв клечи аџиски набожно црквиче од камен, се гледа во далечина зад султанскиот друм, воденото царство на чапјите: амеби в батак, пијавици во плитка вода, штуки во длабочината на неколкуте окна на калиштето моноспитовско“..

По агитацијата селаните низ својата црношеговита призма го опишуваат ветеното утре. Богојчо Бундаров:„ ...ќе се избришат меѓите, селанската мака ќе стане една и ничија нива, чергите ќе се сошијат една до друга – под таа покривка сите задружно ќе спијат. ...Ќе онадиме туѓи женички“. Мино Муртин, комунист и колебливец пред иднината, плука и го прашува дали сака со тупаници да му ја избрише гнасата од кучешката муцка. „Ѓаволот ги истресуваше џебовите, тие не се празнеа. Врз земјата легна сенка.“ Завладуваше намовнат мрак во кој секој кон секого гледаше со шубе, скршнуваше со погледот настрана, зад себе очекуваше закана и пцост. Моралното деградирање никој не може да го сокрие, на многу деца инакво им беше симсилето, заврзок на нечие туѓо семе. Еден Ерменец, Онисим, беше прогласен за фабрикант за деца. Многумина ја имаа неговата темна боја и неговите црни кадрици. Ништо од сонуваното утре не беше извесно, извесна беше само конечната поразија. Селаните како во најморничавите приказни измислуваа скакулци кои го пустошат полето, го колеа добитокот само да не го дадат во задругата, згромени и згрозени од директивата да живеат без Бога а црквите да се пренаменат во магацини. Луѓето повеќе наликуваа на мртовци на кои од ноздрите едвај им чадеше тенка пароинка, коските чкрипави се држеа само на мездрата. Избезумени, како симнати од сликите на ужасот на Шагал. Народот беше поделен: едни спроти други со едно нејасно промрморено „за“, или уште понејасно „против“, од страв, од неможноста да се препознае помалото зло. Апсурдот стануваше начин на преживување. „Ако треба и во Партија ќе влезам ама своето не го

давам“, ќе рече еден без да ја знае смислата на она што го рекол. Тоа сепак беше една општа траума без оглед кој за која страна се определил.

Власта признава: Диверзиите не смеат да поминат неказнето. Ние можеме да пресудиме и без судење, ноќе, тивко! Апостол Коцев кога сетил угроза на своето во лутина излајал: можам да убијам, да запалам. Непознати запалиле, а туѓоселци убиле, калејќи го својот бес, знаејќи дека Апостол ќе биде виновникот без истрага и однапред осуден. Авторот, преку Ерменецот Галактион, ќе приспомне:

„**Човекот е еден непрекинат отпор дури и во немоќта пред природата. Зошто тогаш да не се верува дека копнежот по победа е дел од победата дури и во поразот?“ И ќе додаде: „Секој човек еднаш е предупреден од самиот себе, однатре. ...И секој народ, и тој по еднаш е опоменат од судбината – ако не ја сфати опомената, готов е, мртов“.**

ЦРНО СЕМЕ

Бог да го брани човештвото од наумите на деструктивниот ум.



Мислата наведена погоре не е цитат, туку моја констатација која не е којзнае каква мудрост, колку што овозможува директен влез во темата. Не сум сретнал здраворазумен човек, кој со таква неподосслива леснотија и без грижа на совест, може да смисли такви скаредни науми како капетанот Костадини Скалумбакис и потпоручникот Маки, команданти на осамениот каменест, нерамен и со скржава вегетација, остров во модриот Егеј, каде без никаква одговорност, срам и зазор го сеат црното семе на злото, го хранат и негуваат за да се зачипчи и да пушти длабоки корени во туѓата почва за навек, да потера црна билка со вечно траење. Ова е најконцизна рецепција на култниот роман „Црно семе“. Авторот, **Ташко Георгиевски**, корифеј на плејадата творци родени отаде границата на Република Македонија, делово го конципира како темелник на циклусот од шест романи: „Црно семе,“ „Змиски ветер,“ „Време за молчење,“ „Рамна земја,“ “Исчезнување,“ заклучно со

“Црна билка“. Секој од нив одделно, бидејќи се самостојни целини, и сите заедно, затоа што тематски, структурно и стилски ја третираат егејската траума, сочинуваат грандиозна епопеја на прогоните и страдањата, кои педесет илјади Македонци претворија во откорнатици и талкачи, без своја родна земја.

Ташко Георгиевски и самиот е еден од нив. **Роден е на 15. март 1935 година во село Кронцелево, Воденско, Егејска Македонија.** Во Скопје студирал на Филолошкиот факултет. Работел во младинскиот весник „Млад борец“ и во списанието „Современост“. Бил уредник во РТС и во издавачките куќи „Мисла“ и „Македонска книга“. Член е на Македонскиот ПЕН центар, на ДПМ од 1957, како и на МАНУ од 1983 година.

Покрај наведениот циклус романи, автор е и на уште четири други романи, три збирки раскази, „Плочата на животот“, (автобиографски белешки), четири сценарија за играни филмови, тв и радио драми. Ги има добиено наградите: „Кочо Рацин,“ „11.Октомври,“ „13. Ноември,“ „Стале Попов,“ „Рациново признание“.

Почина на 13 април 2012 во Скопје.

„Црно семе“, според мое мислење, ја доловува суштината на македонската трагедија, започната во првата половина на 20 век, а конечно запечатена со Граѓанската војна во Грција 1946/49 година. Од вкупниот број „бежанци“ 30 000 се прифатени во Југославија, другите 20 000 во државите на Источна Европа.

Во Бер, Доне Совичанов, од Саракиново, Воденска околија, ендопин (тукашен) Македонец, ќе биде обвинет дека пишува пароли и агитира за пребег кај партизаните. Доне е, речиси, неписмен. „Ајде напиши нешто“! Некако ќе нацрта три различни букви како тројца да ги пишувале. Тоа било доволно да му оформат предмет за воен суд. Во Његуш поминал низ понижувачка тортура за да потпише дека е лојален на кралот и се откажува од комунистите. „Како да потпишам нешто што не сум “, се бранел.

Ги напикале во еден мал брод, го залостиле одозгора, без поширок отвор за дишење, лишени и од голтка вода. Ги носат во „безбедносните баталјони“, всушност во казненички логори. Ако

некој нема претстава за пеколот, на импресивен начин романов ќе му ја оживее таа хорор слика.

Сеедно е: дали Доне Совичанов има свој прототип кој до гроба ќе ја носи својата жива приказна, потис- нувана, а никогаш неистисната. Впечаток е дека Доне е инкарнација на секој тврдокорен Македонец, таков ќосав, без ни едно влакно на главата, на веѓите, на лицето („како гол газ“- вели капетанот) – за да боде очи. Како што секој Македонец е раска во окото на поробувачот. Којзнае дали авторот мислел на таа метафора свесно, но возбудливо е да се мечтае...

Трубата секојдневно, сред пеколното пладне, петнаесет-дваесет пати ги вади пред надsидокот на кој се перчи Скалумбакис, да пеат песни во слава на Грција и кралот. Двајцата потпоручници шетаат меѓу заробените. Маки му приоѓа на Доне: „Ти со лејката, зошто не пушташ глас кога го вртиш јазикот“? „Пеам, господине!“„Ја знаеш песната или пцовки вртиш со јазикот“? „Ништо не вртам со јазикот, господине, само песната“. Но кога Маки ќе си спомене од каде е и кој е Доне, ќе вресне: „Ами зошто пееш кога си од таму? Ти не ја носиш Грција во срцето! Зошто ја пееш оваа света песна“? И посилно ќе му го притисне грлото со стапот со кој ги тепаат. „Господине поручниче, малечко срце имам... што може да се стави во него... носам...“! Грчето Нико посилно ќе ја извика песната, оти со нејзиното секнување, зборовите на Доне ќе прозвучат како чист подбив. Додека го водат зад sидот, Нико гневно ќе рече: „Во оваа мочана Грција ни Гркот не може да биде Грк“. Офицерите, како и на другите млади момчиња, ќе му ја скрнават машката гордост.

Христос, си го носи името што му прилега: висок, слаб, толку стопен што не е јасно како кожата успева да ги задржи коските на место. Питом и грижлив, готов да помогне. На островот ќе се гради црква. Христос станува sидар. Тоа како да му дава некоја сила. Кога градбата ќе приврши пак е тажен. „Што те измачува, мој Христосе“, тивко прашува Доне. Молчи. Една вечер не додржува: „Што ќе стане со нас кога ќе ги набесиме по sидовите сите оние светии, ќе нѐ заштитат ли кога ќе видат што се случува со нас“? Доне знае дека ништо нема да се промени, но не сака да го лиши од секаква надеж.

А каква надеж може да го прикрепи? Додека работел на црквата, не издржал и потпишал. Капетанот го испратил писмото со потписот во селото, до жена му, но за да го добие одговорот побарал да му предаде 1500 живи муви. Не успева, но овој пат му го дава писмото со одговотот на жена му како додатна казна: *таа не му простила, го проколнала.*

Серчанецот, студентот Парис, кој покрај уката на факултетот научил и друга ука: како човекот да се ослободи од јаремот што го стега. Го фрлиле во морето со жива мачка во гаќите. Испливал со мачката во устата откако ѝ го прегризал грклановот. Тој е виновен дури и за тоа што се вика Парис, името било прикладно за кралското семејство, а не за некаква комунистичка банда.

Експресијата е адекватна на здравиот реализам, без идеолошки премиси. Материјата е грозоморна. Затоа Георгиевски е економичен, избегнува пресилни зборови, да не ја заматува сликата со ненужна патетиката.

Црно семе е морничав, автентичен роман, кој треба да се прочита внимателно, сериозно да се промисли, за да се освести националната трагедија.

ПАРАДОКСОТ НА ДИОГЕН

Ако сакаш да бидеш Бог, прво мора да бидеш распнат“.

Неодамна, на една книжевна промоција, отскраја забележав една жена на пристојна возраст, која од тој агол ми заприлега на госпоѓата Тамара Арсовска. Ја загледував дискретно и сфатив дека сличноста е исклучителна, но таа сепак не беше претпоставената личност. Сеедно, од моите дамнешни слики во свеста и потсвеста живо изрона сензација на маж и жена, кои сум ги среќавал често и обврзно во пар. Беа тоа уваженият книжевен творец - **Томе Арсовски** и неговата верна придружничка со која секој чекор од животниот пат – го врвеа буквално заедно. Јас не паметам некаде да сум го видел едниот без другиот. Секогаш, рака под рака, тивки, љубезни, достоинствени. Им се восхитував. Времево ли, изменетите навики, отуѓеност ли, направија ваквата слика да стане реткост. Затоа е возбудлива. Но, веќе го нема драгиот Томе, кој низ дебелите стакла на очилата, луѓето ги гледаше пријателски.

Почина на 22. април 2007 година во Скопје.

Ме вознемири мислата дека сè уште не сум напишал книжевен прилог за него и неговото дело, кој, ако ништо повеќе, ќе биде израз на моето немирење со заборавот на важни творечки личности

Томе Арсовски (23.09.1928 година, Косовска Митровица) поет, раскажувач, романсиер, драмски писател, одговорно се однесуваше кон творештвото за возрасни, а кон децата и младите посебно, како сегашни и идни читатели. Се најави со стихозбирката „Грст смеа“ (1958). Драмата „Александра“, истата година, ја посочи неговата главна творечка преокупација: драмскиот жанр. На едно предавање пред професорите по македонски јазик и литература во средните училишта, кроки го исцрта својот творечки профил: „Јас не сум теоретичар, ниту педагог, ниту режисер, - јас сум писател. Мојот инструмент е зборот, а дијалогот е мојата машина со која го ставам во движење мојот уметнички свет. Драматургијата е мојот дом“. Оттука, разбирливо е дека драмското писмо ќе заземе клучно место во разнородната библиографија: 11 драмски дела, 4 ТВ драми и една ТВ серија, 3 драмски игри за деца и млади. Вкупно, 19 драмски творби. Поетскиот и раскажувачкиот дел вклучуваат: една стихозбирка и 2 поеми, 3 збирки раскази и 3 романи; 2 стихозбирки и 7 романи за помладите.

Високите признанија: „11. Октомври,“ „13. Ноември,“ (за животно дело) „Златно перо,“ „Кочо Рацин,“ „Свети Климент Охридски,“ ги заслужи без „лигави братства“, (М. Кундера) за да искамчи награда. Филолошки факултет заврши во Скопје, повеќе од 30 години работи како драматург во РТС, односно МРТВ. Член е на ДПМ од 1959 година. Бил и негов претседател.

Драмата „Парадоксот на Диоген“, несомнено спаѓа во редот на најдобрите остварувања од овој, според познавачите, најтежок жанр. Таа е поставувана на сцените низ нашата Република, но и на сцените на поранешна Југославија, ивонредно е примена на Стериното позорје, а Бранко Ставрев ја постави и во Братислава, во рамките на меѓународната соработка на МНТ, во делот за реципрочна размена на текстови и режисери. Според востановената пракса, Националниот театар од Словачка ја прикажа таа поставка пред нашата публика, која ги награди уметниците со бурен аплауз.

Не треба да зачудува фактот дека пристапот кон Драмава започнува со изведбите. Драмите, всушност, за тоа и е се пишуваат: да бидат оживеани низ мисловната и сензитивната апаратура

на актерите, да бидат сценски прикажани. Тие се најмалку забава, многу повеќе огледало во кое ќе го видиме одразот на образот и нашите обноски, какви и да се. „Не лути му се на огледалото, ако ти е грдо лицето“! (Н.В.Гоголъ)

Лесно ќе ја откриеме врската меѓу старогрчкиот филозоф Диоген од Синопа (413 - 323 година п.н.е), најдоследниот ученик на Сократовата школа на цинизмот, од една, и Драшко Каровски од друга страна. Диоген, запрепастен од расипништвото на Атињаните, се одрекол од сѐ освен од неопходното: една тога, стап, една чаша од која пиел и едно буре во кое спиел. Од чашата се откажал откако видел како децата пијат со грсти. Згрозен од корупцијата и заговорите во општеството, дење излегувал на плоштадот и со запален фенер го барал Човекот.

Драшко Каровски, штотуку дипломиран инженер архитект во Љубљана, најдобар во класата, вљубен во Борика Корда од Горење, ама не смогнале навреме да го минат прагот на пријателството и да си ја признаат љубовта. Драшко во Скопје се вработува во Заводот за висока градба. Веднаш се видело дека е креативен, работлив, доследен, затоа и почитуван: „нашиот Корбизие“. Борика ќе дојде во Скопје по шест месеци. Драшко веќе е оженет со Даница, девојка од скопската калдрма. И неговите родители и пријателите се против таа врска. Ги отфрла предупредите, зашто верува дека секому може да му се случи несреќа или грешка и има право на втора шанса. Првиот судир со претпоставените ќе избие кога ќе побара стан, да си обезбеди „материјална слобода“ што ќе му овозможи непречено да создава. Околината тоа го разбира како вообразеност и разгаленост. Драшко го условува своето остануање во Заводот со станот. Директорот, за да го задржи, мора да му го даде оној што си го планирал за себе. Сплетките и завидливоста стануваат фолклор. Самиот бара да биде преместен од раководител на проектантското студио – во оператива, да го реализира својот амбициозен проект, хотелот Сплендид, кој во она време кошта фантастични милијарда и триста милиони динари. Се работи денонокно, бетонирањето мора да заврши пред да фати студ, пред зимата. Случувањата околу станот создаваат непријатна ситуација.

Разочаран и дезориентиран, почесто не е на објектот. Една вечер кога не е таму, два столба попуштаат и хотелот се руши. Експертизата утврдува: во проектните документи нема никаква грешка. Причина за несреќата е лошата изведба: искривена арматура и слаб бетон. Тоа нема да го ослободи Драшко од судски процес во кој ќе се буричка низ неговиот живот. Ја признава одговорноста, но не може да се помири дека со хотелот се урна и највозвишеното во него: не го пронајде Човекот. Го загуби занесот, вербата во себе и во другите, посоката: на која страна и да се сврти, гледа луѓе со две лица. Сфаќа дека сѐ се простува, освен успехот.

Драмата нема затворен крај. Чуму? Секој гледач ќе донесе своја пресуда.

У Ч Е Н И К О Т

Овој приказ не успеа докрај да се ослободи од сентиментални наслојки и покрај напорот да бидат изоставени. Поетот **Трајан Мартиноски** ми беше ученик. Првпат кога влегов во неговата училница вниманието ми го привлече едно русокосо момче со немирни очи, се врти, место не го држи. Откако се претставив, со поглед вперен во него го прашав: кој е тој. Јас сум Трајан, рече отсечно, Трајан Мартиноски од село Нерези, додаде. Го знам татко ти, реков. Нестор беше образован човек со темелен карактер, промислен, сталожен. Не можев да го откријам конецот што ги поврзува. Со време, читајќи, научив: „Човекот во себе не ја носи само својата посебност, туку целото човештво, со сите негови потенцијали“...(Гете).

На првата контролна писмана вежба момчето покажа елементарна неписменост: ни точка, ни запирка, ни голема буква, ништо не беше на место. Негдегоде ставал по некој интерпункциски занак одоко, се разбира, без граматичка и мисловна логика. И него и другите не беше добро да ги обесхрабрам. Поправав по нешто и пишував двојка со два минуса, колку основата да не биде единица. Самиот си зедов обврска максимално да се посветам бргу да го санираме она што беше пропуштено. Подоцна, онака на шака, го

прашував: Каков ли поет ќе беше, неписмен? Лесно е, велеше на еден негов особен начин, ќе промовиравме нов книжевен правец, папазјанија.

Семејните корени ги разгрнуваше со бабата Велика, жена со фигура на амазонка и машка решителност. „Таа ме воведе во чудесниот свет на приказните“, заклучуваше. Дедото Мартин на печалба во Персија отишол со надеж дека бргу ќе се врати, а останал *„богтепита.“* Велика ги презела двете улоги: и домаќин и домаќинка. Дури и откако Мартин се вратил одвај со по некое шарено шеќерче за децата, два златни заба во горната вилица и марама во живи бои за жената, работите не се промениле. „Гледам, добро тераш“, беше рекол, „продолжи“! Трајан, внесувајќи се живо во приказната, стануваше тревожен: де ќе седне, де ќе се исправи, трга накај вратата и се враќа, со поглед немирен, искричав. Таму е конецот, помислив... „јас и бубачето имаме иста моќ – да летаме/ Тоа со крилцата/ Јас со душата...А никој да не знаеме/ На која страна од светот/ Ќе си ја пронајдеме татковината“. (Бубаче).

Во посветата на првообјавената поетска книга „Премолчено време“, напиша: „Мојата несреќа е тоа што пишувам поезија. Твојот прекор е тоа што сѐ уште ме кали. Затоа на крајот од песната ќе остане вистината дека јас сум ја напиишал, а ти преболел, драг мој учителу“. Во таквиот контекст, учителот звучеше возвишено и трајно го пригрнав како најинтимно обраќање. Книгата ме потресе. „Само крик што имаат/ До насекаде по светот/ Дури да рие/ Како нож/ Стравината/ Народи / И народи/ Така развиле мечти/ Во смислата/ Не на животот/ Ами/ На смртта“. (Насловната песна).

Ми вели една вечер: „Јордан (Плевнеш) ја спрашти во Париз. „Што ќе прави таму?“ прашувам. „Дење ќе лови светлина, а навечер под мостовите на Сена ќе го студира животот на клошарите“. „Тој така ти рече?“ „Не, ништо не ми рече. Го знам јас него: и него го дуваат недоветни ветришта“. „Светов е суров“, му велам, „нема усет за задоцнет романтизам“! „Имам разбирање, ти си семеен човек“, ми врати. И се исклучи, како на прекинувач. Како да се пресели во друг свет, наврапито. Веќе знаев: го мами бесконечноста што ја открива со духовната дулбија, го вика големата вечна тајна.

Не се видовме околу две недели. Еден ден стасува писмо. Го отворам со трепет. Вадам лист истргнат од тетратка со линии. Реченициите се испишани со ситен ракопис дури и меѓу линиите. Почетокот е типично трајанмартиноски: „Драг мој учителу, те молам уште овојпат пиши двојка со два минуса“. Го имаше маѓосано Париз, не со големите славни градби, со Ајфеловата Кула, со Портата, со Лувр, туку со контрастите: гробиштата, сиромашните квартови, мостовите на Сена чии сводови беа и стреа, и ноќе-валиште, и меана, и песна на бескуќниците. Кога му се роди ќерката ѝ го даде името на реката: „Ќе те прашаат/ зошто се викаш Сена/ А ти ќе речеш/ водата била буица/ во срцето на татка/ ... И за да те разберат/ ќе додадеш/ дека си избила/ со силата на мојот/ Исчезнат збор/ И дека јас заминувам / за ти да доаѓаш/ Во потрага“...

Неговата поезија е минималистичка, со густи значења и силен емотивен набој. Длаби траги во кортексот, уште подлабоки во душата, во срцето. Судбините на Македонците, Палестинците, Баскијците, Ирците.. ги доживуваше лично. Пред себе постави задачи тешки: .... „да избираш смисла/ склад на зборот/ да преболиш болки/ на народи/ да изнајдеш сила/ да можеш да закрепиш/ да одлесниш тежини“...(Поетот). Собра тага немерена за сите народи, попречувани да си стокмат татковина за да се зачуваат себе си.

Роден е на 19. февруари 1951година во село Нерези, Струшко. Починa на 4. мај 1999. во Охрид. Гимназија заврши во Струга, а Филолошки факултет студираше во Скопје. Член е на ДПМ од 1989 година. Автор е на поетските книги: „Премолчено време“, „Дулбија,“ „Голтки“, „Христовиот син“; есеите: „Гробот на Чинго“, „Говорот на цвеќето“, „Писмото на сликата“, „Одговор на писмото“ „Петнаесет пеења за Карванот на цвеќето на мирот“, „Брезоњо“, патепис, „Златен венец на спомените“. Сумарно: еден не многу обемен, но значаен и возбудлив опус. Неодминливо име во современата македонска поезија. Поезија со широк опфат. Од злосторот: „О, царство/ уморено/ во зениците/ на страшната/ слика...Слепа војската/ врви крај тебе/ А ти се претвораш/ во препериче“..., до љубовта и вечниот живот. Која е смислата на Христовото распнување ако ја нема надежта во воскресението?

Некоја јанsа го јадеше дека ќе му снема време за да го дореч е она што го има за велење. Се трошеше во возбудите, не се вардеше туку ги предизвикуваше.

И кога те ранува треба да минеш низ возбудата, да ја спознаеш целосно. Тоа ќе ти помогне да ја облечиш во руба од зборовите кои ќе се надраснат себеси и прецизно ќе го речат она што си го наумил. Ќе ја имаш песната што си ја сонил, си велам јас, а мислам дека го слушам неговиот глас.

*Тегобен јубилеј**

МАКЕДОНИЈА ПРЕД ЕДЕН ВЕК

Зад нас е еден век од завршувањето на Балканските војни и трагичната судба на македонсиот народ, кој живее разделен со внатрешни граници на неделивото живо ткиво на татковинава, спротивно на Божјото и човечко право на слобода и самоопределување. Тоа е најдраматичниот период во македонската историја, а некои соседи ја сметаат за „свој најромантичен дел“. Затоа ќе се обидам најлапидррно, да потсетам на тие крвави настани. Веднаш се најдов пред главното прашање: дали е можно таа трагедија да се сфати без нужен преттекст. Нема каде, сакале или не, ќе мора да се обsрнеме малку поназад.

Балканот како средиште во кое се вкрстувале многу цивилизации од различна провиниенција и интереси, со векови бил невралгична точка. Големите сили: Обединетото Кралство, Австро-Унгарија, Франција, Германија од една страна, и Руската Империја од друга, демнат погоден момент да ги изгонат Османлиите од европска територија. Секако, тие се раководат од сопствените стратешки цели, не од алтруизам.

Русија се решава прва да зададе удар и да диктира услови во своја полза. Затоа 1877 година ѝ објавува војна на Турската Империја, која ќе се пренесе и во наредната година. Турција се надева на помош од големите европски сили, но тие го чекаат исходот. Најпосле, предложено е и склучено примирје во Одрин, по што следи мировниот договор во Сан Стефано. Турција предлага на Македонија и Албанија да им се даде автономија во рамките на Империјата. Албанија е призната како самостојна држава, а пак, за Македонија ни збор.

Санстефанска Бугарија

Русија согласно со своите интереси, ќе исцрта една фрапантна мапа на Бугарското кнежевство. Северната граница се протега по текот на Дунав, освен еден мал дел од северна Добруџа кој ѝ го отстапува на Романија како компензација за Бесарабија, која ја анектира. Потоа навлегува во Србија по должината на Поморавието (без Ниш) но со Врање, дел од Косово, цела Македонија и делови од Албанија во граничниот појас, се спушта во Егејска Македонија без Халкидики и Солун, без еден дел од Тракија кој ѝ го остава на Турција. Денот на кој е потпишан овој договор, 3.март 1878 година, до денес се слави како национален празник на Бугарија.

Големите сили, незадоволни од проширувањето на Русија, бараат ревизија на Санстефанскиот договор, оти на своја рака и во своја полза го решила Источното прашање. Русија е принудена да го прифати ултиматумот, исцрпена е и нема сили за нова војна. Творбата Голема Бугарија, легално не заживува ни еден единствен ден. Од од 13 јуни до 13 јули 1878 во Берлин се одржува Берлинскиот конгрес. На конгресот учествуваат претставници на петте европски сили, плус Отоманската Империја. Балканските претставници биле вклучувани кога се расправало за нивни прашања.

На Конгресот се избришани 18 од 29 членови од Санстефанскиот договор. Сега територијата на Бугарија за трипати е намалена и се протега само северно од Стара Планина до Дунав, другите територии мора да ги врати: поголем дел на Турција, а дел и на балканските држави. **За нас е најважен членот 23**. Со него Македонија практично се конституира како автономна област во своите геополитички и етнички граници во рамките на Турската Империја. На овој начин посредно стана субјект во меѓународните односи и се здоби со признавање како „етнички територијална единица со елементи на своја самобитност и самоуправување“. Регулирани се обврските на Империјата која со реорганизација на управува-њето треба да обезбеди таква автономија како преодно решение.

Веќе на почетокот на идниот век (1908), со Младотурската револуција, со прокламацијата на хуриет (слобода) и еднаквост за сите, расте оптимизмот на македонските револуционерни дејци: Сандански, Поп Арсов, Влахов... дека ќе се оствари вековениот сон. Тие сесрдно ја помагаат Револуцијата не само вербално туку и со воена и пропагандна помош. Но соседите не мируваат. Тие не сакаат да се реформира и да оздрави Империјата, туку да пропадне, а тие да го разграбат пленот. Најнапред ќе започнат подземни сојузувања едни со други и едни против други, грабањето им станува необуздана стрв и страст.

Првата балканска војна започнува на 9. октомври 1912 година, која балканските сојузници ја претставуват како воен конфликт меѓу

Османлиската империја и Балканскзиот сојуз: Бугарија, Србија, Грција и Црна Гора. Извештајот на **Карнегиевата комисија ги открива вистинските причини:** военo – политичкото ослабување на Империјата, теророт над христијанското население, неуспешната борба на Македонската револуционерна организација, спротивните интереси меѓу големите сили и стремежот на балканските држави за завладување со нови територии. Војната завршува под притисок на големите сили со договорот во рамките на Лондонската конференција потпишан на 30. мај 1913 година. А само два дена потоа е склучен грчко-српскиот договор со кој се гарантира заедничката граница во Македонија, и попречување на бугарските стремежи за промена на затекнатата состојба.

Билансот на Првата балканска војна е крвав. Загубите се катастрофални: Бугарија 87.000 мртви, ранети или починати од сиромаштија и заразни болести, Србија 39.000, Грција 29.000. Нема податоци колкав е бројот на македонските жртви. Тие се пресметани во загубите на сојузниците, оти оние кои не биле за на фронт работеле во позадината за снабдување на војските, а останатите биле забрани и однесени во првите борбени редови. Турските загуби не се прецизно утврдени. Тие се движат од 100.000 до 340.000, вклучувајќи ги покрај ранетите и починатите од болести и околу 150.000 заробеници.

Ѓаволот не мирува. Државите на Балканскиот сојуз отпочнуваат нова безумна војна за територии. Македонија им станува кошмарна несоница. Истата година, на 29. јуни, бугарската армија ги напаѓа позициите на Србите и на Грците со што започнува Втората балканска војна. Таа треба да биде конечна пресметка и во неа се вклучени големи човечки (сојузниците 1.330.000 жива сила. Бугарија 500.000) и материјални ресурси. Може да се претпостави жестокоста на судирот. Напорите на големите сили, сепак ќе помогнат воените дејства да завршат за само еден месец. После исцрпувачките борби на Брегалница, на 31 јули е потпишано примирје. Конечните и дотогаш најпогубни одлуки за Македонија ќе ги донесе Букурешкиот договор (10.08.1913). Македонја, целина во рамките на Турското царство, е распарчена: Егејскиот дел со повр-

шина од 34.356 квадратни километри ѝ е доделен на Грција, Вардарскиот со 25.342 квадратни километри на Србија, а Пиринскиот со 6.798 квадратни километри на Бугарија. И пак „ни волкот сит, ни овците на број“. Македонија останува наш непребол!

За темава се користени: македонски, бугарски, српски и хрватски извори. Се држев до фактите кои се неспорни. Извесни емоционални изблици се резултат на мојот карактер и не сум можел да ги сопрам. Македонија не е ни за в кафеана, ни за на митинзи, ни за кавги едни со други. Македонија, како мајка од своите деца, од нас бара паметно дејствување во иста насока. На сите заедно и на секого одделно. Првпат имаме шанса да влијаеме на процесите во полза на нашата иднина.

*Текстов објавен во „Нова Македонија (13.6.2013), само навидум нема врска со книжевните прилози. Тој е историски контекст на многу прикази.

ПОГОВОР

ВОЗБУДЛИВО ПАТУВАЊЕ НИЗ НАЦИОНАЛНАТА ЛИТЕРАТУРА

„Возраста е прашање на умот над материјата и ако на умот не му пречи, не е ни важна“. Марк Твен

Ќе се обидидам да го сублимирам моето неколкугодишно систематско дружење, од месец во месец, со националната литература; од оваа временска дистанца да го согледаме заедно повеќедеценискиот раст и резултат; и како Мисирков да се запрашаме: ***„Шчо напраифме и шчо требит да праиме за однапред“?***

Воведите што ги говорев во Клубот – ги пишував, заради хигиената на мислата. „Пезионер плус“, преку главниот уредник Драги Аргировски, искрено ја прифати идејата да ги ставиме на јавен увид.

Првиот автор кој осамна на неговите страници беше Петре М. Андреевски, творец бележан со божји знак. Неговата поетска збирка „Деницијa“ и романот „Пиреј“ беа и ќе останат коти кон кои ќе стремат многу автори. Но јас не го претставив со „Пиреј“, да речеме, со неговите раскази од „Неверни години“ или пак, со неговата поезија. Се определив за романот „Тунел“: прво, тој е единствениот урбан роман во неговото творештво, за кој и не е пишувано многу, и второ, неговата структура и фабула се поедноставни. Пред себе ги гледав читателите од моето опкружување: родени Скопјани, но и дамнешни дојденци, кои ќе откријат зачудни нешта што им биле непознати. Признавам, ме јадеше јаnsa: како ќе ги прифатат моите прилози оние кои допрва требаше да бидат наведени на една фина

зависност: читањето да им стане потреба. И тогаш и сега мислам дека е подобро да се прочита книга отколку да се влегува во диспут за прашања и процеси на кои не може да се влијае; да се одржува умот во кондиција и со тоа да се одложи стареењето, односно да се прифати како стил на живот Твеновата дефиниција за возраста. Искрено се ежавам, кога ќе прашам некого: како е, што прави и добивам одговор: „Еве, го тепам времето“. А времето е најскапиот ресурс во животот: еднаш дадено и премерено и не можеш да го тепаш, туку тоа ќе те дотепа. Космичкото време е бесконечно како и просторот, човечкото е само мал миг од вечноста. Затоа обврска кон сопствениот живот е секоја секунда да се исполнува со содржина која има смисла. Патем, по тоа и се разликува човекот од останатиот жив свет.

По „Тунел“ следеше културниот роман „Големата вода“од Живко Чинго, автор од голем формат, една ретка творечка дарба. Кога го претставував во Клубот, многу очи беа влажни. Се охрабрив, му додадов на перото малку повеќе слобода и се трудев да не ја фиксирам претпоставената читачка публика, туку да ја зацврснам мислата дека приказите треба се изборат за едно рамниште кое ќе комуницира со сите нивоа на образование и рецепциоиоо искуство. Првичната идеја полека, но сигурно, се надраснуваше себе си. Почна да ми се допаѓа и охрабрува и вербата дека ќе биде добро, дури и ако некоја книга не најде свој читател преку приказот, сепак, и основната информација е полезна.

Оттука натаму почнав да се одлепувам од елементарноста. Реакциите на моите пријатели кои негуваат интимна дружба со книгите, беа охрабрувачки. Во мојот компјутер имам многу мејлови со такви реакции. Сакав некои и да поместам овде, но ми се стори дека може да заличат на манифестација на самобендисаност и суета, особини кон кои негувам искриен презир. Тие никогаш не биле доблест, а во времето на ренесансата се сметале за срамни. Некои се дури и опасни: убавиот Нарцис, од желба подобро да ја види својата убава лика во воденото огледало се принаведнал и се удавил. На брегот остана сал еден жолт цвет со неговото име. Затоа, приопштив само една преписка, која по својот искрен говор

го надминува нивото на пријателска комуникација и е израз на една иста запрашаност што заедно ја делиме (иако од сосем различни позиции: врвен автор и, ајде да речеме без лажна скромност, еден пасиониран, значи напреден читател) за состојбите во нашата литература, нејзиното значење за прашањата кои се актуелни и денес, можеби и повеќе отколку во времето на Преродбата, оти сега имаме држава и нормиран јазик, кој е „нашата целокупна татковина“, како што велеше Конески, или како што вели Радован Павловски: „Јас секогаш се чувствувам како татко и татковина на јазикот. Без моето тело и душа мојот јазик би бил мртов како латинскиот. Јас му давам една поинаква конотација и димензија на мојот израз“. И двете стојалишта се рамносилни, едното не го поништува другото, напротив, само контекстот е различен. Тој јазик, и досега, ја потврди творечката моќ, но останува обврската за перманентна афирмација и доградување низ националната и преведената литература. Тој е најмоќниот аргумент за нашата посебност. Загрижува, меѓутоа, нашата немарност и пежоративниот однос кон книжевноста создавана на оваа почва и овој јазик во еден молскавичен ритам, понекогаш дури и со прескокнување на нужните фази во творечкиот процес, само да се премости пропуштеното.

Сега веќе, време е нашата литература да излезе надвор од малата јазична рамка и да стане споредлива со современите текови во светските книжевности. На тој чин нужно треба да му претходат два процеса: едниот, да се објават на македонски јазик капиталните дела надвор од нашите меѓи, од сите меридијани. Во таа смисла охрабрувачки е проектот на Владата на РМ, да инвестира во избор и објавување на најзначајните дела од светската книжевна оставнина, еден вид антологија на светското литературно творештво. Тимот којшто стручно го модерира проектот на чело со главниот редактор, влева доверба. Исто како и личниот подвиг на Драги Михајловски, кој го преведе целокупното, не само драмско дело, туку и сонетите на Вилјам Шекспир.

Патувањето низ пределите на нашата национална литература, покажа дека имаме дела кои можеме да му ги понудиме на светот без инфериорност. Тие ќе го пополнат нашето место во

светските цивилизациски придобивки, ќе станат дел од нив; а ние ќе се промовираме како реални чинители во културниот свет. Во моментов се прават чат-пат обиди, главно на ниво на лични контакти на авторите. Недостига систем. Стручни аналитичари, теоретичари и критичари – академици, имаме. Време е, со нужната дистанца, да пристапат кон една нова, здрава селекција, да го прочешлаат и прочистат нашиот книжевен простор низ една современата критичка диоптрија. Секој автор и дело треба да си го заземе своето вистинско место според релевантните естетски и етички стандарди. По мое уверување тоа не е работа за писателите оти ќе почнат меѓусебно да се пазарат. Со вредностите ниту треба да се тргува, ниту да се бербатат поради лична суета. Тоа е неинтелигентно и не води никаде, најмалку кон глобалното цивилизациско семејство. Значи, ако стручната елита на еснафот анимира една таква идеја, сигурен сум дека нема да изостане и институционална поддршка. Нашите најдобри дела, (сеедно колкав е нивниот број), бездруго треба да му бидат понудени на светот. Се прашувам, не без доза на тага и резигнација: како ќе се постапеше во некоја култура со традиција, ако се појавеше една грандиозна лирска поема од 22.000 стиха, налик на Антевата „Света песна“, создадена во време на најтешките животни мигови, кога се надмудруваше со смртта да откупи барем толку време колку што му беше неопходно да го напише своето капитално дело. И го напиша! Со помош на МАНУ е издаден само првиот том од околу 1000 страници, вториот никој и не го споменува. Па, да собиравме донации на Камен мост како Илија Џаџев за Циганката со дете во скутот, (види: “Sид што оди“ од И. Емин) досега вториот том ќе го видеше сонцето. Таквото дело, секоја културна средина, со право, го претставува како творечки подвиг од највисок ранг, настан од национален и цивилизациски досег. Спротивно, ние преминуваме молчешкум преку него, како преку нешто секојдневно. Нашата самонегација е трагична. “Cantica sacra” не е бестселер, (најпродавана книга), таа е самата суштина на лирскиот пев, која ги преиспитува и поместува вредносните системи. Во неа треба да се влезе без остаток, за да се сфати дека таа е наша поетска Библија. Само една песна, „If“

(„Ако”) од Радиард Киплинг, на пример, напишана со калиграфско писмо, врамена, во Британија и во светот се продава како амајлија, која обесена на ѕидот предупредува како да се стане и остане човек на Божјиот пат. Тоа е таа сакрална почит кон авторот и делото, кон нацијата што го овозможила и со кое се гордее пред светот.

Ширењето на нашата книжевност вон нашите граници е сериозно и не лесно прашање; не му се од полза избрзан одговор и палијативни решенија, иако секоја иницијатива налага сериозно да биде промислена и на основа на согледбите, анализата на практиките во други средини, втемелена на стручни критериуми, да се осмисли **стратегија за најблагородното освојување на светот – книжевното.** Личните контакти на авторите и натаму треба да бидат живи. Преку Струшките вечери на поезијата можат да се обезбедат одлични врски, но за тоа е потребен сериозен ангажман, зголемување на лекторатите во реномираните универзитетски центри, закупување штандови на саемите на книгата на истакнати места и презентација на најдобрата книжевна продукција. Во тоа не треба да се штеди. Овде ми се чини згодно да се потсети на славната максима на Виктор Иго: ***„Ако пропадне светот, но да се сочуваат Библијата и Хомеровите епови, штетата нема да биде голема”.*** Знае дека новата цивилизација, која ќе се роди, ќе го има најдрагоценото искуство за нов почеток, И нашиот Втор Хомер, Григор Прличев, губењето на духовната слобода го препознава како најголема опасност за идентитетот на народот. Во својата „Автобиографија“ ќе запише: „Духовното ропство под Грците може да има попогубни и потрајни последици од турското ропство, кое иако е долготрајно, по својата природа е времено“. .

Ме радува фактот што неколку млади автори, со раскошна дарба, за издавањето на своите дела склучија договори со странски издавачи, чии агенти ќе се грижат за издавањето и пласманот, за нивните интереси и права. Неодамна, меѓутоа, ме порази податокот дека Јордан Плевнеш, кој зад себе има таков тим во Париз, но и на други места во светот, бил прашан од францускиот биограф: дали е српски автор, зашто во Србија нашол над 300 био-библиографски единици за неговото дело. Тоа е прекрасно, но зошто ние не

негуваме таков однос кон творечкиот чин, ако и не се инсистира на материјалнотото обезвреднување. А тој труд би требало да обезбеди пристоен живот и творечка слобода. Покојниот Милорад Павиќ, во една пригода рече: „Се трудев што помалку да им пречам на своите книги. Сметам дека тие се како рак: живеат од своите метастази и со нив се хранат“. Толку е прецизна оваа парабола: потврда на очигледната вистина оти со ширењето меѓу читателите - книгата закупува скапоцено време од вечноста за себе, за авторот, за нацијата. Имаме ли ние култ кон книгата, кон культурата воопшто, ако коренот на зборот е токму - култ? Културата се негува постојано како нежно билје, лекобилје. За да биде она што треба да е: „поле за културен натпревар меѓу народите“. (Гоце Делчев)

Ако на светот му ги направиме достапни книжевните дела напишани на еден мал јазик, по бројот на народот што го говори, но по творечката носивост рамо до рамо со современите светски јазици, за очекување е дека светот ќе ја разбере нашата душа, нашите вековни страдања да обезбедиме каков-таков опстој на оваа балканска ветрометина, во невидени, неспоредливи околности како ретко кој друг народ. Не знам, дали постојат културни аташеа, културни центри во рамките на нашите дипломатски претставништва, барем во големите светски метрополи, каква е нивниата активност во таа сфера? Се разбира, литературата не е револуција која ќе направи драматични промени. По својата суштина таа е една тивка, но непрекината еволуција, која го менува светот низ секого одделно: го збогатува човечкото искуство, ги открива сите лица на животот и смртта, го сензибилизира човекот. Таа е едно долго и возбудливо патување низ себе до себе, без страв од соочување со својот образ, во двете смисли на тој збор, за да се стане подобар човек. Злоста е опачина на добрината. Човекот нема друг избор освен постојано да се стреми кон победа на доброто.

Зар трошноста на светот и минливоста на животот не се аксиом? Чуму тогаш лакомост, суети, подлости? Во сумерскиот еп „Гилгамеш“, 1.700 години пред новата ера, на 12 глинени плочи, е запишано: „На човекот живот вечен не му е одреден./ Смртта е страшна,/ на секој живот таа цел е. / Зар за вечност куќи градиме? /

Договорите за вечност ли ги запечатуваме?/ Зар човекот во љубовта вечно се насладува? / Зар птиците.... вечно пролетта ја гледаат?/ Зар нивното око довека сонцето го гледа?/ Откако деновите се почнати, ништо не е трајно. /Не личат ли еден на друг/ новороденчето и смртта? /зар двете не се обележани со знаците на смртта?/ Кога чуварот и вратарот душата/ од Подземјето на светлина ја пуштаат /новороденчето сонцето го поздравува,/ тогаш се собираат силните богови.../ Деновите на животот тие ги одредуваат,/ но деновите на смртта не ги бројат". (Препев: М. Ренџов)

Човекот треба сериозно да се задума: ако древните цивилизации, кои мислите свои на плочи глинени ги запишувале за да не ги избриши времето низ вековите, да стасаат тие со своите пораки дури до нас и, се разбира, после нас, ако во меѓувреме не се појават некои нови „талибанци" да ги уништат (!), - ***што правиме ние денес?***

Што очекувам јас од мојот мал напрег? Не сум лесноумен идеалист за да се надевам на чуда. Мојата скромна желба не оди подалеку од тоа да имам среќа: моите размисли да допрат до луѓе способни за подвиг, мал ама значаен, да се придвижат работите. Зар не е време, на пример, да се вратат (или да се покренат нови), некои од згаснатите месечници за литература и култура, во кои ќе се објавуваат сериозни огледи и студии и ќе се вреднува вредното. (Продукцијата се зголемува, просторот каде нешто сериозно ќе се проговори за неа – се смалува!)? Зар не е непријатно чувството што такви списанија излегуваа во неспоредливо поскудни времиња, а сега изумреа како диносаурусите. Не треба никој да се залажува со флоскулата дека живееме во ера на информатичка експанзија каде книгата ја губи битката. Не, информатичката технологија дава брзи одговори. Но и тогаш кога човекот ќе ја совлада таа вештина, ќе биде прикратен за длабоката смисла и мудрост, која може да се најде само во книгите. Неодамна, славниот Умберто Еко постави сериозно прашање: „Дали книгата е загрозена од информатичката наезда"? Мојот одговор е дециден: Не!

Сметам на разбирањето за оваа дигресија, без да засегнам некого, што и инаку не е мој стил; целта е да се придобијат привр-

заници за идеите од општо добро, во кои е содржано и моето, вашето, нивното...добро.

Моите прикази не можеле ни да сонуваат некаква поамбициозна цел. Како што беше истакнато на самиот старт, нивната намена беше практична: да поттикнат нови луѓе на дружење со книгата. Се трудев, на мал, лимитиран простор да ги изнесам осовните животни и творечки податоци за целниот автор, да дадам информации за жанрот, темата, структурата, дискурсот; за времето на настаните: да го препознам клучот што ги отвора златните двери низ кои се влегува во светиот сон. Оттаму, сама по себе, се наметна една опсервација: афирмативна и возбудлива, ако цели да предизвика интерес***.(„Врвниот вид критика се однесува кон делото просто како кон појдовна точка за нова творба“.*** **Оскар Вајлд)** Инаку, лично ја застапувам тезата дека совршенството не е ни Божја, ни човечка, уште помалку творечка категорија. Совршенството по својата природа е стремеж кон кој тежнее секој творец за да го досегне сопствениот зенит. Потаму не се може. Сакам да нагласам дека свесно некои неотпорности останаа недопрени. Определбата на што ќе биде ставен главниот акцент, е лична. Тие одлуки се субјективни, диктирани не од каприц, туку од личните критериуми, општата и книжевна клима. Исто така, изборот на авторите и делата е личен, најголемиот број одамна прочитани, препрочитани сега, значи со освежена претстава за што станува збор. Поновите дела, главно наградени, поминати се низ едно стручно просејување. Според тоа, она што евентуално ќе им се допадне на читателите, треба да го стават на контото на авторите, јас ќе бидам задоволен со трошките од чесната трпеза. Сè друго што ги одбива и нервира го земам на себе и нема со никого да го делам. Фер е, нели?

Односот автор – читател, за мене, е интимен, пријателски, независно дали со авторот се познаваме и лично или само преку неговите дела. Во нив е целото негово битие и само техничко е прашањето дали сме се сретнале во животот. Авторот во своите дела не треба да е во фокусот. Тој е засолнат зад различните ликови, тие ги застапуваат неговите ставови, чувства, страдежи и наде-

жи, морални вредности. Не е добро, според мене, посебно да се наметнува, да ги дообјаснува ликовите, да морализира. Декларативноста е голем непријател на финото ткаење на раскажувањето и неговата уверливост. Ако има амбиција, а треба да има, да создава дела со универзални значења ќе мора да навлезе во сферите на мислењето и чувствувањето преку философски наук, психолошки, антрополошки, архетипски, митолошки, онористички; да ги запознае народните обреди, суеверија, вражби, чинки, народната поетика. Ако и читателот има барем елементарни знаења од нив, ќе го има клучот за подобра комуникација. Пространствата што ќе му се откријат ќе му покажат секакви очудувачки изненадувања. Светот ќе ги разбере уште подобро оти нивната семиотика е универзален јазик. Ако приказната е убаво раскажана без оглед на творечкиот дискурс (што е елементарното ниво), читателот не добива многу доколку не стапне на теренот на долго, осамено мечтаење, во оној негов неприкосновен простор каде оживуваат чудесните светови преку творечкото читање. За мене, тоа е најубавиот и највозбудливиот дел.

Тој пат е обележан од Бога,

На тој пат можеби животот не е полесен, но духовно е побогат. Без него сигурно е - празен. Ако звучи неверојатно, веројатно треба да се приразмисли.

Ја сонуваме Европа. Европа како дом што грижливо ги негува и брани цивилизациските вредности, откако ги одбранала националните**. „Татковината се сака затоа што е твоја, не затоа што е голема“, потсетува Сенека. Или, можеби поблизок ви е Цанкар: „Татковино, ти си како здравје!“ На здравје!**

Авторот

Рецензија

ЛИТЕРАТУРАТА - ОГЛЕДАЛО НА ДУХОТ И СТРАДАЊАТА НА НАРОДОТ

Кога ќе посакаш да напишеш неколку пригодни зборови за една книга чие настанување си го следел од број во број неколку години, и кога таа можност ќе ја добиеш, се чувствуваш среќен и привелигиран. Таков е случајот со книгата **„Чувај го зборот“ од Борис Шуминоски.**

Во неа се поместени прилози од македонската литература кои жанровски може да се подведат под книжевни портрети и литерарни есеи. Таквиот, комбиниран жанр е интересен и читлив.

Шуминоски често беше гневен поради тоа што кон домашната литература се негува(ше) еден нескриен подбив: дека таа литература не е вредна за читање, а ако некој наумил да чита – нека чита странска литература. „И тоа го велат оние кои прочитале најмногу пет-шест наслови од литературите на други јазици, некои ни толку: само ја кријат својата мрзливост зад флоскулата за вредноста на странската литература, која и не ја познаваат. Сигурен сум дека немаат поим, да речеме, за сумерскиот еп „Гилгамеш“, (1700 год. п.н.е.), дискутабилно е познавањето на античката, европската: руската класика пред сè, францускатa, германската, италијанската, шпанската, англо-саксонската, скандинавската, северно и јужноамериканжските литератури. Тоа се тони книги, кои само да се прелистаат е потребен цел еден живот, а камо ли да се прочитаат. Но ако во твојот дух носиш барем мал дел од тој багаж на може е да се најде мерка за твоето богатство“.

Се согласувам со Борис, зашто очевидно е дека ако домашната литература ти останала надвор од интересот многу си закинат, оштетен. Во твојата литература тече времето на твојот народ, робува и крвари народот твој, пустошена е твојата земја, мака си мачел да учиш туѓи јазици наместо оној со кој те задоила мајка ти. И тоа трае. А ти најчесто слушаш од духовни тапоглавци разни пазарџиски приказни кои газат по твоето и колективното достоинство, а ти немаш одговор. Секој те врзува да вршиш на неговото гумно. Ако тргнеш од Црвена вода на Ванчо, од Мариово на Стале, од Пасквелија на Чинго, од Слоештица на Петре, од Кукулино ...полесно ќе се разбереш со Толстој од Јасна Полјана, со Маркез од Макондо, со Кундера, Достоевски, Селинџер, Пастернак и Цветаева, со Умбето Еко, Хемингвеј, Флобер, Крлежа, Андриќ, Селимовиќ... Сите заедно го сочинуваат светското цивилизациско наследсво што им припаѓа на сите народи.

Уште кога немавме ни држава, ни нормиран јазик, ни институции, надарените ги правеа првите невешти, несигурни чекори, свесни дека од некаде некој мора да ја заора нивата за родното семе кое порано или подоцна идните генерации ќе го посејат.

„Чувај го зборот“ всушност е пресек на најдобрите автори и дела од Војната до денес. Тука се вклучени и некои од најбежитите преродбеници, чие пеење го имаат белегот, тонот и ритамот на народното творештво. Нивната појава, покрај сè, е оној здрав 'ркулец, кој со промената на општествените услови, ќе донесе вредни дела кои не се далеку од светските стандарди.

Поаѓајќи од овие начелни стојалишта, вредеше низ еден континуиран напор да се направи еден избор на автори и дела кои се или највисоки точки во творечкиот резултат, или почеток на некоја нова книжевна постапка. Таа идеја на Борис ја прифативме без резерва. И наиде на одличен прием.

Најлошото време за литературата кај нас, и во другите комунистички режими се поклопува со раните повоени години, поради задолжителниот правец познат како социјалистички реализам. Тогаш, на литературата се гледаше како на уште едно моќно средство во освестувањето на народот во духот на новата идеологија“. Се

родија првенчиња од кои подоцна и самите автори се одрекоа. Авторот на првиот македонски роман „Село зад седумте јасени“ се откажа од историскиот атрибут „прв македонски роман“ во името на чистата авторова амбиција:...„јас сакав да прераскажам миг на хибридни чуда, да ги подложам настаните на моите денешни сфаќања за романот.“ Така настанаа „Стебла“ и „првиот роман го прекри правта на историјата“.

Голем беше повикот и по интимистичката лирика, окарактеризирана како „себично лелекање“. Да не зборуваме за појавата на Модерната. Овде ќе наведам еден пасус од приказот за Димитар Солев. Беше втората половина на педесеттите години. Едни упорно го бранеа реализмот, божем после Сталиновата смрт е ослободен од неговите догми и ждановизмот, други пак, надирањето на Модерната од европските простори го нарекуваа....„бледа копија,... експериментирање со западноевропските струења.“ Трети одлучно ја бранеа Модерната, повеќе како книжевен плурализам кој треба да добие шанса да се докаже. Солев напиша: „Социјалистичкото општество кое досега го имаме изградено, не е воопшто некое чудо од совршенство за да не можат да настанат извесни засечки меѓу него и неговите членови. Само општество што ги исцрпело силите за развиток, може да си вообрази дека е идеално за човекот“.

„Измите“ (новите книжевни постапки со покус или подолг век на траење) во историјата на литературата секогаш доаѓаа бучно, некои заживуваа, други ги отфрлаше праксата, но она што е најважно успеваа да го збогатат книжевниот простор. Најдобрите резултати во книжевната постапка дојдоа, всушнот, со помирливоста, без исклучивоста на едните или на другите. Тој простор остана незагаден идеолошки и тоа е најголемата придобивка.

Иако заради разнородноста во весникот, како и одредени пригодни моменти, изборот се чинеше случаен, на крајот секој може да го согледа цврстот концепт: да бидат опфатени авторите од сите краишта на целокупниот простор на Македонија со прикази на разнородни теми од секој дел посебно, зависно од историските услови во кои живеел, страдал и се борел македонскиот народ. Тоа е логичен концепт зашто е дел од македонската траума. Така, на

едно место се најдоа Вапцаров и Прличев, Коле Неделковски, Миладиновци и Рацин; Ташко Георгиевски, Чаповски; Блаже, Радован, Петре, Чинго... Тие го опишуваа она што најдобро го познаваа и низ кое минале: страдањето.

Нормирањето на македонскиот јазик, направи пресуден, продуктивен исчекор во приближувањето до литературите кои се создаваа надвор од нашите граници.

Затоа, ќе повторам уште еднаш, дека книгата на Шуминоски претставува популарно освежување во критичко-есеистичка мисла, а со тоа и привлечно, едукативно четиво за сите возрасти.

Книгата топло ја препорачувам за објавување. Таа сигурно ќе најде свое место во македонската литература. Таа не е голема по обем, колку што е значајна по темите што ги отвора на еден несекојдневен, луциден начин, со раскошнен јазик и стил.

Драги Аргировски

БРАНКО СТАВРЕВ

А П О Т Е О З А Н А З Б О Р О Т

Како еден од редовните проследувачи на рубриката „Прочичитав за вас“, уште одамна знаев дека приказните од малата антологија на Шуминоски се подготвуваат да станат книга, која отсега ќе зазема видно место во секоја семејна библиотека, зашто спаѓа во редот на таканаречените **н а с т о л н и** книги, кои каде и да ги отворите, можете да ги читате како оттаму да почнуваат. Нејзината крајна порака е најавена уште во насловот – **„Чувај го зборот“.** Книгава може да послужи како каталог**,** или како еден вид *слободна енциклопедија,* како појдовна точка од која ќе се тргне на патот по кој ќе се стаса до *величествената ризница во која е сочуван зборот за вечни времиња.*

Изборот Шуминоски го прави од најдаровитите македонски автори, за што сведочи податокот дека сите се преточени и на зборот на речиси сите јазици на светот.

Обидувајќи се да срочам текст за „Чувај го зборот“, најчесто на ум ми доаѓаше еден лик од „Трите сестри“ на Чехов (Чебуткин), кој плаче со солзи затоа што му поминал животот без да чита: „Завчера во Клубот говореа за Шекспир, за Волтер...кои јас не сум ги читал, а правам лице дека сум ги читал“.

Ми паѓаше на ум и „Хамлет“ на Шекспир, чија четиристотинигодишнина од смртта ја чествуваме годинава, заедно со онаа на Сервантес и неговиот „Дон Кихот“. Тие двајца чувари на зборот не се родија во иста, но умреа во иста година, па дури некои тврдат – во ист ден. Хамлет влегува на сцена со книга в рака и на пра-

шањето на Полоној: „Што читате, мој принцу“? - одговара: „Зборови, зборови, зборови“.

Во бесоницата ми влегуваше и великиот Блаже Конески со песната „Зборот“: „Отсекогаш сум мислел за излишноста на зборот, / дека најмалку го трога тој онега што му е упатен -/откаде тогаш таа потреба да се искажуваме со ритам и рима, дури со алитерации? / Тука види ја сега бесмисленоста на земните извори:/ било на ќуќур, било на вода, било на грлен извик. Тоа е порив, и за смисла не прашува.“

Ме прогонуваше и Ацо Шопов, кој покрај зборот ја афирмира и творечката тишина, која е самото битие на поетот, зашто таа го насетува неименливото.

Ме одушеви филозофијата на мајката на Борис, Таса, која советуваше: „Навечер затвори ја вратата, наутро - устата“! На што ли мислеше таа умна жена, се мислев и се премислував. Дали само на утрото, или молчењето се однесува и на моментот кога сонцето е во зенитот, или и на полна месечина?

Или мајчинскиот инстинкт ѝ раѓал страв да не би да ѝ го обвинат синот за вербален деликт ако проговори, да му го загрозат животот, како на нашиот Шишков?

И, се разбира, најмногу ме прогонуваше самиот Шуминоски, кој строгиот и свет совет на мајка си го пресоздаде во песна:

„Упати му благ збор на првиот сончев зрак, / на полниот месечев лик ,/на снеможениот човек, / на расплаканото гладно дете, / на трепетот на sвездите, / на светулките над новото жито и црвените булки, / на разиграните речни брзаци, / на морињата и океаните, / на светилниците кои со своето далечно кандилце демнат да не го загрешиш вистинскиот пат...

- оти ...„зборот е модар како бесконечноста и прозрачен како детска душа. (Некому) можеби му треба смерна молитва, / тивка исповед, опрост, милосрдие Божјо и човечко“.

И на крајот, што би правел да не мислев на дедо Марко Цепенков, чии зборови се како среши: една фати – сите ќе се кренат...

И така: го прочитав за вас „Чувај го зборот“ од Борис Шуминоски.

На едно скришно место во “Чувај го зборот“ цитиран е Оскар Вајлд, кој вели: „Врвниот вид критика се однесува кон делото просто како кон појдовна точка за нова творба.“ Која е **„**новата творба“, ако појдовната точка на Шуминоски била да поттикне нови луѓе на дружење со книгата? „*Се трудев, пишува, на мал, лимитиран простор да ги изнесам основните животни и творечки податоци за целниот автор, да дадам информации за жанрот, темата, структурата, дискурсот; за времето на настаните;* ***да го препознам клучот што ги отвора златните двери низ кои се влегува во светиот сон“...***

Па да влеземе тогаш во **„Ризницата на зборот“**, која зборува и со фотографија на девојка во чија позадина има библиотека со дебели, очигледно енциклопедиски книги; да претпоставиме дека е тоа можеби истата девојка од насловната страна на книгата, која на дланка го држи пред себе сонцето, или барем најмалку еден негов зрак. И во 900 или 1000 збора, колку што му беа ставени на располагање на Шуминоски за секој портрет посебно, да ја откриеме „новата творба !“

Ќе продолжиме дури откога книгата самата темелно ќе ги исрцпи сите свои воведни и завршни содржини: посветата на мајка му Таса, која како мираз му ги донесла приказните од „1001 ноќ “ на татко му Дојчин; посветата на Блаже Конески од кого го зајмува насловот, восхитот од зборот како почеток на Големата креација и темел на Поетиката; наместо предговорот, двете интервјуа на авторот во кои тој зборува за неговото прибежиште во духовното и за решеноста да го одложи стареењето; неговото писмо до еден од учесниците во книгата (Маџунков) на тема: се чита ли кај нас или не се чита; одговорот на академикот, во кој ја изразува загриженоста токму поради отсуството на рецепција, па вели: „*За да не се заборави нешто важно во текот на некоја прошетка, нужно е еден Гете да има свој Екерман покрај себе, кој нема само да го слуша и да му се восхитува на говорникот, туку ќе ја надрасне својата самобендисаност, својата јаловост и својата мрза, ќе седне и ќе*

напише неколку реченици за она што го чул“...

И преку четириесет и четирите портрети, кои се отвораат со Анте Поповски и неговата „Света песна“ и се затвораат со „Ученикот“ и Трајан Мартиноски, да се присетиме на „тегобниот јубилеј“ - „Македонија пред еден век“, инспиративниот поговор за **„возбудливото патување низ националната литература“,** рецензијата на Драги Аргировски, која препорачува текстовите од аглите на „Пензионер плус“ да се соберат во книга, (авто)биографијата на Борис Шуминоски, во која скромно изјавува дека тој не е писател, туку пасиониран, напреден читател, - и благодарноста кон оние кои го родиле и оние кои не успеале да го приумрат, во која духовито ќе го изведе финалето дека „зад секој успешен маж – стои жена, а зад секоја успешна жена стои мигрена и развод“.

Тоа е накусо содржината на „Чувај го зборот“, во кој нѝ се обраќа во еднина со очигледна претензија да биде множина.

Во „Чувај го зборот“ откриваме дека Шуминоски не е читател, ниту е шематски критичар на еден огромен број домашни чувари на зборот, не е ниту портретист на тие вистински родољуби, за разлика од „сојузот на лажните светци“, ниту фотограф на црнобелиот свет на породот на Силјан Штркот, туку п о е т , кој сиот век вешто ја сокривал својата дарба во храмот на Божицата Талија. Тука, во Трепљовата соба со три ѕида, кадешто големите таленти, свештеници на светата уметност, прикажуваат како луѓето јадат, како пијат, како љубат, како одат, како ги носат своите капути, како во навидум тривијалните сцени и реченици да откријат длабока смисла и да извлечат морал полезен во домашниот живот... Тука Борис цел живот настапуваше во една раритетна ролја во театарскиот тим, без кого беше невозможно *да се одржи ниту репетиција на маса, а камо ли да се одигра претстава на сцената...* Пред да пристигнат актерите во театарот, најчесто пеш, со бавен, но сигурен чекор поранува задуманиот Б.Ш. за да направи детална ревизија на сѐ што треба да свети, на сѐ што треба да е музика, шум, аудио или визуелен ефект, на сѐ што треба да се движи. *Или Бекетовски да стои в место за големата магија помеѓу актерот и гледачот да се случи како што оставил Господ.*

Со тој стамен човек, кого го доживував како неофицијален драматург и правобранител на јазикот, водевме жестоки битки да ги придобиеме најдобрите драмски автори за театарот: Томе Арсовски, Живко Чинго, Митко Маџунков, Петре М. Андреевски, Васе Манчев, Венко Андоновски, Коле Чашуле...сите тие присутни се и во неговта Книга за книгите. Во таа свечена антологија, која детски се радува на угоре високите и удолу длабоките дострели на корифеите на зборот, оној македонскиот, нашинскиот, пред да се запати низ белиот свет.

Со „Чувај го зборот“ Шуминоски, фала му на Бога, ја разби тремата и се одважи да ни ја претсави онаа страна на неговата личност за која знаевме малкумина... Еве го сега пред нас не како читател (прочитав за вас), туку како писател (напишав за вас).

„Чувај го зборот“ е како мала мапа - естетски ориентир, благородна, признателна, восхитена и токму затоа важна и потребна **Книга за книгите.**

На друго место во „Чувај го зборот“ цитиран е Роналд Батлер, кој вели :„*Нема ниту конечна, ниту дефинитивна, ниту само една точна интерпретација – секој читател има право на свое индивидуално читање и толкување на поезијата“.* Но,за да „има право“ читателот треба да има и знаење: да се набљудува, треба да се научи да се споредува, а за да се споредува треба веќе да се набљудувало. Со набљудувањето се создава знаење“, говореше фамозниот Бертолд Брехт, кој бараше Маркс да му биде гледач.

Очебијно е дека во работата имало многу работа и дека Борис Шуминоски тоа одлично го знае. Инаку, како ќе се случеше читателот да прерасне во писател?

Востановено е поговорите за книгите да ги пишуваат афирмирани литературни критичари. Меѓутоа, во „Чувај го зборот“ Шуминоски и таа задача ја решава сам, и тоа со енергија која го анулира стереотипот за поимот *пензионер,* се возвишува до големите мајстори на критичката мисла и *поговорот го воздигнува на ниво на* ***манифест,*** во кој минатото ја пророкува сегашноста, но и иднината: *„Ако на светот му ги направиме достапни книжевните*

дела пишувани на еден мал јазик по бројот на народот кој го говори, но по творечката носивост рамо до рамо со современите светски јазици, за очекување е дека светот ќе ја разбере нашата душа, нашите страдања да обезбедиме каков-таков опстој на оваа балканска ветрометина, во невидени, неспоредливи околности, како ретко кој друг народ.“

Бидејќи навикот од старите накити да ги вадиме бисерите, сè уште не нè напуштил, ќе извлечеме неколку, кои „Зборот...“ ќе го претстават како нова творба. Во епитафот за Живко Чинго, ќе му подари *„топла насмевка на првото дете што ќе го пресретне, враќајќи му го преку таа насмевка она што му било одземено на секое дете без родители кога и да е, каде и да е“!* Во записот за Анте Поповски, Шуминоски се прашува себе си: *„Дали само мојот восхит и мојата растреперена душа ја издигаат оваа поема* (Света песна) *до ранг на поетска Библија?!“* Во одата за Ацо Шопов: *„Напорна е врвицата до полната смисла на тоа писмо сочинето од ред зборови светнати, ред тишина, ред љубов, збор на раѓање на лелекање“.* Во песната за Блаже Конески ја изразува вербата дека *„ние и оние по нас побожно, со дланка ќе го завардуваме од странични удари на див ветер – тоа кандилце да пламти вечно со вечен пламен“!* После монологот на Гане Тодоровски, Шуминоски три пати чука во дрво, зашто *„самите се нарековме тоа што сме, / самите в часот зол и ќе се преброиме, / но, пуста таго ле, смев до смев па грев до грев: / одвеќе стоиме! / И ако така уште постоиме, не ќе постоиме“!* Во расказот на Бошко Смаќоски: *„Секој човек, како и да го минал векот, еднаш ќе се најде пред најважното прашање: дали живеев“?* Во документаристичкиот роман на Братислав Ташковски, чија централна личност е актерот, маестро Ристо Шишков, на крајот Шуминоски поентира: „*Папратот расте начичкан стебленце до стебленце, сонцето не може да sирне до земјата и да ја стопли. Тоа е омилено коначиште на змиите.* На дабот, пак, му треба широчина да се разграни и да разлисти за да биде свежест и починка за секој добронамерник. ***Ама го привлекува и вниманието на дрвокрадците, кои ќе се намерачат да го кутнат“.*** Поттикнат од

„Предвесница“ на Михаил Рењов, ќе се запраша: *„Која ли црна магија го заведе човекот во тие синори, по што ли залида непослушниот господар на светот, самоовластениот прекројувач на божјата промисла“?* Мислата на Томас Ман: *„Војната е кукавичко бегање од проблемите на мирот“,* ќе стане мото на „Јадица“ од Владимир Плавевски, истовремено и негова главна поента. За романот на Иван Чаповски ќе констатира: *„Змија жегнува до болка, горчливата тажноина уште долго го скусува здивот и го стега срцето“.* За вкупната поезија на Матеја Матевски, после потрагата по клучот, со извесно олеснување, ќе рече: „Имам една привидна сигурност дека се доближувам на пристојно растојание до самата суштина “...

До четириесет и четирите строги чувари на зборот, Шуминоски се наредува како четириесет и петтиот, со застрашувачко предупредување дека зборот е сѐ полошо чуван, дека веќе е одврзан и како необучен коњ почна да каса, да клоца, да мава, отпуштен е по чаирине и не се знае која луда глава сега ќе го јава.

Токму затоа: ЧУВАЈТЕ ГО ЗБОРОТ!
Додека не истекло сето време.

ДРАГО СТОЈАНОВ

Р Е Т К А К Н И Г А

(Кон збирката „Чувај го зборот“, критичко – есеистички прилози за македонската книжевност од 19. и 20. век од Борис Шуминоски, „Феникс“, Скопје 2015)

Поголемиот дел од членовите на нашиот Клуб беа сведоци на зародишот, раѓањето и созревањето на Книгава за која вечерва разговараме. Ќе се обидам да ги изнесам моите впечатоци онака како што јас сум ги доживеал, без претензии да бидам егзактен или стручен оценувач, оти за тоа не сум ни квалификуван.

Првите еден или два прилога беа поедноставни и содржински и стилски, бидејќи првичната намера беше: на пензионерите, љубители на книгата, да им се препорачаат квалитетни дела од македонката книжевна продукција – поезија, раскази, романи или драмски текстови. Веќе во наредните прилози, охрабрен, почна да го подигнува нивото со стручни и компетентни ставови што мене ми се допаднаа. Тогаш му реков на Борис дека она што го пишува има трајна вредност за македонските читатели и автори и од тие прилози може да се направи добра и корисна книга.

Најнапред ќе се осврнам на тоа како тие прилози беа доживувани од авторите, а второ, што претставуваат тие за читателите. Ќе наведам два примера каков е односот на авторите. При една прошетка со писателот Васе Манчев - тој толку воодушевено зборуваше за последниот прилог што го прочитал („Мајстори на расказот“) од што јас бев пријатно изненаден, дури малку зачуден. На мојата забелешка дека неговите раскази заслужуваат висока оцена, Васе одговори: „Не се работи само за

моите раскази, тој пишува убаво и квалификувано и за другите автори. Човекот прочитал и се потрудил да го сподели своето видување, па го ставил на јавен увид, нешто што во таа форма и на тој начин никој до сега не го направил“. Во тој момент сфатив дека една книга која би ги собрала сите прилози на едно место за да ги спаси од заборав, ќе пополни една празнина во македонската литература.

Вториот пример за односот на авторите кон овие прилози е објавен во Книгата во целост. Станува збор за возвратното писмо на академик Митко Маџунков, на пропратното писмо од Борис во кое му го праќа објавениот прилог за „Птиците од ланските гнезда“. Тој пишува: „Твојата мисија колку и да изгледа метафорична е поважна отколку што се чини на прв поглед....Твоето огласување го доживувам како задуманост за овие тешки и матни ситуации за кои зборувам“. На крајот заклучува: „Твоето писмо.... покажува на кој начин, камче по камче, се ѕида секоја култура, голема како руската и мала како нашата.“

Овие два примера авторитетно покажуваат колкава празнина пополнува книгата на Шуминоски во македонската книжевност и какви позитивни ефекти има и за авторите, уште повеќе за читателите.

Што претставува Книгата за читателите ќе покажам низ сопственото искуство. Имено, по прочитот на прилогот за наградениот „роман на годината“ од продукцијата во 2012 година „Птиците од ланските гнезада“ од Митко Маџунков, веднаш се потрудив да прочитам еден негов роман и збирка раскази. За мене Маџунков е откровение, пред сѐ, благодарение на Борис. Случувањата за кои пишува Маџунков ми се блиски, разбирливи и интересни, а стилот восхитувачки, макар што не сум сигурен дали докрај сум ја сфатил целата симболика и дали го имам „клучот за влез во кижевниот свет на Маџунов“ на кој укажува Борис. Прочитав, исто така, два романа од Јован Стрезоски по препорака на книгата на Шуминоски.

Кога ја читате книгата „Чувај го зборот“, особено поетописот, имате впечаток дека читате авторско литературно дело, поезија во проза, со која се слават поетите, кои оствариле значајни дела и

потрврдуваат дека македонскиот јазик има капацитет да се носи и со најтешките книжевни предизвици. Како што при секое повторно читање на една песна – таа ви се чини поубава, така и при препрочитувањето на прилозите на Борис, постојано откривате нешто ново, а текстот сѐ повеќе ви наликува на чиста поезија, на песна.. Како резултат на тоа повторно имате желба да им се вратите на песните на Конески, Рацин, Шопов, Вапцаров, Прличев, Гане, Ренцов, Светлана Христова Јоциќ...или на „Света песна од Анте Поповски, творештвото на „принцот на метафората“ – Радован Павловски, „восхитувачкиот поет“ – Матеја Матевски...

Шуминоски „нѐ зарази со вирусот на поезијата“, не само преку поетските исписи туку и преку нивната интерпретација. Илустрирајќи го своето предавање за Прличев, Борис го рецитираше наизуст „Сердарот“. Досега не сум сретнал поголем вљубеник во македонската литература од авторот на „Чувај го зборот.“Јас му поверував дека македонската поезија е на рамниште со врвните светски поезии. Јас се уверив дека Конески е еден од челниците меѓу одбраните светските поети од втората половина на 20.век, благодарение не само на исписот на Борис туку и на неговото вдахновено рецитирање на „Болен Дојчин“, „Тешкото“ „„Везилка“, „Губење на силата“, „Стерна“ и други.

Рускиот писател Алексеј Толстој, признава дека тој, за разлика од многу други, пишувал споро, во согласност со своето сфаќање дека *„постојат безброј начини да се опише една состојаба или настан, но само еден од нив претставува уметност“.* Тој стрпливо го барал тој израз. На ова гледиште на уважениот руски творец се сетив кога чув и прочитав како работи Борис на своите прилози. Тогаш Борис ми заприлега на јувелир, кој полека, долго и внимателно, со занес го обработува дијамантот, отстранувајќи ги примесите и глачајќи ги потемните површини за да добие блескав и уникатен рубин. Она што се пишува долго треба да се чита внимателно и концентрирано! Прочитајте некој од неговите исписи, сосредочете се на текстот – се надевам дека ќе го споделите моето доживување.

Во Книгава ќе најдете уште доста интересни и нови работи. Прво, писмото на Борис до Маџунков и неговиот одговор, кои ја надраснуваат пријателската комуникација и стануваат два епистоларни есеја за состојбите на литературата кај нас и за нашиот потценувачки однос кон неа. Второ, трогнува неговото залагање да се објави вториот том од лирската поема „Света песна“ од Анте Поповски.Трето, во книгата пред вас ќе сретнете голем број нови зборови.Тој постојано укажуваше дека „ јазикот онтолошки е отворен систем кој постојано треба да се надоградува. Се разбира, локализмите или зборовите од народното творештво треба да се блиски до јазичната норма за да ги прифати праксата“. Во таа смисла беше си дал задача да предлага некој нов збор, макар да е и само еден, или на зборот ставен во нов контекст да му открие поинакво значење. Тоа доследно го спроведуваше. Некои и сам ги пресоздаваше од постојните облици. Ја афирмира и синтагмата „креативно читање“.

Би завршил со една препорака на поетот Гане Тодоровски, цитирана во прилогот за делото на Вапцаров, кое „треба да е настолна книга во секој македонски дом заедно со Прличев и Рацин“. Јас би додал дека книгата „Чувај го зборот“ од Борис Шуминоски треба секогаш да биде на дофат на раката во секој македонски дом за да нѐ упати кои важни дела од нашата книжевност би требало да бидат прочитани.

БИОГРАФИЈА

Борис Шуминоски е роден на 26. 08. 1942 година во село Луково, Струшко, каде изучил основно училиште, а Учителска школа и Педагошка академија во Битола. На УКИМ студирал Историја на југословенскте книжевности.

Приказните рано влегле во неговиот живот. Дедо му по мајка, бил еден од малкуте писмени. Работел во Софија и научил да „чете“. Ги купил книгите од „1001 ноќ“ и навечер, покрај кандилцето и засилениот оган, им читал на домашните. Мајка му на Борис ги впила приказните и ги донесла во домот на печалбарот Дојчин како мираз. Дојчин, татко му, сирак од 8 години, после четврто одделение работел како калџија со нашите ѕидари во Албанија, навечер им ги миел уморните нозе, оти од него зависело преживувањето на болната мајка и двајцата помали браќа. Оттаму донесол инакви приказни. Кај нив вечерите, покрај сè, биле и радост и училиште. Тие вечери сè уште никој жив од семејството ги нема заборавено.

Во детството и во средношкколските днови Борис пишувал и објавувал песни и куси раскази во пионерскиот и младинскиот печат, во разни алманаси, во „неделните матинеа“ на брановите на Радио

Скопје, покојниот Иван Антонов интерпретирал негови песни, на што Борис бил особено горд оти длабокиот, кадифен глас на Антонов им давал посебна убавина. На крајот од шеесетите години имал готов роман, кој и сега се наоѓа тука некде во некои кутии со стари книги и ракописи. Сега е тешко тематски да се доведе во контекст со актуелново време.

Сите, во него препознавале иден писател, и тоа го радувало. Со таа намера ја напуштил просветната работа после осум години - и дошол во Скопје. Се вработил, меѓутоа, во МНТ - и театарот го освоил веднаш и без остаток, не се ни обидел да се одбрани, напротив, сакал да ја спознае суштината на таа магија и без да знае повеќе вртел страници на книги од други автори, отколку моливот. Неговата прва љубов, или тој. се преобразиле и не сетиле кога згаснала. До ден денес интензивно се дружи со добрата книжевност, а еве, на стари дни, на некој начин проба да види дали макар нешто останало од неговата некогашна дарба.

Биографии, по правило, се пишуваат за личности кои оставиле важна цивилизациска трага во науката, во културата, во уметноста. За писателите и книгите треба да се пишуваат опсежни биографии, сериозни огледи и студии во периодиката која кај нас дише на жабри.

Тој не се доживува себеси како пистаел, туку како пасиониран, напреден читател. А бидејќи и писателите не се писатели без читатели, значи дека и авторите и реципиентите се дел од едно исто, од целото. Аналогно, дел од нивната биографија е и негова биографија.

Побарајте го потамина на која било страница во книгава, ќе го најдете таму, меѓу нив.

Убаво се дружат!

Б Л А Г О Д А Р Н О С Т

Откако авторот ќе ја стави последната точка на штотуку завршената творба, несвесно ќе испушти едно: ух! – како знак на олеснување и ќе ѝ посака долго траење и дружење со читателите. За жал, тука не завршуваат сите маки. Во оваа фаза таа е во претпородилни грчеви. За да ја прекине папочната врвца од авторот, некој ќе треба да ѝ помогне да се осамостои за сопствен живот.

За да му биде покажан на сонцето „Зборот“... мој, непроценлива е помошта на Сојузот на пензионерите на Македонија, на Здружението на пензионерите „Солидарност“ - Аеродром, на нашиот културен амбасодор во Унеско, ректор на Универзитетот за визуелни уметности ЕСРА, господинот Јордан Плевнеш, на издавачот Феникс: менаџрот и неговиот тим. Ве молам, поддржете ме: со искрен аплауз да им се заблагодарам за нивната несебична помош, која со пари не може да се изрзи.

Бог да ги благослови!

Им благодарам на моите драги пријатели кои во секој број на „Пензонер“ најнапред го бараа мојот прилог. Бранко Ставрев, да речеме, уште истиот ден ако не бил спречен со обврски, праќаше мејл со свои чудесни анализи инспирирани од моите. Стануваше читател на читателот. Сонувам тој круг на такви читатели понатаму да се шири, и ако се шири можеби ќе разгрнеме повеќе драгоцени слоеви во многу книжевни дела. И можеби ќе успееме да го откриеме на дното малечкото зрно на вистината. Тоа е чувар на универзалната вистина која светот го прави подобар и поубав. Такви реакции имаше повеќе, но го издвоив Ставрев оти тој цел живот

се бавеше и сè уште се бави со анализи на драмски текстови, и на друга одбрана домашна и светска литература. Така се стасува до она ниво што јас го викам творечко читање и со моето често инсистирање може и да сум претерал. Ме охрабри во таа смисла вдахновеното писмо на академик Митко Маџунков, кој на таа духовна паланца става речиси сè, и тука го гледа, во најголема мера, нашиот опстанок. Во тоа друштво, покрај членовите на Редакцијата и активисти во Клубот, сакам посебно да ги споменам: Јован Мазгански, Драго Стојанов, Марко Коловски, Митко Богданоски и други, кои искрено ги носам во срцето но не можам сите да ги набројам.

Им благодарам на членовите на моето семејство на кои до крај не бев им кажал дека можеби ќе излезе моја книга со книжевните прилози. Ме оставаа спокојно да си ја работам работата и само прашуваа да не ми треба нешто, особено поради мојата специфична здравствена состојба. Во таа најтешка фаза од мојот живот малкумина се јавија да ме прашаат како ми е. Овде сакам да им кажам дека не им се лутам, којзнае во каков костец биле самите. Тие не се мои непријатели, напротив. Немаше за ова да спомнам ништо, ако не ме вџашеше една длабока мисла на Мартин Лутер Кинг Јуниор, која е добро да се запамети: „На крајот нема да се сеќавам на зборовите на моите пријатели, туку на тишината на моите непријатели“. Тој умен човек знаел што зборува...

Посебно и најсрдечно им благодарам на членовите на семејствата на авторите застапени овде, но и на останатите, зашто без нивната поддршка не ќе имавме ваква сериозна домашна литература. Добрите партнери се жртвувале за своите творци. Да бидеме чесни, тоа најчесто биле сопругите.

Ќе потсетам дека сопругата на Лав Николаевич седум пати го има препишано на рака романот „Војна и мир,“ а знаете колку е обемно тоа дело, тоа е како казна без злосторство. Од љубов!

Младата сопруга на Фјодор Михајлович секогаш, и покрај сите непријатности поради предвреме потрошените пари за делата за кои издавачите однапред му плаќале, тврдела дека Фјодор е болен а не порочен и ќе ги исполни своите обврски. Постојано била со него. После неговата смрт (25 години била помлада) напишала две книги за Достоевски и една за живот со него, кого го сметала за нејзина среќа и привилегија. На прашањето зошто не се премажи, одговорила: „После Достоевски за кого да се мажам? За Толстој“?

Приказната за брачните партнери Владимир Владимирович и Вера Јевсејевна е посебна. Двајцата Петрограѓани по потекло од богати семејатва (во домот на Набоков се зборувало англиски и француски, а руски научил со месниот учител), после Октомвриската револуција и абдикацијата на царот Николај II емигрирале во Англија каде студирал француска книжевност; потоа дошле во Берлин, откаде 1937 со појавата на фашизмот се преселиле во Франција, а пред почетокот на војната 1940 година повторно сакале да одат во Лондон, но таму не можел да обезбеди работа на некој Универзитет. Со паричната поддршка на композиторот Сергеј Рахмањинов отпатувале во Њујорк.

Набоков е продуктивен автор: дваесетина романи, стотини поеми, дететици новели, драми, публицистика, книжевни критики, есеи, и стручни трудови за пеперутките. Од тој квантум може да се издвои романот „Дар“ напишан после венчавката со Вера и „Бледиот оган“. Пред „Лолита“...

Во 1947 година ја објавува новелата „Волшебник,“која се смета како скица за романот „Лолита“. Темата е иста: четириесетгодишнници заведуваат малолетни девојчиња. Хумберт Хумберт е на таа возраст и се вљубува во младото, дванаесетгодишно предпубертетско девојче - Лолита.

Од 1953 година на романот работи секој ден по 16 часа. Навечер, нервозен често сакал да го спали ракописот. Но Вера успвала да го одврати! Вистинските проблеми започнуваат кога роромановт бил готов. Издавачите не сакале ни

да чујат. „Ова е чиста порнографија, која ќе го уништи и издавачот и авторот. Во Америка ваква книга не може да се објави без правна дебата, која е однапред загубена.“ Од тој момент Вера стапува на сцена: чукнала на сите врати на пријателите кои би можеле да помогнат. Не успеаала. Најпосле ѝ се јавила на агентката која го застапувала Набоков додека биле во Франција. Таа го прочитала ракописот и го понудила во париската издавачка куќа Олимпија прес, која летото му исплатила на авторот аванс од 400 000 франци и уште 1000 долари да го заборави псевдонимот (В.Сирин) под кој дотогаш објавувал и да го потпише романотт со своето вистинско име и презиме. Моралистите дигнале голема тревога, но романот добил одличани оценки за книжевните вредности.

Истата, 1955 година, „Лолита“ е објавена и во Америка. И станала хит. При карајот на септември се нашла на топ листата на „Њујорк тајмс“ и се задржала шест месеци; ја заменил „Доктор Живаго“ на Пастернак. Според романот се снимени два филма: едниот во режија на Стенли Кјубрик, а вториот, по повод стогодишнината од раѓањето на авторот, во режија на Адриан Лајн.

Конечно: Сите оние кои добро ја познавале брачната двојка Набокови согласни биле во едно: без Вера - Владимир никогаш не би успеал.

Затоа Марија Свеланд, средовечна шведска писателка, парафразирајќи ја позната полушеговивита досетка: кој зад кого стои во еден брак, вели: „Зад секој успешен маж стои жена, а зад секоја успешна жена стои мигрена и развод“.

Ви благодарам за трпението!

СОДРЖИНА

МОЈАТА АКТИВНОСТ – ИМПУЛС

Посвета, Чувај го зборот 7
Наместо предговор.....11
Прибежиште во духовноста, интервју.....13
Одлагање на стареењето, за Клубот.....18
Пропратно писмо до академик Маџунков 22
Одговорот.....25

РИЗНИЦА НА ЗБОРОТ:
(по именски азбучен ред)

Анте Поповски.....33
Света песна
Ацо Шопов 37
Нашиот лирски класик
Блаже Конески 41
Потрага по зборот и откривање на песната
Бошко Смаќоски 45
Облека на душата
Братислав Ташковски.....49
Актерот

Васе Манчев 53
Тажни свечености
Васил Тоциновски.....57
Симбиоза на редок човек, творец и научник, интервју
Влада Урошевиќ 62
Скопски раскази
Владимир Костов 66
Тане
Владимир Плавевски.....70
Јадица
Владо Малески.....74
Она што беше небо
Гане Тодоровски.....78
Вечниот трагач по смислата
Григор Прличев 82
Вториот Хомер
Димитар и Константин Миладиновци 86
Показател на умствениот развиток
Димитар Солев.....90
Зора зад аголот
Димитрија Чуповски 94
Македонија на Македонците
Драги Аргировски.....99
Летопис на животот во третото доба
Живко Чинго 102
Големата вода
Иван Чаповски 106
Змија
Илхами Емин 110
Ѕид што оди
Јован Котески.....114
Високи поетски дострели
Јован Павловски 118
Бездна
Јован Стрезоски 122

Свето проклето
Коле Неделковски 126
Глас од Македонија

Коле Чашуле.....130
Преку црнилата до простумот
Кочо Рацин.....134
Рацин
Крсте Чачански 138
Употреба на човекот
Луан Старова.....142
Времето на козите
Матеја Матевски.....146
Восхитувачки поет
Методија Тошевски 150
Ах, тој немир, таа болка, таа љубов.....
Методија Фотев.....154
Потомците на Кат
Митко Маџунков.....158
Птиците од ланските гнезда
Михаил Ренџов..... ……163
Вошебник на лирскиот пев
Никола Ј. Вапцаров.....167
Македонскиот поет кој го возбуди светот
Петар Т. Бошковски.....171
Поезија, избор
Петре М. Андревски 175
Тунел
Раде Силјан 179
Мајстори на расказот, избор
Радован Павловски.....183
Принцот на метафората
Ристо Јачев.....187
Кукла
Светлана Христова Јоциќ.....191

Големата поетеса

Славко Јаневски 195
Првиот роман и неговото пресоздавање
Ташко Георгиевски..... 199
Црно семе
Томе Арсовски 203
Парадоксот на Диоген
Трајан Мартиноски 207
Ученикот

УШТЕ НЕШТО ПРЕД КРАЈ
***Тегобен јубилеј** 211
Македонија пред еден век
Поговор 216
Возбудливо патување низ
националната литература
Рецензија:
Драги Аргировски 226
Литературата – огледало на духот
и страдањата на народот
Мисклења:
Бранко Ставрев 229
Апотеоза на зборот
Драго Стојанов.....236
Ретка книга
Биографија на авторот.....240

Благодарност 242

CIP – Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека
„Св. Климент Охридски“, Скопје

821.163.3-05“18/19“
821.163.3-4

ШУМИНОСКИ, Борис
Чувај го зборот / Борис Шуминоски, - Скопје:
Феникс, 2015. -242 стр. : илустр. 21 см

Биографија: стр. 231-232

ISBN 978-9989-33-691-1

а) Македонски писатели – 19-20в
CIBISS.MK-ID 99630090

Библиотека Аура

Зборот е темел и граѓа на величественіот свет на Поетиката. Тој е модар како бесконечноста и прозрачен како детска душа, кога има нешто големо и важно и мудро да каже...

* * *

Упати му благ збор на првиот сончев зрак,
на полниот месечев лик, на снеможениот човек,
на расплаканото гладно дете, на трепетот на ѕвездите,
на светулките над новото жито и црвените булки,
на разиграните речни брзаци, на морињата и океаните,
на светилниците кои со своето далечно кандилце
демнат да не го загрешиш вистинскиот пат...

Чувај го зборот – љубов да речеш: среќа да пожелиш,
прстен да дадеш, песна да извиеш,
слободарски и свадбарски бајрак да кренеш.

Љубов да речеш!

ФЕНИКС

978-9989-33-691-1